# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА


# МАГИСТЕРСКА РАБОТА

Тема: Создавање на грчката држава и Велика Британија


Ментор: проф. д-р Далибор Јовановски

Изготвил: Марјан Гијовски


**Република Северна Македонија**

**Скопје 2019**

# С О Д Р Ж И Н А

Вовед ........................................ 1

Глава I
1. Односот на Големите европски држави кон Балканот и грчкото прашање
кон крајот на 18 век и почеток на 19 век ........................................ 5
1.1. Надворешната политика на Велика Британија кон Османлиската империја
после Виенскиот конгрес 1814/1815 до 1821 година ........................................ 30
1.2. Почетокот на грчкото востание во 1821 година и Велика Британија ........................................ 34

Глава II
2. Големите сили и избувнувањето на Грчкото востание ........................................ 38
2.1. Поглед на британската јавност и општество кон Грците ........................................ 44
2.2. Односот на Велика Британија кон грчкото востание 1821-1823 ........................................ 50
2.3. Грчкото востание во дипломатскиот вител на британските и руските
интереси во југоисточна Европа ........................................ 58

Глава III
3. Признавање на грчките востаници како страна во конфликтот 1821 - 1823 ........................................ 64
3.1. Текот на грчкото востание и османлиската интервенција ........................................ 67
3.2. Официјален Лондон го менува ставот кон востанието во Грција ........................................ 69

Глава IV
4. Патот кон независноста на Грција 1826-1830 ........................................ 72
4.1. Британско-руски договор од 1826 ........................................ 74
4.2. Битката кај Наварино ........................................ 76
4.3. Европа и новиот сосед на Османлиите ........................................ 82

Заклучок ........................................ 93

Библиографија ........................................ 96

# ВОВЕД

Грчката борба за независност била една од најзначајните настани во Европа во 19 век затоа што го разнишала установеното статус кво по војните со Наполеон и во одреден степен придонела Османлиската Империја забрзано да слабее. Грците во империјата биле населени на широк простор од азиските делови до Влашко, денешна Романија. Кон крајот на 18 и почетокот на 19 век, идеите на просветителството и Француската револуција сè повеќе продирале меѓу грчките интелектуалци, што било еден клучен фактор за поттикнување на Грчката војна за независност. Иако кога почнала војната во 1821 година три четвртини од членовите на „Филики етерија" (тајното друштво што го повело движењето за независност) биле Грци кои не живееле во Грција. Бунтот на османлискиот вазал Али-паша Јанински во северна Грција од 1820 заклучно со 1822 година бил позитивна околност за Грчкото востание бидејќи османлиската војска била ангажирана во задушување на тој бунт. Во 1821 година избувнало востание во Влашко и Молдавија потоа и на грчка територија, на полуостровот Пелопонез. Во воените дејства посебно се истакнал 50-годишниот командант Теодорос Колокотронис, чија самоувереност се согледува од неговата изјава: „*Ако Велингтон ми даде армија од 40.000, би можел да ги водам, но ако 500 Грци би му биле дадени нему за да ги води, тој не можел да владее со нив ни еден час*"[1].

Грчката војна за независност била една од најварварските дотогаш со извршени злосторства на двете страни, како масовни убиства на турски затвореници, бесењето на патријархот во Константинопол, колежите врз 8.000 турски војници и цивили при заземањето на Триполи и масакрот што го извршиле Османлиите во Мисолонги и на островот Хиос во 1822 година. Дури една четвртина од грчкото население било убиено, а половина одведено како робови. „*Врисоци го исполнуваат воздухот, а улиците беа преполни со мртви тела на стари луѓе, жени и деца. Дури и болните, лудите, глувите биле нечовечно заклани*", забележал еден британски патописец.

[1] Артур Велесли, првиот војвода од Велингтон, бил државник од редот на ториевците и премиер на Велика Британија, кој поради победата над Наполеон во битката кај Ватерло бил сметан за херој во своето време.

Настаните од Хиос донеле пресвртница во ставот на меѓународниот фактор кон грчкото прашање, една година потоа британските власти ги признале Грците како воини, а не како бунтовници. Со право историчарот Дејвид Бруер потврдува дека од тој момент Велика Британија ги презела првите чекори за вклучување во Грчката револуција[2]. Пресвртот на британската и руската дипломатија во решавање на грчкото прашање е засилен со османлиската одлука да насели Египќани на Пелопонез. Со англофранцуско-руската поморска победа на османлиската флота во битката кај Наварино во 1827 година независноста на Грција била загарантирана со што преостанало да се преговара само за територијалниот опфат. Британскиот однос кон отвореното грчко прашање во дипломатска смисла зависел од констелацијата на односи со другите европски земји и претходно воспоставени меѓународни договори. Во таа смисла Велика Британија покажувала соперништво со Русија како најголем конкурент во Средоземното Море и териториите на Османлиската Империја. Интересот на Русија за териториите на Османлиската Империја го промовирала како заштитник на христијаните на Балканот и ова било „правото“ на кое Русија се повикувала во периодот пред избувнување на Грчката војна за независност. Русија достигнала најголеми територијални придобивки токму во периодот на владеење на Екатерина Велика кога настанува т.н. Источно прашање. Рускиот цар Александар I (1777 - 1825) продолжил со континуираното територијално проширување така што во раниот период од своето владеење, користејќи придобивки од Договорот во Тилзит, наредил инвазија на руската војска на дунавските кнежевства. Овие области биле населени со претежно грчко население. Русија своето влијание во подунавските кнежевства го наметнала преку одредбите од Букурешкиот договор додека, пак, на Османлиската Империја ѝ било оставено правото да именува официјални лица кои би раководеле со кнежевствата.

Голема улога во кристализирање на ставот на заштита и помагање на грчката борба на независност имале приврзаниците на филхеленската идеја како и финансиерите и банкарите. Филхеленството под влијание на германски филозофи подразбирало сочувство за современите Грци за кои се сметало дека се директни потомци на Хелените. Филхелените во Велика Британија пропагирале дека тие што

[2] Дејвид Бруер е еден од оние британски историчари кои се спротивставува на веќе утврдените ставови на грчката историографија и дава различни аспекти на гледање на настаните.

ѝ ја дале писменоста на Европа не заслужуваат да страдаат под тиранијата на варварите. Иако некои современи британски истражувачи тврдат дека во Османлиската Империја имало извесна верска толеранција и положбата на Грција ја поистоветуваат со катарите и хугенотите во Франција, католиците во Англија. Тоа што грчките деца можеле да посетуваат училишта се смета за голема предност за развој на грчката нација како и фактот дека на територија на Грција не се воделе војни пред 1821 година освен венецијанскиот упад во 1684 година и нивното протерување во 1715 година. Банкарските британски компании поаѓале од материјални интереси за кои постои мислења дека со суровите заеми што ги давале на грчките привремени власти дополнително ја влошиле положбата во Грција за време на војната.

Британските филхелени кои доаѓале во Грција и се вклучувале во револуцијата се запознавале со реалниот менталитет на Грците и често се разочарувале. Џорџ Финлај е пример на филхелен кој за разлика од многу западноевропски филхелени што се враќале разочарани од Грција, тој го поминал својот живот во Атина. Финлај е автор на Историја на Грција 146 пр. н. е. до 1864 година и важел за почитуван интелектуалец.

Интензитетот на грчката борба за независност ќе продолжи да зависи од позиционирањето на меѓународниот фактор и распоредот на силите. Појавата на „Филики етерија“ во 1814 година како најпозната и најсилна грчка политичка организација, чија основна цел била ослободување на грчките земји се совпаднала со иницијативата на рускиот цар Александар I за создавање на Света алијанса меѓу Русија, Прусија и Австрија на верска основа, која требала да ги афирмира христијанските вредности во насока на обезбедување на мирот низ Европа. Создавањето на ова Алијанса на некакви морални или идеолошки основи било насочено кон задушување на идните востанија. Дел од европските државници, остро реагирале на оваа иницијатива, како британскиот државник Виконт Роберт Стјуарт Каслреј, кој ја оценил како „возвишен мистицизам и неразумност“.

По завршувањето на војните на Наполеон и потпишувањето на Парискиот договор од 1815 година, токму Каслреј бил еден од иницијаторите за одржување конгрес на земјите победнички или Четворната алијанса која ги вклучувала Велика Британија, Австрија, Прусија и Русија. Целта на конгресот *била „да се разгледаат*

*мерките што се сметаат за најздрави за мирот и просперитетот на нациите и за одржувањето на европскиот мир".* Во септември 1818 година се одржал Конгресот во Ахен, град во северна Рајна-Вествалија на кој австрискиот претставник Клеменс фон Метерних ги поставил контурите на европската политика од 1815 до 1830 година. Метерних сметал дека либералниот и радикалниот национализам се опасност за Европа и дека мора да настапи обединување на земјите. Тој истакнал дека покрај меѓусебното разбирање и честите средби на кои ќе се дискутира кои мерки треба да се преземат, требало да се овозможи и интервенции во соседните земји ако биде загрозен поредокот. И покрај случувањата во Грција се настојувало да се задржи статус кво на силите во Европа. Но филелинизмот поттикнат од просветителството и романтизмот силно продирал во европските општества и допринел за избувнување на Грчката револуција во 1821 година. По шестгодишен релативен мир Грчкото востание направило поместување во рамнотежата на моќта меѓу европските земји. Лидерите на големите сили сфатиле дека по револуциите на Иберискиот, Италијанскиот Полуостров особено со навестувањето на Грчкото востание не успеале да го спречат ширењето на либерализмот. Како и да е, грчкиот пример бил поразличен од минатите револуции кои ја зафатиле Европа. Неговата суштина била определена од религиозна и национална компонента коишто многу се разликувале од културата на Османлиската Империја. Токму вмешувањето на големите сили во Грчката војна за независност е одговор кој битно се разликува од нивните интервенции во минатото. Нивната поддршка и помош во финансии биле клучни за успех на Грчката војна за независност. Секоја од големите европски сили имала сопствено различно учество во крајниот исход од решавањето на грчкото прашање на Балканот. Тоа во крајна мера дава целосна претстава за важноста на меѓународниот фактор во остварување на правата на Грците.

**ГЛАВА 1**

## 1. Односот на Големите европски држави кон Балканот и грчкото прашање кон крајот на 18 век и почеток на 19 век

Периодот по седумгодишната војна во Европа (1756 - 1763), која завршила со Парискиот мир се карактеризира со привиден мир и стабилност. Од оваа војна Франција станала изолирана и победена, Австрија и Прусија излегле истоштени, Велика Британија прераснала во доминантна поморска сила, додека пак Русија прераснала во фактор на исток и север. Привидниот мир бил нарушуван од настани со историско значење, како Војната за американската независност во која учествувала Велика Британија и која не се прелеала на европскиот континент, полската криза и големата руско-турска војна кои на Русија ѝ овозможиле огромни територијални придобивки. Политичката ситуација во Европа кон крајот на XVIII се заострила и ескалирала, причините за тоа лежат во Парискиот договор, кој очигледно не донел баланс на силите. Британското господство на море и во колониите ги погодило Шпанија и Франција, германските држави биле вплеткани во политички борби. Русија сè повеќе водела агресивна политика кон Османлиската Империја и Полска. Во такви услови според некои историчари, кога конфликтите завршуваат пренагласено „јасно“, односно кога едната страна добива огромни предности, другата е целосно понижена, доаѓа до нови тензии и конфликти.

Поаѓајќи од овие меѓусебни антагонизми и односи во Европа се формирале т.н. јужен и северен систем на држави кои имале спротивставени интереси. Јужниот систем на држави го сочинувале Шпанија, Франција, Хабсбуршката Империја, Парма, Неапол и Османлиската Империја, северниот систем на држави го сочинувале Русија, Англија, Данска, Полска и Шведска биле пасивни членови како резултат на претходно склучени договори.

Постепено тежиштето на меѓународната политика се преместувало на исток, така што Русија и Хабсбуршката монархија се засилувале и сопственото ширење го гледале на југ од Црното Море, Полска, германските земји и Балканот. Особено што Османлиската Империја била ослабена од внатрешни судири.

Крајот на 60-тите години на XVIII донеле усложнување на руско-турските односи и постепено враќање на позициите и моќта на Франција, што условило Велика Британија сè повеќе да гледа сојузник во Русија на континентот. Двете држави почнале и преговори во 1762 година, кои завршиле безуспешно бидејќи Англичаните гледале со сомнеж кон рускиот експанзионизам кон Османлиската Империја. Дури четири години подоцна Русија и Англија склучуваат еден трговски договор. Судирот на руските и француските интереси во Полска, поточно околу прашањето за тоа кој ќе го заземе полскиот трон довело до тоа француската дипломатија да се ангажира за втурнување во војна на Османлиската Империја со Русија. Османлиите важеле за „стар француски сојузник и руски непријател“. Во прилог на француските напори оделе и изјавените руски воени амбиции за слободно пловење на нивните кораби по Црното Море и создавање на Кримско Ханство[3]. Во Цариград постоела силна вознемиреност од случувањата во Полска и случувањата околу Крим, кој имал исклучиво стратешко значење за империјата. Во септември 1768 година избувнала руско-турска војна, која се заканувала да прерасне во европски конфликт при што Русија остварувала победи во Западна Украина, териториите меѓу Азовското и Црното Море како и обиди за контрола на Влашко и Молдавија. Овој развој на настаните ги вознемирил другите европски држави особено Хабсбуршката Монархија, која во 1771 година склучила тајна конвенција со Османлиската Империја која гарантирала целовитост на последната. Иако во Виена постоеле мислења дека треба да има територијални проширувања на југ кон Балканот, царицата Марија Терезија ги одбила овие предлози.

Руските војски во периодот 1771 - 1774 година под команда на Александар Суворов и руската поморска флота под команда на Александар Глигоријевиќ Орлов постигнале серија победи што довело до потпишување мировен договор на 21 јули 1774 во Ќучук-Кајнарџа, кој донел огромни придобивки за Русија и имал значење за идните случувања на Балканскиот договор. Со одредбите од овој договор Кримското Ханство постигнува независност, Русија добила излез на Црното Море и слободна пловидба по море и трговска пловидба низ Протоците. Една од најважните одредби

---

[3] Полуостровот Крим за Османлиската Империја бил стратешки важен во запирање на руските освојувачки намери кон југ, Fisher, Alan W „The Russian Annexation of the Crimea 1772 - 1783“, Cambridge, 1970.

било правото на Русија „да изгради православна црква во Истанбул и да ги застапува и претставува пред османската власт оние кои служат во неа“.[4]



*Гравура од потпишувањето на мировниот договор во Ќучук-Кајнарџа*

Руската императорка Екатерина Велика на договорот од Ќучук-Кајнарџа гледала како на почеток на руското освојување на Југоисточна Европа и го актуализирала „Источниот план“, кој половина век претходно го предложил маршалот Миних. Европскиот континент кон крајот на 80-тите години на XVIII век бил зафатен од нова криза со редица воени конфликти меѓу европските држави и во текот на летото на 1787 година избувнала нова руско-турска војна во која следната година се вклучила и Австрија. Неколку години претходно Екатерина Велика побарала поддршка од императорот на Светата Римска Империја, Јозеф II Хабсбуршки за остварување на т.н. Грчки проект.[5]

„*…Но ако со божја помош, ми се даде можност да ја ослободам Европа од непријателот на христијанскиот род, Ваше императорско Величество не би ми*

[4] Според д-р Борислав Гаврилов, оваа двосмислена фраза е прв обид на Русија за здобивање право за вмешување во внатрешните работи на Османлиската Империја претставувајќи се како покровител на „православните христијани“. Борислав Гаврилов, Война и мир, Кризи, конфликти и дипломация в Европа (1559-1918)“, Университетско издателство Св. Климент Охридски, София, 2016, 352.

[5] Екатерина Велика во 80-тите години на 18 век предложила проект под име „Грчки проект“ со кој се предвидувало поделба на Османлиската Империја помеѓу Русија и Австрија и возобновување на Византија со престолнина Константинопол. Во тоа царство би требало да бидат вклучени Тракија, Македонија, Северна Грција, Мизија и би било владеено од внукот на Екатерина, Константин Павлович. Франција и Велика Британија остро се спротивставиле на овој предлог.

*откажало помош во враќањето на старата грчка монархија врз урнатините на паднатата варварска власт, која сега сè уште владее, под услов да ја преземе одговорноста за зачувување на така воспоставената монархија независна од мојата*“[6].

Двајцата императори се сложиле заедно да се поддржуваат во случај на војна и постигнале согласност во случај една потписничка да добие нови територии, другата да има право на соодветна компензација. Јозеф II не бил многу воодушевен од „Грчкиот проект“, но Русија му била потребна како сојузник против Прусија. Со договорот на Австрија требало да ѝ припаднат Србија, Босна, Влашко, Истра и Далмација. Во исто време на Балканот дејствувале руски агенти кои се обидувале да поттикнуваат незадоволство меѓу османлиските поданици. Руските претензии биле насочени кон Бесарабија при што побарала да ѝ се овозможи правото да именува господари во Влашко и Молдавија. Како последица на овие барања Велика Британија и Прусија изразиле поддршка на Османлиската Империја да се спротивстави.

Османлиската Империја особено била погодена од губењето на Кримскиот Полуостров кој бил на само два дена пловење од Цариград и побарала веднаш да ѝ биде вратен при што Екатерина го одбила овој ултиматум. На 15 август 1787 година избувнала руско-турска војна, која се водела со полн интензитет при што Русите постигнувале воени победи во јужна Украина, по течението на река Днестар и нанеле тежок пораз на османлиската флота на Црно Море. Руските војски ја зазеле и делтата на Дунав како и цела северна Добруџа. Австриските војски во текот на 1789 година ги освоила Босна и Србија и се подготвувале да го преминат Дунав, при што завладеала вистинска паника во Цариград[7]. Воените успеси кои го постигнувале сојузниците внеле загриженост во европските држави. Во овој период само Франција била незаинтересирана за случувањата на Балканот и Југоисточна Европа. Велика Британија со голема загриженост ги следела овие настани и остро протестирала бидејќи постоело опасност од „нарушување на рамнотежата на силите во Европа“.

---

[6] Писмо од Екатерина Велика до императорот на Света Римска Империја Јозеф II Хабсбуршки, септември 1782.
[7] Leften Stavrijanos „Balkan posle 1453“, Beograd, 2005, 185.

Прусија стравувала од зајакнувањето на Русија и Австрија и тоа придонело да се склучи сојуз меѓу Прусија, Холандија Велика Британија и Шведска со цел да го врати мирот во Европа и да иницираат преговори. Употребата на сила не ја исклучиле доколку тоа биде неопходно. Во меѓувреме починал Јосиф II и бил наследен Леополд II, кој сметал дека војната со Османлиската Империја треба да запре и да се нормализираат односите со Прусија. Во 1791 година бил потпишан Свиштовскиот мировен договор со кој значително се намалил притисокот врз Цариград. Руската царица Катерина се нашла во многу неповолна ситуација бидејќи Русија морала сама да војува со Османлиската Империја и Шведска и дипломатски да се справува со новоформираниот сојуз предводен од Велика Британија. Катерина постигнала договор со шведскиот крал Густав III во 1790 година и со сите воени сили повторно завојувала со Османлиите. Во тој период Грците ја помагале руската офанзива така што организирале побуни во планинските региони на Грција, а изведувале и гусарски акции против османлиската флота во Егејското Море. Катерина ги отфрлала предупредувањата од Тројниот сојуз за воените акции нагласувајќи дека мир е можен само доколку Русија ги добие териториите до реката Днестар. За време на оваа војна помеѓу Русија и Османлиската Империја, руско-британските односи добиваат нов тек кој ќе продолжи и во 19 век во судир на империјалистичките интереси. Британскиот премиер Вилијам Пит сметал дека руските територијални проширувања и агресивност ги попречуваат британските интереси и пристапил кон зајакнување на поморските воени сили [8]. Јавното мислење во земјата сè уште не било подготвено за влошување на односите со Русија поради силните трговски врски и тоа го попречило Вилијам Пит посериозно да се спротивстави на руската политика кон Османлиската Империја. Тие околности ги искористила Катерина и успеала да ги задржи сите територии до реката Днестар со договорот од Јаши потпишан 9 јануари 1792 година[9]. Во регионот на Црното Море на Русија и била призната анексијата на Крим со што во текот на целиот 19 век ќе претставува закана за Османлиската Империја и фактор во случувањата на Балканот.

---

[8] Вилијам Пит Помладиот (1759 - 1806) бил британски премиер во два мандати. Во 1791 година упатил ултиматум до Русија да ги врати сите завладеани територии од Османлиската Империја освен Крим. Премиерот немал поддршка ниту од сопствениот кабинет во намерите за заострување на односите со Русија.

[9] Leften Stavrijanos „Balkan posle 1453“, Beograd, 2005, 186.

Големиот план на Катерина Велика не се реализирал за поделба на Балканот затоа што Русија не нашла траен сојузник по тоа прашање.

Крајот на 18 век и почетокот на 19 век донеле крупни промени на европскиот континент. Избувнувањето на Француската буржоаска револуција и поделбата на Полска помеѓу соседите за кратко време овозможиле мир за Османлиската Империја, која се надевала дека револуцијата ќе донесе конфликт меѓу европските држави[10]. Британските дипломатски лица во Цариград во овој период известувале дека Високата порта се соочува со сериозни предизвици на внатрешна дезинтеграција од локални паши и управници на провинции. Дипломатот Н. Драмонд во еден извештај до лордот Хоксбери вели дека во пропаста на Османлиската Империја, другите сили гледаат свое зголемување: *„За да се оневозможи оваа империја да стане плен на амбициозните потфати на Франција, не може а да не остане и натаму главен предмет на британската политика. Сегашната слабост на отоманската сила, сосем природно, го тера султанот да воспостави пријателство со Велика Британија како најцврста безбедност против махинациите на неговите отворени и тајни непријатели“*[11]. Драмонд предлагал Велика Британија да им помогне на Османлиите да го задржат Египет каде што во тек биле бунтови на египетските паши, за возврат да ги добие Александрија и Росета како бази на британската војска. Дипломатот повикувал што поитно да ѝ се даде помош на Османлиската Империја бидејќи Французите подготвувале воен напад на Египет и Мореа.

Во јануари 1804 година, Форин офисот му дал упатство на новоименуваниот генерален конзул за Албанија и Мореа, Џон Мориер, итно да се состане со претставниците на османлиската власт во тие области и да навалува да се подготват за спротивставување на француски воени напади. Британската воена морнарица ги следела движењата на француските бродови и можното пренесување оружје за можна инвазија во Мореа или Албанија. Покрај тоа Мориер бил задолжен да ги

---

[10] Во дневникот кој го водел секретарот на Селим III било забележано: „Дај боже превратот во Франција да се рашири како болест меѓу непријателите на Царството, да ги фрли во долготраен меѓусебен судир...“, B.Lewis: „The impact of the French Revolution on Turkey“, Journal of World History, 119.

[11] Христо Андонов-Полјански, Британски документи за историјата на македонскиот народ, том I (1797 - 1839), Скопје, 1968, 16-17.

убеди властите дека мора сами да ја организираат одбраната. Тоа и се случило, но настаните кои следувале ја вовлекле и Империјата, односно крајните западни грчки територии, Јонските Острови[12].

Јонските Острови, кои биле со доминантно грчко население, минувале низ одвоен историски тек од другиот дел на континентална и островска Грција. Овие грчки острови биле под венецијанската управа сè до 1797 година кога со Кампоформискиот договор ѝ припаднале на Франција. Сè до 1815 година, власта над нив се менувала зависно од односите на Османлиската Империја со големите европски сили. Како резултат на османлиското сојузништво со Велика Британија и Франција, во 1798 година почнала руската управа со Јонските Острови сè до 1807 година. Истата година Османлиската Империја почнала војна со довчерашните сојузници и сè поизвесно дека во овој период нема јасен концепт во надворешната политика. Франција повторно управувала со Јонските Острови до одржувањето на Виенскиот конгрес кога преминуваат под британска управа.

Поаѓајќи од таквите историски околности, Грците од Јонските Острови живееле во поинакви општествени односи. Венеција ѝ дозволувала на грчката аристократија извесна самостојност во владеењето на островите, за возврат барала лојалност. Преку свои претставници Венеција го контролирала однесувањето на државните службеници. Јонското општество било значително раслоено и во тој дел најмногу се почувствувале промените со воспоставувањето на француската управа под влијание на француската револуционерна идеологија. Биле воведени крупни реформи како реорганизација на судството, отворање нови училишта, укинување на феудализмот, демократски промени во начинот на владеење. Сите овие промени влијаеле на статусот на аристократијата на островите.

Со освојувањето на Египет од страна на Наполеон и отпочнување на војна помеѓу Османлиската Империја и Франција, во овој дел на Медитеранот битно ќе се

---

[12] Јонските Острови претставуваат седум поголеми острови, и тоа: Крв, Паксос, Лефкада, Итака, Кефалонија, Закинтос и Китира. Во октомври 1809 година Британците ја поразиле француската флота кај Закинтос, подоцна ги освоиле Кефалонија, Китира, Закинтос, Лефкада, во 1810 бил освоен островот Лефкада, во 1814 година и островот Крф. Со Парискиот договор од 1815 година островите биле организирани во „Република на седумте Јонски Острови“ под британска заштита. Британците вовеле модерен систем на образование и правосудство, воспоставиле патна инфраструктура, британскиот начин на живот влијаел и врз животните навики на грчкото население, Tertius T.C Kendrick, The Jonian Islands, London, 1822, 106.

изменат состојбите. По неуспешниот поход на Египет таму власта ќе ја зацврстил османлискиот вазал Мехмед Али, кој ги освоил Крит, Русија ги добила Јонските Острови и подунавските кнежевства. Потпаѓањето на овие територии под руска управа, Русија ги добила затоа што воено ја помогнала Османлиската Империја со Франција. Во корист на руските амбиции било и антифранцуското расположение на островите под влијание на православната црква и аристократијата. Британците преку дипломатската мрежа го следеле воспоставувањето на руската управа, при што имало извештаи дека Русите повторно ги враќаат привилегиите на аристократијата. Во почетокот на 19 век се случило голем настан во историјата на Грците кој дал државотворен поттик во периодот кој следува. Русија и Османлиската Империја се согласиле Јонските Острови да се организираат во „Република на седумте острови“.[13]



*Островот Крф, крајот на 18 век*

Новата грчка држава се конституирала преку обиди за усвојување Устав кој требало да ги задоволи аристократите со „олигархиски карактеристики на

[13] Со договорот од Цариград склучен помеѓу Русија и Османлиската Империја се создала „Републиката на седумте острови“ како прва грчка автономна држава која требала да му плаќа годишен данок на султанот како нејзин суверен. Содржината на уставот требало да биде договорена и одобрена од потписничките на договорот. Каподистријас бил еден од креаторите на „Византискиот устав“ со кој предвидувало државното уредување да биде аристократска федерална република. Високата порта го признала уставот во ноември 1801 година. Велика Британија се приклучила како страна на Цариградскиот договор во јануари 1801 година. Moshonas Nikolaos, The Jonian islands in period 1797 - 1821, 394.

венецијанскиот режим“[14].

Во меѓувреме во Европа настанале битни промени кои повторно ќе влијаат на статусот на Јонските Острови и на Балканот. Наполеон ѝ нанел пораз на руската војска, која ја помагала Прусија во војната против Франција. Во јули 1807 година Наполеон и рускиот цар Александар I Романов го потпишале Тилзитскиот мир со кој се обврзале да си помагаат меѓусебно. Одредбите од мирот предвидувале враќање на Јонските Острови под француска управа како и Котор во Црна Гора и отпочнување на поморска војна помеѓу Русија и Велика Британија. Само два од вкупно седум Јонски Острови останале под француска управа сè до 1814 година, односно до пропаста на Наполеоновото царство.

Меѓународната положба на Османлиската Империја се усложнила со избувнувањето на Првото српско востание при што Србите се обратиле за помош и до Австрија и до Русија. Австрија се залагала за брзо смирување на востанието затоа што била исцрпена од војните со Наполеон додека пак Русија водела дипломатска игра. Во исто време вршела притисок врз Цариград да склучи договор со востаниците кои, пак, ги поддржувала со извесна финансиска помош. Велика Британија уште на почетокот имала негативен став кон српското востание не сакајќи да дојде до зближување меѓу Франција и Османлиската Империја, кое неминовно ќе се случи во 1806 и 1807 година.

Наполеон го нудел она што најмногу ги интересирало Османлиите - северното крајбрежје на Црно Море. За возврат требало да им се прекратат дадените привилегии на Русите, да праќаат воени бродови низ Протоците и слободно да минуваат како и да се мешаат во изборот на кнезови во подунавските кнежевства. Султанот Селим III одлучил да ја прифати понудата на Наполеон и ги прекршил порано склучените договори со Русија. Јонските Острови повторно биле ставени под француска управа, Босфорот и Дарданелите биле затворени за руски воени бродови. До официјално склучување на сојуз со Франција никогаш не дошло, а овие чекори на султанот ќе испровоцираат британска реакција. Британски поморски сили се упатиле кон Цариград со кои заповедал вицеадмиралот сер и успеал да го загрози градот.

[14] Локалниот британски конзул од Закинтос известувал дека руската управа ги фаворизирала благородниците во организирање на власта на Јонските Острови со што доаѓало до бунтување на пониските слоеви, Foresti lord Nelson, 3 october 1799. Foreign Office 348/2.

Дипломатскиот претставник на Велика Британија, Чарлс Арбатнот, во Цариград нетактично ги водел преговорите со Портата при што Османлиите успеале со француска помош да ги зајакнат утврдувањата на море. Британците биле принудени да се повлечат и со тоа воената интервенција била неуспешна.

Во меѓувреме Русија се подготвувала да отвори широк фронт кој требало да протега од дунавските кнежевства па сè до Јонските Острови. За таа цел ѝ било потребно сојузништвото од востанатите Срби за чија наклонетост се бореле и Русите и Османлиите. Српскиот водач Караѓорѓе одлучил да склучи договор со Русија според кој во тврдините требало да бидат стационирани руски војски во кои за разни цели биле вклучени српските одреди. Султанот Селим III возвратил така што ги мобилизирал моќните паши кои извршиле напад на Јонските Острови, Србија и дунавските кнежевства. Селим III набрзо бил симнат од власт во Цариград, а во јули бил склучен Тилзитскиот мир меѓу Франција и Русија и Османлиите морале сами да се справуваат. Во време на потпишувањето на Тилзитскиот договор и во периодот потоа рускиот император Александар I настојувал да се поделат териториите кои ги владеела Османлиската Империја. Наполеон не ги одобрувал руските амбиции особено идејата Русија да го окупира Цариград. Тој на договорот гледал како на можност на ограничување на Велика Британија и се обидел да ги наговори Русите заеднички да преземат поход кон Индија со која владеела Велика Британија[15]. За возврат француските и руските војски да дејствуваат заеднички на Балканскиот Полуостров и да напредуваат кон Босфор. Отворено било прашањето како меѓусебно би ги поделиле Протоците, Босфорот и Дарданелите.

Во октомври 1808 година, во Ерфурт бил обновен договорот од Тилзит според кој во една од одредбите стоело дека *„дунавските кнежевства Влашка и Молдавија се препуштаат на Русија“*. Британската дипломатија стравувала дека Високата порта ќе ги изгуби европските територии како резултат на руско-француските напори и презела чекори за да ги придобие одметнатите паши на своја страна.

[15] Со Берлинскиот декрет од ноември 1806 година, Наполеон се обидувал да ја уништи трговски и економски Велика Британија со блокада на сите пристаништа од „Брест до Елба“. Во таков контекст може да се разгледуваат предлозите на Наполеон до Русија, времето покажало дека тоа било неефикасен метод на војување, Paul W. Schroeder, The Transformation of European Politics 1763 - 1848 (1994), 305-310.

Така во октомври 1807 година британскиот дипломат во Цариград, Артур Пеџет, побарал од капетанот на кралски брод, Лик да го посети Али-паша од Јанина и да му предочи дека се ближи крајот на Османлиската Империја:

„*...да дознаете за намерите на тој паша, каков курс ќе заземе во моментот кога отоманската влада ќе биде принудена да се повлече од Цариград во своите азиски граници. Ако откриете дека Али-паша има желба и можност да ја зачува својата независност, ќе треба да го убедите во готовноста на Неговото Величество да го поткрепи во неговите напори и да му даде таква помош каква што му е нему потребна...* “[16] Договорот ја вознемирил и Австрија бидејќи со него руските граници допираат до Дунав и започнала дипломатски да дејствува на помирување помеѓу Велика Британија и Османлиите. Овие австриски напори кулминирале со потпишување на „Договорот за Дарданелите“ во јануари 1809 година, кој предвидувал забрана за минување на воени бродови во време на мир низ Протоците, при што Велика Британија се обврзала да го почитува договорот. Британскиот дипломат кој ги водел преговорите, Роберт Адлер, известувал дека во империјата владее вистинска анархија со постојани нереди и бунтови од јаничарите. Во тоа време повторно отпочнала руско-турска војна за подунавските кнежевства во која Османлиите давале отпор. Во прилог им одело и влошувањето на односите меѓу Франција и Русија во тоа време кое Велика Британија веднаш гледала да го искористи. Британскиот амбасадор Стратфорд Канинг веднаш презел иницијатива и посредувал во контакт помеѓу рускиот цар и султанот затоа што Русија веќе стравувала од освојувачките планови на Наполеон, а Османлиската Империја била истоштена[17]. Наполеон направил обид да го попречи зближувањето со големи ветувања за територијални придобивки за Цариград. Сепак, во 1812 година бил потпишан Букурешкиот мир според кој Русија ја добива покраината Бесарабија и се откажала од Влашко и Молдавија и Србите добиле извесна автономија и амнестија.

Од потпишувањето на Букурешкиот договор до 1815 година, Балканот не бил во интересот на големите европски сили бидејќи во Европа се случувале крупни

---

[16] Христо Андонов Пољански, Британски документи за историја на македонскиот народ, том I, (1797 - 1839), Скопје, 1968, 51.

[17] Стратфорд Канинг првпат допатувал во Цариград во 1808 година, како вешт искусен дипломат имал огромна улога во склучувањето на Букурешкиот мировен договор.

настани кои се однесувале на нив. Во преден план тоа било Наполеоновиот поход на Русија, војната за ослободување на Германија и одржувањето на Виенскиот конгрес на кој не се дискутирало за Балканот. Со одлуките донесени на Конгресот, Јонските Острови требало да бидат организирани во „Обединети држави на Јонските Острови“.

Военото присуство на големите сили на Балканот во последните години од 18 век и првата деценија од 19 век имало големо влијание врз балканските народи вклучувајќи ги и Грците. Во време на првата француска управа на Јонските Острови, Наполеон дејствувал пропагандно врз грчкото население така што издал наредба да му се укажува за славното античко минато во сите прогласи. Идеите на Француската револуција силно го разбудиле револуционерниот дух на овдешните народи за што сведочи Теодор Колокотронис, кој служел во британската управа на Јонските Острови[18]. Значајно е стапувањето на Грците во редот на француската, руската и британската војска. Британскиот офицер сер Ричард Черч оформил и „Полк на грчка лесна пешадија“ со регрути од цела Грција. Черч бил голем филхелен и во своите регрути гледал идни водачи на војната за независност. Почетокот на 19 век означил нова ера во балканската историја позната како „ера на национализмот“. Карактеристично за овој период било понатамошното слабеење на Османлиската Империја од низа внатрешни и надворешни фактори. Балканските владеења биле значително загрозени од преостанатите европски сили. Па така, Јонските Острови по Наполеон биле под британска управа, подунавските кнежевства имале автономен статус во кои Русија имала право да интервенира во заштита на правата на христијанското население. Во Црна Гора, високите планински предели на Албанија и Грција централната власт не била присутна, а во белградскиот пашалак започнало споменатото Прво српско востание, кое ќе заврши со стекнување автономија. Централната власт била загрозена и од одметнатите паши Али-паша Јанински и Осман Пазван-Оглу, кои имале огромни придобивки. Еден британски патописец кој

[18] Теодорос Колокотронис (1770-1843) бил истакнат генерал и водач на Грчката војна за независност. Во 1806 година пребегал на Закинтос каде што започнал да служи во британските воени сили. Во една пригода Колокотронис го истакнал следново: „Според моето убедување, Француската револуција и делата на Наполеон му ги отворија очите на светот, народите не знаеја ништо порано, а луѓето мислеа дека кралевите се богови на земјата... преку оваа промена сега потешко се владее“ Charles Jelavich, Barbara Jelavich, Esseys on the development of Balkan life and politics since the eighteenth century: Leften Stavrijanos, The influence of the West on the Balkans, 1963, 195.

го посетил Видин како престолнина на Пазван-Оглу известува дека многу сиромашни семејства од Влашко и Молдавија пребегнувале на негова територија барајќи спас од грчките даночници. Британскиот пратеник А. Нил во своето дело „*Патувања низ некои делови од Германија, Полска, Молдавија и Турција*“ истакнал: „*тој меѓутоа заведе совршен мир и обезбеди лична и имотна сигурност на својата територија, чии жители, Грци и Турци се побогати, посреќни и позадоволни отколку во кој било друг дел на Европска Турција.*“[19]

Во такви услови на чести преврати на престолот во Цариград како и судири на централната власт со јаничарите кои се одметнале и обиди за реформи започнало да се развива националното будење кај балканските народи. Тоа е особено важен процес кој понатаму резултирал со создавање национални држави на Балканскиот Полуостров. Кај Грците како и кај другите балкански народи севкупното живеење било претставено преку Православната црква. Со развојот на трговијата и занаетчиството, промените во управниот и теократскиот систем како и сè почестите контакти со европските центри довело до јакнење на националните тенденции кај овдешните народи. Националната преродба кај Грците предничела во однос на другите народи. Пред сè поради грчкиот карактер која го имала Цариградската патријаршија како црква на балканските народи и поради дејствувањето на грчките интелектуалци кои се образувале во западните земји. Таму тие се среќавале со сознанијата за славното античко минато на Грција што им наложувало мотивираност за отфрлање на инородната османлиска власт. Меѓутоа, помеѓу балканските народи не постоело организирано дејствување или заедничка револуција против Османлиската Империја. Најпрво поради тоа што националното будење настанало во различни периоди и со различен интензитет кај Грците, Србите, Бугарите како и постоењето на нетрпеливост помеѓу Грците и словенското население. Цариградската патријаршија која имала јурисдикција врз словенските народи во црквите и училиштата го вовела грчкиот јазик и самиот свештенички клир бил од грчко потекло. Така Патријаршијата била поистоветена со грчката народност и оттука е разбирливо антигрчкото чувство. Иако и грчките националисти се побуниле против културната доминација на црквата која била анационална. Словените имале голем

---

[19] V. Hamilton to lord Hoksbery, 6 may 1803, J.W Baggally, Ali Pasha and Great Britain, London, 1936, 78-88.

презир кон Грците и од економски причини знаејќи дека Грци во голема мера се занимавале со лихварство и како закупци на даноци.

Во грчкото општество постоела и една класа наречена „коџобашии“, која не била заинтересирана за револуција бидејќи уживала привилегии дадени од османлиските власти. Англичанецот В. Гел, кој престојувал во Грција, во своето дело *„Расказ за патувањето во Мореа*“ запишал дека ја слушнал изреката *„земјата ја притискаат три клетви попови, коџабашии и Турци“,* а лордот Бротон патувајќи низ Грција во 1810 година подвлекол дека востание кај Грците е неизводливо без странска интервенција поради однесувањето на привилегираните класи и свештенството. Сето ова покажува дека раѓањето и развојот на балканскиот, односно грчкиот национализам биле повеќеслоен сложен процес.

Значаен фактор ако не и пресуден во создавањето на национални држави на Балканот во 19 век е вмешувањето на големите европски сили, секоја поаѓајќи од сопствените интереси. Нивните меѓусебни односи влијаеле и на текот на историјата на балканските христијански народи посебно во ставот кон Османлиската Империја. Од Карловачкиот мир склучен 1699 година, па сè до 1918 година, Европа била преокупирана со „Источното прашање“[20].

Од досега приложеното видовме дека Русија и Австрија во целиот 18 век биле најзаинтересирани сили за Балканскиот Полуостров, односно имале придобивки од падот на моќта на Османлиската Империја. Велика Британија била преокупирана во војните со Франција притоа не сакала да ги нарушува добрите трговски врски со Русија. Британците ја ползувале руската дрвна граѓа за бродоградба откако ги изгубиле американските колонии и имале пристап до персискиот пазар преку Русија. Поради таквите економски интереси Велика Британија водела пасивна надворешна политика кон Балканот сè до почетокот на 19 век. Трговските односи меѓу двете земји се промениле при што Велика Британија го намалила увозот од Русија и започнала да увезува дрво од териториите кои биле во рамки на империјата.

---

[20] Крајот на 18 век донел стратешки натпревар помеѓу европските држави во однос на сѐ послабата Османлиска Империја на економски и политички план. Источното прашање како глобален процес во тој период поттикнало етно-религионален национализам во османлиските провинции каде што била слаба централната власт. Судирот на различните интереси на европските држави кон иднината на Османлиската Империја ќе има огромно влијание врз текот на грчкото движење за државност.

Францускoто соперништво во областа на трговијата стагнирало по революционерните промени, британската Левантска компанија се раширила на Блискиот Исток. Индустриската револуција во Англија дала голем поттик на британската политичка моќ затоа што светските пазари биле преплавени со памучни производи. До 1816 година британскиот извоз во Османлиската Империја изнесувал дури 256.802 фунти.

Руско-британските односи се влошиле по пропаста на Наполеон дури во британската јавност се јавувале натписи и цели книги кои предупредувале на руската опасност по државните интереси во Индија, Турција и Персија. Османлиите сè повеќе биле сметани за поволен партнер што допринело за водење една протурска политика. Британското Министерство за надворешни работи со особено внимание ги следело руските планови на Блискиот Исток како и желбата за контрола на Протоците, кое сега ги загрозувало економските интереси на империјата. Зачувувањето на Османлиската Империја било главна политика на Британците во цел 19 век спротивно на другите заинтересирани држави: Австрија, Русија и Франција. Русија истакнувала дека нема намера да отстапи од тоа се грижи за православните христијани на Балканот како нивна покровителка онака како што Австрија и Франција биле заштитнички на католичките христијани. Таквите спротивставени ставови ги навестувале меѓусебните конфронтирања и дипломатски игри во наредниот период.

Францускaта надворешна политика настојувала да има сојузник во Османлиите против Австрија, во време пак на владеењето на Наполеон Франција го изгубила влијанието кое го имала во Цариград поради недоследноста. Во 1815 година, Франција била европска држава со најмалку значајни позиции во случувањата на Блискиот Исток. Австрија водела двојна политика кон Османлиската Империја, во неа гледала бедем против руското ширење во Југоисточна Европа и ослабен противник од кого треба да се приграбат територии. Во периодот околу 1815 година Австрија со добивањето на Далмација станала доминантна сила во западниот дел на Балканот. Овие четири сили најмногу ќе учествуваат во одредувањето на судбината на народите на Балканот во целиот 19 век.

Историски факт е дека грчките земји станале интересни за големите европски сили пред сè поради стратешката местоположба во јужниот дел на

Балканскиот Полуостров, кој веќе бил во агендата на нивните геополитички и економски интереси.

Притоа нужно е да се разгледаат причините за настанување на Грчката револуција, односно статусот на Грците во Османлиската Империја како и нивното ниво на културен и општествен развој. Интензитетот на развој на стремежите за сопствена држава придонело да се привлече вниманието на големите сили и нивно вплеткување во грчкото прашање. Востанието кое ќе биде кренато во 1820 година ќе има трајни последици и за Балканот и за Европа во целост. Една од причините за таквото влијание на текот на Грчката револуција е тоа што многу Грци биле дел од османлискиот управен и дипломатски апарат, вршеле одговорни функции. Како што веќе напоменавме, Цариградската патријаршија беше грчка црковна институција под која потпаѓаа балканските христијани. Под неа биле сите образовни и културни институции. Така, грчките црковни лица и службеници имале голема моќ и влијание уште во текот на 18 век, особено со Османлиската Империја била принудена да води активна дипломатија со своите соседи. Во долгите дипломатски мировни преговори ѝ биле потребни лица кои ги познавале странските јазици, во овој случај тоа биле Грците кои одамна имале контакт со европските центри. Постепено, Грците наречени „фанариоти“ ги заземале функциите толкувач-велик драгоман и секретар во дипломатијата и драгоман на морската флота[21]. Грчките трговци кој постепено станале главни снабдувачи на дворот на султанот имале големи познавања за менталитетот во западните европски земји како и нивното обичајно право и јазиците. Така, тие станале исклучително потребни на османлиските власти и постепено напредувале во службата. Почнувајќи од 1716 година, фанариоти биле намесници на султанот во подунавските кнежевства кои му плаќале данок, а тој признавал полна автономија. Со учеството во османлиската бирократија и Цариградската патријаршија на добри позиции, фанариотите се стекнале со влијателна општествена положба и сигурност. Арнолд Тојнби ги нарекол уште „постари партнери во османлиското претпријатие“[22].

---

[21] Фанар е кварт во северозападниот дел на Цариград во кој се наоѓа седиштето на цариградскиот патријарх од 1601 година. Во овој кварт живееле трговци, свештени лица кои станале многу успешни луѓе во империјата.

[22] За грчко-османлиските подоцна грчко-турските односи од повеќе аспекти пишувал и познатиот британски историчар, филозоф и професор на Кралскиот колеџ во Лондон Арнолд Тојби (1889-1975).

Преостанатиот најброен дел од грчкото население биле селани кои во крајот на 18 и почетокот на 19 век сè повеќе биле обременувани со даноци поради војните кои биле водени. Корупцијата и самоволието на локалните моќници дополнително ја влошувале нивната положба со наметнување со нови давачки. Населението било погодено и од падот на трговијата поради војните со Австрија и Венеција, бран на иселувања во прекуморските земји се случил кога Пелопонез бил разурнат во војните со Венеција. Со текот на времето особено во почетокот на 19 век се појавило националното будење и кај грчките селани под влијание на внатрешни и надворешни фактори. Односите помеѓу грчките фанариоти и грчкото селанство биле затегнати и покрај тоа чувството кај Грците за национална преродба ќе доведе до војната за независност.

Војните кои се воделе помеѓу големите европски сили влијаеле на развојот на зајакнување на грчкото стопанство. Британско-француските војни во 18 век го попречиле дејствувањето на нивните трговци во Солун, Патрас и други градови во Османлиската Империја. Тоа вешто го користеле грчките трговци да започнат извоз на суровини во Европа и да увезуваат мануфактурни производи кои дотогаш ги увезувале западноевропските трговци. Виена, Венеција, Букурешт станале центри на заедници од грчки трговци. Француската револуција и новите британско-француски војни водени по неа дополнително ја стимулирале преродбата на грчкото стопанство. И двете земји останале без трговска флота и се јавила потреба за изградба на нови бродови за превоз на суровини. Грчките трговци и морнари ја пробивале Наполеоновата континентална блокада и се пробивале до француските и шпанските пристаништа, доставата на мануфактурни и колонијални производи ја вршеле и со карвани по сувоземен пат.

Француската трговија на Истокот била потисната од грчките трговци чија позиција била зацврстена, како што известувале во тоа време еден британски претставник: ...„*тие сега се во можност да ги истиснат франачките трговци од грчките саеми, да преземат голем дел од внатрешната поморска трговија на Турција, и најпосле да стекнат многу голема улога во размена на жито, масло,*

„Западното прашање во Грција и Турција - студија за контакт на цивилизациите“ од 1922 година е темелна анализа од дипломатски, филозофски и стопански карактер во која Тојби дава значајни податоци.

*свила и други производи од Грција за мануфактурни добра и колонијални производи од европските нации“.*

Оваа преродба на грчкото стопанство ќе придонесе за создавање политички сили кои ќе бидат носители на Грчката револуција. Тоа било т.н. „средна класа“ која постоела и во грчките земји и во дијаспората и покажувала голем интерес за состојбите во Грција. Д-р Хенри Холанд во 1812 година патувал низ Грција и поминувал многу време со грчките трговци и увидел дека дел од грчките трговски фамилии заминуваат во странство, а дел остануваат во Турција и преку нив оди размената на производи. Интересно е како што самиот напоменува дека ограноците заедно дејствуваат и на полето на културата, како заклучок од она што го видел во гратчето Јанина: „*Книжевноста на ова место е тесно поврзана со неговото трговско дејствување и од него е зависна. Богатството кое го стекнале многу жители им овозможува сами да следат такви интереси или да ги поттикнуваат. Нивните врски со Германија и Италија, и честите престои во тие земји, придонесуваат за зацврстување на тие навики, а истовремено им даваат подлога за книжевен напредок, која би им недостигала во сопствената земја“.*[23]

Грците кои живееле во европските метрополи се восхитувале од раскошот на градовите, владеењето на законите и почитувањето на правата, нешто што го немало во теократското Османлиско Царство. Споредбата помеѓу беззаконието и несигурноста во Османлиската Империја и редот во европските земји придонело да созрее идејата за отфрлање на османлиската власт. Националната преродба била исто така поттикната и од идеите на Француската револуција кои во балкански контекст особено биле силни во Грција.

Од редот на Грците кои имале можност да живеат во Европа, да ги прифатат културолошките вредности и да учествуваат во духовната преродба на грчкиот свет, бил истакнатиот просветител Адамантиос Кораис[24]. Неговата улога во создавање литературен јазик со кои би се отстраниле сите пречки во комуникацијата помеѓу

---

[23] H.Holand, Travels in the Ionian Isles, Albania, Thessaly, Macedonia during the Years 1812 and 1813, London, 1815, 151.

[24] Адамантиос Кораис (1748 - 1833) е еден од најпознатите грчки интелектуалци кој живеел во Амстердам, студирал англиски, француски, холандски јазик, ги познавал старогрчкиот и латинскиот јазик. Завршил студии по медицина во Монпеље. Во Париз превел триесет тома од антички грчки автори и станал еден од првите грчки филолози. Под влијание на Француската револуција, Кораис поттикнувал имотни Грци да отвораат библиотеки и училишта низ цела Грција.

сите Грци била огромна. Кораис се зафатил и со превод на дела од античкиот период, кои служеле и за пропагандни цели. Антонио Кириазис или попознат во историографијата како Рига од Фера бил типичен револуционер кој претходно служел на фанариотските кнезови и имал можност да патува низ Европа и да совладува јазици. Бил приврзаник на националните идеологии кои се развивале во последните децении од 18 век, учествувал во организирање конспиративни организации. Во 1798 година бил погубен од османлиските власти откако бил предаден од страна на Австријците при неговиот престој во Виена и премин на границата.



*Адамантиос Кораис*



*Антонио Кириазис*

Во првите децении од 19 век кога се создавале предусловите за избувнување на Грчката револуција, во грчкиот свет имало различни слоеви со свој став кон евентуалното отфрлање на османлиската власт. Тоа се должело на интересите кои ги имале и кои би биле засегнати на еден или друг начин. Новата средна класа составена од бродоградители биле претпазливи кон тие идеи затоа што биле свесни дека може многу да изгубат, таков случај бил и со големите земјопоседници од Пелопонез.

Потребата од имот била главен мотив кај селанството да ги поддржи подготовките за револуција. Селаните, православни Грци биле најмасовен слој во грчкото општество кои несразмерно поседувале земјишен имот во однос на далеку помалобројното турско население на Пелопонез. Трговците и интелектуалците поаѓајќи од економски интереси, безбедноста на трговските врски и идеолошки

причини биле најзаинтересирани за ослободување од туѓата власт и создавање сопствена држава.

Големите земјопоседници или локалните моќници „коџабашии“ уживале многу привилегии, како самоуправувањето. Тие ги сочинувале претставничките тела кои имале широки надлежности во собирањето даноци, можеле и директно да контактираат со султанот. Својот имот и моќ го должеле на османлиската власт. Од тие причини овие првенци биле резервирани кон отпочнување воени акции освен ако не биле сигурни дека зад нив ќе застане некоја голема сила. Фанариотите биле во слична ситуација како големите земјопоседници, при избувнувањето на Грчката револуција во нивните редови настанале поделби. Некои од нив останале лојални на Цариград но поголемиот дел се придружил на своите сонародници. Православната црква бил најдалечна од револуционерните организации и идеи затоа што стравувала дека просветителството ќе го урне целиот црковен систем. Повисоките структури во црквата биле загрижени и за „духовната основа на балканските православни народи“, тоа не било случај со нижото свештенство кое имало разбирање за верниците и било дел од револуцијата. И покрај наведените состојби и поделби во грчкиот свет, Грците во разгледуваниот период биле подготвени за сопствено ослободување. Според Лефтен Ставријанос нивната бројка пред избувнување на Грчкото востание била околу 3 милиони, понатаму имале оспособена трговска морнарица како и доброволци од војните кои ги воделе големите сили. Грците поучени од збиднувањата во минатиот век, стекнале самодоверба во сопствените можности и верувале дека можат да си ја извојуваат независноста.

„*Во последните години, Грците набљудувани во својата распространетост како нација, остваруваат напредок во поглед на бројот на жители, во трговијата, образованието и книжевноста; а посебно се чини во поглед на онаа самоувереност која е нужен чекор кон нивното идно ослободување*“[25].

Значајно е да се разгледа политичката ситуација во Европа по пропаста на Наполеон и одлуките кои ќе ги донесат големите сили. Контекстот на меѓународните односи битно ќе влијае и врз решавањето на грчкото прашање кое

[25] H.Holand, Travels in the Ionian Isles, Albania, Thessaly, Macedonia during the Years 1812 and 1813, London, 1815, 530.

било сè поизвесно. Летото 1814 година, Виена се подготвувала да биде град домаќин на одржувањето на Конгрес на сите европски монарси, во градот пристигнувале делегации од корпорации, градови, банки, религиозни институции, претставници на аристократски семејства.

Австрискиот министер за надворешни работи во една пригода изјавил: „*Вчера цела Европа се собра во мојата канцеларија*“. Конгресот имал за цел да воспостави мир во Европа по војните кои се воделе две децении. Кризата која траела предолго и која го урнала стариот систем на баланс на силите воспоставен уште со Вестфалските договори од 1648 година наметнувала потреба од нов систем.

За таквата идеја прв се залага рускиот цар Александар I во едно свое писмо до англискиот премиер Вилијам Пит[26]. Во 1805 година кога Русија и Прусија склучиле договор, Александар I успеал да издејствува и клаузула за свикување на еден Конгрес кој ќе предложи мерки за мир. Политичката ситуација во Европа била значително изменета со одлуките на Виенскиот конгрес пред сè во уредувањето на односите помеѓу државите, исцртувањето на границите и определувањето на влијанието на државите учеснички во столетието што следува. Официјално конгресот почнал со работа на 1 октомври 1814 година и траел сè до 9 јуни 1815 година. Русија била претставена од императорот Александар I, Австрија од искусниот и вешт министер за надворешни работи, Клеменес фон Метерних, Франција од Талејран, претставник на францускиот крал, Велика Британија пак била претставувана од Стјуарт, познат уште како лорд Каслреј[27].

„Европски концерт“ бил наречен новиот систем кој бил прифатен на Конгресот, а кој подразбирал продолжување на рамнотежа на силите во Европа и исклучување на секаква можност да се случи нова револуција во Франција или во која било друга земја. Конгресот одлучил да се прифати принципот на легитимизам, односно на легитимни династии и територијални компензации. Многу династии биле вратени на престолите, Австрија ги добила териториите на Венецијанската

---

[26] Борислав Гаврилов, Война и мир, Кризи и дипломация в Европа (1559 - 1918), Университетско издателство „Свети Климент Охридски“, София, 2016, 410.

[27] Роберт Стјуарт, Вискоунт Каслреј (1769 - 1822) како секретар за надворешни работи предложил систем на заедничко обезбедување на мирот во Европа кој бил искористен и за надминување на грчката криза. По 10 години постоење тој систем пропаднал поради големи разлики помеѓу Русија, Велика Британија и Австрија и поради немањето поддршка во британската јавност, Henry Kissinger, A World Restored: Metternih, Castlereagh and Problems of Peace 1812-1882, 76.

република како и Ломбардија, била создадена нова Германска конфедерација, Прусија добила нови територии. Со таквото кроење на европската мапа се настојувало да се изолира Франција, иако сè поизвесно било дека Русија и Англија се новите соперници. И двете земји се стремеле за проширување на териториите како и за политичко влијание во и надвор од Европа.

Во 1815 година бил создаден и Четворниот сојуз помеѓу Русија, Австрија, Прусија како монархии и Велика Британија како парламентарна демократија. Рускиот император Александар I веднаш се пројавил како најважна фигура во сојузот од кого требало да зависи новиот поредок во Европа. Неговите идеи за нови христијански сојузи ја одвратиле Велика Британија од учество во овој сојуз која пак со одлука на Виенскиот конгрес ги добила Јонските Острови кои биле од големо стратешко значење. Конгресот донел мир во Европа наредните 40 години, со обид да се реконструира политичката карта. Учесниците на Конгресот не ги предвиделе новите струи и идеологии кои се развивале, либералите и револуционерите биле сметани за непријатели. Со таквиот став, внатре во самите држави се појавил нов дух на бунтовност поттикнат од влијанието на Француската револуција чии идеи сè уште биле многу силни. Нацијата како политичка заедница и национализмот кој ќе ја смени основата на Европа се придобивките од револуцијата кои ќе поттикнат и ќе ги забрзаат процесите на државотворност на Балканот, односно на Грција.

Ставот на големите сили за одржување статус кво во европската политика бил спротивен на револуционерните пројави кај Грците. Поаѓајќи од свои интереси, го поддржувале султанот како легитимен суверен на Грците и биле против секаков вид на отпор. Официјалната политика на европските држави не била секогаш во согласност со расположениеto во општеството, интелектуалците или други интересни кругови. Во таков контекст треба да се одбележи филхеленското движење кое значително ќе влијае врз Грчката војна за независност и врз политиките на државниците[28]. Големите сили ги разочарале очекувањата на грчките интелектуалци

[28] Филхеленизам или „приврзаност кон грчката култура“ од грчкиот збор φίλος philos (вљубеник) и ἑλληνισμός hellênismos (грчки) било движење на интелектуалци кое вклучувало видни европски интелектуалци чија борба било независност на Грција од Османлиската Империја. Познати филхелени биле Шели, лорд Бајрон, Џереми Бентам и други. Дел од нив ја помагале грчката револуција со материјални средства, еден дел учествувал во воените дејства. Кај некои уметници

и заговорници за ослободување. Тие се свртеле кон идејата за стекнување независност со сопствени сили што за тој период било речиси невозможно. Османлиската Империја била сѐ уште моќна и можела брзо да се справи со какви било воени потфати. Сепак, додека траел Виенскиот конгрес, се појавила една грчка организација наречена „Филики етерија“ во Одеса, на која ѝ претходеле други организации во грчката дијаспора. Како Елинофонски хотел во Париз (1809), Грчко-данско литературно друштво во Букурешт (1810 - 1811), Друштво на пријателите на музите во Атина (1812) кои не биле толку распространети како „Филики етерија“. Емануил Ксантос од островот Патмос и двајцата епирци Николаос Скуфос од Арта и Атанасиос Цакалов од Јанина ја основале организацијата која според спомените на Ксантос во организациска смисла *„се угледувало на слободното масонство“.* Грците од дијаспората се покажале поспособни за организирање националноослободителни движења отколку од оние кои живееле во Грција. Тие имале можност поцелосно да ги следат состојбите во грчкото општество и тоа го користеле за да ги придобијат грчките интелектуалци. Кон „Филики етерија“ се придружувале и руски конзули по потекло Грци како и еден генерал во руската војска, Александар Ипсилантис. Нејзините членови биле под влијание на Француската револуција и како интелектуалци за тоа време биле единствените кои можеле да ги приспособат идеите на револуцијата во грчки контекст.

Во исто време ги прифаќале и идеите на Ригас за национално ослободување по пат на револуционерно отфрлање на османлиската власт. Од особено значење е што интелигенцијата во дадениот период била материјално поддржувана од грчката буржоазија како и самите подготовки за револуција. Затоа „Филики етерија“ во прво време воопшто не разгледувала прашањето какво би било идното уредување на грчката држава за да ги привлече Грците од сите социјални слоеви. Основна цел било создавање на национална држава во кои би биле вклучени сите Грци и во која би живееле другите балкански народи со „понизок степен на културен развој“. Границите на Византиското царство беа концепт кој го прифатиле етеристите, а кој подоцна ќе стане и заложба на грчката надворешна политика позната како Мегали идеја.

грчката борба била прикажана преку нивните дела, David Roessel, In Byron’s Shadow, : Modern Greece in the English and American Imagination, 2001, 32.

На грчкото општество кое во почетокот било социјално и географски разединето, таквата идеја му била потребна за обединување. „Филики етерија“ на почетокот барала авторитетна личност за водач и таа позиција му била понудена на рускиот министер за внатрешни работи, кој ја одбил таква понудата. Етеристите се обратиле до Ипсилантис, кој бил близок пријател на рускиот цар и тој ја прифатил понудата.

Големо влијание врз политиките на владите на големите европски сили, особено во првите декади од 19 век одиграло социјално движење кое во историографијата е наречено филхеленизам[29]. Оваа идеја била застапувана од многу видни европски интелектуалци и дејци како Лорд Бајрон истакнат англошкотски поет, Чарлс Николас Фабиер амбасадор, генерал и пратеник во Француското собрание кој имал голема улога во Грчкото востание, потоа Томас Мур ирски интелектуалец и поет и други. Ова движење во тој период прераснало во меѓународен „феномен“ како што го нарекува американскиот историчар Џонатан Петропулос, кое од идеологија која предизвикувала восхит кон грчкиот свет постепено се развивала во конкретна поддршка кон Грците. Во почетокот, за потребите на филхеленските кругови во германските држави, филхеленизмот се распространувал и како идеја започнал да обединува поединци и во другите држави во интерес на тогашната грчка кауза.

За германскиот филхеленизам познато е дека бил присутен уште во втората половина на 18 век, *„дури и пред познатото предавање на Кораис од 1803 година „Сегашната состојба на цивилизацијата во Грција“, дури и пред да се појави Канто II од Бајроновата Детето Харолд и пред војските на Наполеон да го поведат интелектуалниот свет од Светата Римска Империја во бура“.*[30] Филхеленизмот или гркофилството било прифатено помеѓу културните дејци, протестантските и образовани средини и за кои Грците биле претставени преку убавината, пријателството, секуларизмот како вредности. Германските филхелени пропагирале „грчки“ норми применливи во поезијата, ораторството, драмата,

[29] Jonathan Petropoulos, The renegeration of Hellas: Influences on the Greek war of Independence ,Claremont Colleges, 2011, 77.
[30] Roderick Beaton and David Ricks, The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797-1896), статија Suzanne Marchand What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: German perspective, 2008, 34.

уметноста, филозофијата што се совпаѓа со тврдењето дека гркофилството на Винкелман[31] никогаш не било политичка платформа, туку движење посветено на културни реформи.

Понатаму интензивирањето на грчката борба за независност се совпаднало со раѓањето на германскиот политички и економски либерализам[32]. Или поинаку кажано, грчкото движење за независност почнало да привлекува моќни поддржувачи во европските политички и интелектуални кругови кои биле инспирирани за поддршка од вредностите на филхеленизмот или се воделе од материјални и финансиски интереси. Ова подоцна ќе се покаже како клучен фактор во исходот од грчката борба за независност. Пред вмешувањето и интервенирањето на големите сили, Грците се бунтувале против отоманската власт така што биле напаѓани претставниците на централната власт од страна на клефтите „разбојници“, а не било непознато и пиратството. Грците и формирање грчка држава, членовите на оваа организација ги поставиле основите на идните барања за помош и вмешување на меѓународниот фактор[33]. Грчкото движење за независност привлекло многу доброволци од Европа и пошироко кои се одѕвале на апелите за помош. Тие го финансирале своето доаѓање во Грција, иако дел од нив тоа го правеле затоа што верувале дека служат на една благородна идеја, а други верувале дека ќе профитираат. Европските доброволци со сопствени средства купувале оружје и униформи и очекувале унапредување во рамки на грчката армија. Но, само малкумина доброволци успеале во своите намери дел од нив се враќале во сопствените земји, а друг дел останувал во Грција поради избувнувањето на револуции во нивните земји. Ниту една европска влада не сакала потенцијални револуционери во сопствените граници.[34]

---

[31] Винкелман се смета за најважен претставник на германскиот филхеленизам.

[32] Грчката борба за независност се совпаднала со раните либерални стремежи против реставрацијата во Западна Европа. Европскиот и германскиот филхеленизам се нашле во контекст на спротивставеност помеѓу „грчките вредности“ за кои се залагале и демократизацијата на културните институции што ја барале творците од областа на културата особено во постнаполеоновата ера. По падот на Наполеон, либералните идеи кај грчките предводници на борбата за независност се поистоветиле со целите германската културна револуција.

[33] C.W. Crawley, The Question of Greek Independence A study of British Policy in the Near East, 1821-1833. (Cambridge: University Press, 1930), 10-11.

[34] St. Clair, Greece Might Still Be Free, 29.

### 1.1. Надворешната политика на Велика Британија кон Османлиската империја после Виенскиот конгрес 1814/1815 до 1821 година

Виенскиот конгрес бил прв дотогаш колективен систем составен од државни претставници кој требало да промовира мир и да ги решава сите отворени прашања на европскиот континент. Во 1815 година, Англија и Русија биле главните фактори кои ја заштитиле Европа од Наполеоновиот деспотизам[35]. Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, лорд Каслреј, имал водечка улога во коалицијата која го поразила Наполеон и бил водечки британски дипломат на Виенскиот конгрес. Заедно со Метерних, премиерот на Австрија имале големо влијание во одлуките на конгресот кој бил составен од претставници на Австрија, Велика Британија, Русија, Прусија и Франција по 1818 година. Мешањето во внатрешните работи на државите преку ангажирање воена сила било првата причина околу која се разединувале британската и руската дипломатија. Рускиот цар Александар I предлагал формирање на нов сојуз меѓу големите сили кој ќе го гарантира нивниот суверенитет и територијален интегритет како и постоење на заедничка армија со право да интервенира „секаде каде што било потребно“. Лорд Каслреј не гледал благонаклонето на идејата руски војски да маршираат низ Европа и да учествуваат во задушување на бунтови против монарсите во државите и во 1818 година го одбил предлогот. Растечките политички и економски ривалства придонеле Виенскиот конгрес да се распадне во 1822 година.

По војните со Наполеон и според заслугите за извојуваната победа, Велика Британија имала доминантна позиција во Европа поради воената надмоќ на морнарицата, дипломатските активности за создавањето на четирите коалиции и обезбедувањето ресурси за нејзините сојузници. Особено по битката кај Ватерло, Британците настојувале да го засилат своето влијание во Европа поради страв од нови конфликти кои би им ги нарушиле економските интереси, тие гледале на континентот како потенцијално огромен пазар. Во тие напори имале предности бидејќи нивниот политички систем бил стабилен и незасегнат од војните додека во другите земји монарсите биле детронизирани од нивните престоли. Затоа

[35] C.W. Crawley, Anglo-Russian Relations 1815-1840, 47.

„принципот на рамнотежа на силите на европскиот континент“ бил промовиран од Велика Британија за да се спречи доминација на било која држава и овој принцип бил потврден и од Виенскиот конгрес во време на ширење на либерализмот и револуционерните идеи. Во овој период британската влада била предводена од Роберт Банкс Јенкисон (1812 - 1827), војводата од Ливерпул од партијата на ториевците[36] за кого во надворешната политика по 1815 година било приоритетно одржувањето баланс помеѓу уставните режими и автократиите затоа што во овој период поголемиот дел од Европа бил под контрола на автократски владетели отколку од страна на конституционалистите. За таа цел Велика Британија го поттикнувала ширењето на конституционализам, особено во приморските земји: Белгија, Франција, Шпанија, Португалија, Италија и Грција. Овој систем бил декларативно прифатен и не се поклопувал со геостратешките и економски интереси на Руската Империја која настојувала да има излез на топлите морињa и била закана за османлиските владеења. Од 1815 година, Британците воделе политика на претпазливост кон Русија бидејќи нејзините трговски интереси биле загрозени како и копнениот пат кон Индија во периодот на засилена колонизација. Интензивирањето на грчкото прашање и сè поизвесното негово решавање по пат на револуција придонело Велика Британија да се вмеша и да интервенира за да ги одбрани нејзините интереси.

Во внатрешнополитичкиот живот во Велика Британија имало поделба по прашањето во односите со Русија. Александар I бил голем углед кај приврзаниците на партијата на Виговците, спротивно на ставот на виговците биле ториевците[37] кои биле антируски расположени. Во почетокот на 20-тите години на 19 век целата британска политичка елита била противник на руската политика.

Една од причините ќе биде односот на Русија кон Османлиската Империја за која Британците сметале дека ќе биде препрека за рускиот експанзионизам. Постојат различни оцени за оправданоста на англискиот став кон Русија кој честопати знаел да биде и нерационален за што најдобро сведочи познатата мисла на

[36] Ториевците биле припадници на британска политичка партија со десна идеологија, поддржувачи на англиканизмот кои се воделе од девизата „Бог, кралот и земјата. Политичката партија постоела од 1642 сè до 1834 година.

Џејмс Гаскоин Сецил, маркизот од Салисбери: *„вие мора или да не верувате целосно во постоењето на Русите или мора да верувате дека тие ќе бидат во Кандахар следната година...“*[38]

Во меѓувреме се позасиленото дејствување на „Филики етерија“ и положбата на Грците во Османлиската Империја влијаеле на британско-руските односи, лорд Каслреј како државен секретар за надворешни работи се сомневал во постапките на рускиот министер за надворешни работи, Јоанис Каподистријас (1816 - 1822), Грк по потекло[39]. Каподистријас секогаш бил заинтересиран за состојбата во Грција особено на Јонските Острови и се обидувал да го привлече вниманието на рускиот цар кон грчкото прашање. Одржувал контакти со претставници на „Филики етерија“ кои од него барале да застане на чело на борбата за грчка независност, таквите понуди тој ги одбивал поради тоа обврзаноста на Русија кон одлуките на Виенскиот конгрес[40]. Промените во трговските состојби во Европа имале влијание врз британската надворешна политика. Русија и Велика Британија започнале да си поставуваат бариери во трговските односи со ограничувања при што втората започнала со увоз на дрво од своите колонии. Во меѓувреме британската Левантска компанија[41] брзо зајакнала на Блискиот Исток, благодарејќи на малите пристанишни такси и царина во висина од само 3 % од вредноста на стоката. Англија со индустриската револуција постигнала голем извоз на памучни производи на Левантот, доминацијата во тој поглед го покажувале и бројките: од 88.065 фунти извоз во 1783 година на 256.802 фунти во 1816 година.

Во Лондон биле сѐ погласни размислувањата дека Велика Британија треба да има активна улога околу грчкото прашање. Така, угледниот британски дипломат Џорџ Хамилтон Гордон, војводата од Аберден[42] кој ја посетил Грција во 1807 година непосредно пред избувнувањето на Грчкото востание му напишал на лорд Каслреј дека решавањето на грчкото прашање не може да биде во рамки на

[38] Џејмс Гаскоин Сецил, маркизот од Салисбери бил политичар од редот на конзервативците, член на член на парламентот (1813-1823).
[39] Јоанис Антониос Каподистријас (1776-1831) бил руски министер за надворешни работи и основач на модерната грчка држава.
[40] David Bewer „*The Greek War of Independence„*, London: Overlook Duckworth, 2011, 57.
[41] Левантската компанија била создадена во 1592 година со цел одржување политички и трговски врски со Османлиската Империја. Затворањето на компанијата се случило во 20-тите години на XIX век поради „надживување на протекционистичката трговија“.
[42] Џорџ Хамилтон Гордон бил искусен дипломат и член на советот на кралот Џорџ III.

општото гледиште за „зачувување на спокојството на Европа“ и дека порано или подоцна ќе има договор кој ако се склучи со руско посредништво, тоа ќе ги загрози британските интереси. Во одговорот лорд Каслреј изразил неподготвеност да се занимава со такви „експерименти“ *и дека ако Англија се придружи на Русија во војната против Османлиската Империја по битката кај Наварино, најверојатно е дека Константинопол ќе падне и ќе следува поделба во која Австрија ќе бара удел.*

На опасноста од руското вмешување во Грчката војна за независност и стекнување големо влијание во Грција и тој дел од Медитеранот предупредувал искусниот дипломат и советник на суверенот, Стратфорд Канинг кој сметал дека Велика Британија треба да има поактивна улога. Грците во своите планови за извојување сопствена држава сметале на британска поддршка, иако во овој период воен конфликт во Османлиската Империја ги засегал британските трговски и економски интереси. Под британска управа на чело со сер Томас Мејтланд биле Јонските Острови, центарот на британската трговија во Медитеранот кои според одредбите од Парискиот договор од 1815 година ѝ биле отстапени од француска страна. За претпазливост и интересот на британската дипломатија кон развојот на грчкото прашање говори и податокот дека за амбасадор во Цариград бил испратен искусниот дипломат сер Роберт Листон, (1812 - 1820). За време на неговиот втор мандат како амбасадор пред него била поставена задачата да работи на подобрување на односите помеѓу Руската и Османлиската Империја и да се попречат сите изгледи за зближување на Франција со Османлиската Империја. Затегнувањето на односите помеѓу двете земји, во време на мандатот на Роберт Листон настанало околу преговорите за островот Парга, кој Британците требало да го отстапат на Османлиската Империја.

Периодот по 1815 година е пресвртница во англиското влијание во Османлиската Империја кога започнале да бидат сметани за најблиски сојузници на Османлиите, во време кога во Европа се појавиле тенденции за менување на границите [43].

[43] Historyofengland.net

## 1.2. Почетокот на грчкото востание во 1821 година и Велика Британија

Во 1820 година, „Филики етерија“ одлучила да се пристапи кон востанички дејства, бидејќи во тоа време Високата порта била ангажирана во конфликт со Али-паша од Јанина. Ипсилантис бил задолжен да ги командува сите вооружени сили и според планот Пелопонес требало да биде центар на востанието кое требало да започне така што Србите ќе организираат бунт. Подунавските кнежевства требало да бидат база од каде што востаниците ќе се снабдуваат со оружје и ресурси, а Грците од Египет да помагаат со финансиски средства. Грчките морнари, пак, во Цариград имале за задача да ја запалат османлиската флота додека, пак, од Русија се очекувало целосна поддршка. Александар Ипсилантис наскоро го променил планот за дејствување и предвидел востанието да се крене во Влашко и Молдавија надевајќи се дека полесно би било вклучувањето на руските војски. Покрај тоа што во Русија гледал одлучувачки фактор за успех на востанието тој се потпирал и на една одредба која предвидувала дека османлиските војски може да се распределат во кнежевствата само во согласност на Русија. Според планот, востаничките војски требало да се упатат преку Бугарија во Грција, попатно да востануваат и балканските словенски народи. На 20 февруари 1820 година, Ипсилантис со доброволците ја преминал реката Прут и влегле во Јаши каде што бил дочекан од 2.000 балкански доброволци[44]. До пресвртница во дејствата дошло кога Османлиите заплениле кореспонденција помеѓу Александар Ипсилантис и Милош Обреновиќ, кој дејствувал така што водел преговори со Портата за отстапки во интерес на Србите. Рускиот цар ја одбил молбата за воена интервенција и помош од страна на етеристите и Ипсилантис бил отстранет од руска воена служба. Османлиските војски го задушиле востанието во кнежевствата, Ипсилантис пребегал во Виена каде што и починал во 1828 година.

Во Грција пристигнувале информации за дејствувањето на Ипсилантис, каде што веќе течеле подготовки за дигање востание. „Филики етерија“ овде повеќе имала агитациска улога отколку организациска и однесувањето на Грците зависеле од односот помеѓу Али-паша од Јанина и Високата порта.

[44] Стойчо Грънчаров, Балканският свят, Идеи за държаввност, национализми и развития от началото на XIX век до края на Првата световна война, София, 2001, 138.

Во 1820 година, султановите војски презеле голема офанзива против Али-паша и успеале да го потиснат на еден остров и долго го држеле под опсада. Во меѓувреме властите имале информации за намерите на етеристите на Пелопонез и во март 1821 ги повикале сите грчки првенци во Триполица. Дел од првенците не заминале, тие што се одѕвале на поканата биле запленети како заложници. Востаничките дејства започнале низ Пелопонез за на 23 март 1821 година востаниците да ја заземат Каламата како и областа Мани. Востаниците пројавиле голема жестокост над муслиманското население кое според некои процени достигнувало и до 40.000 жртви. Османлиите започнале одмаздннчки акции како одговор, така на 22 април бил обесен цариградскиот патријарх Григориј V и биле убиени неколку владици. Во градот Одрин фанатизираните муслимани убивале видни христијани, коџабашии како и митрополити.

Меѓусебните ѕверства достигнале големи размери, европската јавност најчесто била информирана за турските злосторства, но не и за грчките. Османлиите многу тешко се справувале со Грчката револуција бидејќи голем дел од воените сили беа зафатени со покорувањето на Али-паша, дел биле распоредени за војна со Персија. Релјефот на Пелопонес, исто така, бил во прилог на востаниците кои го владееле цел Пелопонез, Мисолонги како и Атина. Тие располагале со 300 вооружени трговски морски бродови и 12.000 морнари. Целиот завладеан простор служел како база за пиратски акции кои ги отежнувале турските морски комуникации.



*Сцена од битка во текот на Грчката војна за независност од Џорџ Перлберг*

Во текот на востанието, не постоел еден воен и политички центар на востаничките сили. Социјалните поделби биле многу силни како и поделбата помеѓу грчките првенци, фанариотите од една страна и воените претставници-капетани и селанството од друга страна. Таквите појави на неединство ги објаснува историчарот Даглас Дејкин со теоријата дека *„индивидуализмот е една од основните национални психолошки црти на Грците“*. Сепак, потребата од централизација и државно организирање се признавало од сите, борбата кој и како да ја организира државноста било предмет на спор. Фанариотските кнезови, Деметриос Ипсилантис и Александар Маврокордатос како водачи со политичко искуство биле најсериозни конкуренти за грчки водачи. Деметриос Ипсилантис бил противник на првенците и се залагал за олеснување на положбата на селанството.

Александар Маврокордатос (1791-1865) бил фанариот со политичко искуство и полиглот кој повеќе бил прифатлив за првенците. Дејствувал во Западна Румелија, регион кој стратешки бил поповолен. Далеку од Цариград, а блиску до Јонските Острови од каде што полесно можело да пристигне воена помош од европските земји.

Во декември 1821 година, во Епидаур се состанало првото национално грчко собрание со делегати од Пелопонес, островите, западна и источна Грција. Делегатите наместо централистичкиот модел на државно уредување, го прифатиле федералниот модел со признавање на автономија на области. На јануарското заседание бил воведен и „привремен устав“ кој бил менуван понатаму, со нови предлози и дополнувања. Причината за воведување устав било разбирањето на грчката политичка елита дека така ќе демонстрираат зрелост и ќе се здобијат со поддршка од Европа. Маврокордатос истакнувал дека уставот не следи револуционерни принципи и тоа го говорел за целосно да се дистанцира од европската револуција како и да ги привлече приврзаниците на филхеленизмот. Грчката борба била претставувана *„како судир на христијани и муслимани, обид на грчката нација да го отфрли турското варварско ропство и да ја прероди културата на своите прадедовци“*. Воведувањето на федералниот модел на државно уредување било пораз за Воената партија што ја предводел Теодорос Колокотронис. Во овој период се појавил и друг политички деец, Влав по потекло, Јоанис Колетис, кој во 1821 година безуспешно се обидел да крене востание во Епир. Колетис како добар оратор, цивилен политичар имал голема заслуга во надминувањето на поделбата помеѓу цивилната и воената партија. Во грчкиот свет сè повеќе се наметнувале регионалните ривалства, кое сепак не е доволно до формирање партии на регионален принцип.

**ГЛАВА II**

## 2. Големите Сили и избувнувањето на Грчкото востание

Случувањата во Грција наишле на силен одек во европските земји, благодарејќи на интересот кон грчкото прашање кои го поттикнувале филхелените. Нивните претстави за Грците биле романтичарски при што грчкото наследство од 19 век го поврзувале со она од класичниот период. Гркот бил замислуван како благороден и храбар човек кој бил репресиран од муслиманските орди. Токму затоа Грчкото востание за кратко време прераснало во прашање од европско значење.

Од избувнувањето на Грчкото востание најмногу биле погодени руските интереси во Средоземно Море, во преден план трговијата која се одвивала преку Црно Море и Протоците. Османлиската власт го попречувала пловењето на грчките бродови кои пловеле под руско знаеме и пренесувале жито за извоз. Русија врз основа на претходно склучените договори, го имаше правото да биде покровител на христијаните на Балканскиот Полуостров. Теророт и колежите кои се вршеле врз православните Грци како и свирепото убиство на цариградскиот патријарх ја активирале руската дипломатија. Александар I преку дипломатскиот претставник во Цариград реагирал до Високата порта при што укажал дека не го поддржува востанието, но дека пролевањето на христијанска крв е недозволиво и спротивно на склучените договори. Руските интервенции биле игнорирани и односите меѓу двете империи се влошиле. Амбасадорот Стоганов повторно реагирал и пратил ултиматум во рок од 8 дена да престанат сите прогони врз христијаните, султанот да ги повлече војските од подунавските кнежевства и да се почитуваат руско-турските договори.

Во август 1821 година, се чинело дека војната е неизбежна при што рускиот цар се обратил до Англија, Австрија, Франција и Прусија како членки на Светата коалиција за одобрение за војна. Австрија и Велика Британија особено биле претпазливи кон евентуалната руска интервенција и не ја одобриле затоа што би значело уништување на Османлиската Империја и доминација на Истокот. Франција во овој период и немала посебен интерес во овој дел на Европа, а Прусија била внимателна и кон Австрија и кон Русија. Велика Британија веќе неколку децении

настојувала да се задржи територијалната целост на Османлиската Империја бидејќи во 18 век на неколку пати руските бродови се појавиле во Средоземно Море и тоа ги засегало британските комуникации кон Индија. За Британците, Османлиите биле чувар на стратешките точки предвидено во доктрината на министерот за надворешни работи Џорџ Канинг.

*„Колку и да е варварска Турција, за системот на Европа таа е неопходно зло“* - истакнал Роберт Каселреј, претходникот на Канинг. Таквиот британски став го делеле и Австријците поради руската воена надмоќ и во 1821 година двете држави склучиле договор со кој се предвидувало на секаков начин да се спречи војната меѓу Русија и Османлиската Империја. Англоавстриското зближување и единствен став по Источното прашање траело речиси низ целиот 19 век. Александар I не наишол на одобрување за објава на војна од своите сојузници кои се надевале дека востанието на Пелопонез ќе биде задушено и дека потоа ќе ја принуделе Високата порта да воведе реформи.

Во првите децении на 19 век Османлиската Империја била во значителна криза за која придонеле востанијата во Србија и Грција кои ќе условат промени на границите на Балканот. Портата сè помалку можела да ја контролира сопствената територија по примерот на востаничките акции и тоа ќе придонесе за пад на влијанието во меѓународни рамки. Тоа пак придонело за вмешување на големите сили поаѓајќи секоја од својот интерес во овој дел на Европа кои покажале посебен интерес за Грчкото востание. Најпрво тие заземале негативен став кон востаничките акции во Грција бидејќи го нарушувал принципот на легитимитет усвоен на Виенскиот конгрес во 1815 година. Властите на влијателните европски земји кои подоцна ќе имаат решавачка улога во создавањето на грчката држава, на почетокот од Грчкото востание биле воздржани.

Иако некои политичари или државници имале и различни мислења од разбирливи причини, многу интелектуалци патувале низ Грција и се соживувале со положбата на Грците. Во овој период, старогрчкиот јазик покрај латинскиот бил во основата на европското високо образование додека, пак, во религиозните кругови се сметало дека во Грција се брани цивилизацијата од азискиот варваризам.

Јавноста во Велика Британија, Франција, Русија се нашла во една спротивставеност помеѓу игнорантскиот однос на властите и жестоката поддршка на

интелектуалците на грчката борба. Ставот на рускиот цар Александар I за осуда на упадот на Александар Ипсилантис во Молдавија и Влашко покажува дека земјите членки на „Европскиот концерт“ не биле подготвени да прифатат територијални промени на континентот.

Во период на избувнувањето на Грчкото востание, битен меѓународен фактор била и Светата алијанса, која ја сочинувале Русија, Прусија и Австрија кои се сметале за припадници на единствена христијанска нација и дека го имаат божјото овластување да ја водат и решаваат во нејзино име. Оваа алијанса не била призната од султанот, папата и Велика Британија, наводно, затоа што принцот Џорџ Трети бил под регентство и не можел да носи одлуки. Уште на самиот почеток на востанието амбасадорите на Велика Британија, Австрија, Прусија и Франција сакале да ги одвратат Грците од нивните намери повикувајќи се на христијанските вредности[45]. Таква реакција му била соопштена на рускиот министер за надворешни работи Каподистријас од царот Александар I кој му посочил дека „не бил подготвен да ги жртвува сопствените интереси“. Сосем спротивно, во текот на воените акции на Пелопонез, сè повеќе се отворал патот за странска интервенција. Османлиите не биле подготвени да се справат со ситуацијата на Пелопонез, а тоа во извесна мера почнало да ги погодува економските, односно трговските интереси на европските земји. Пловидбата на трговските бродови по море веќе не била сигурна.

Велика Британија е прва држава која интервенирала во грчкото прашање во време на мандатот на премиерот Џорџ Канинг. Тој отстапувал од претходниот став на официјален Лондон за почитување на територијалната целовитост на Османлиската Империја како противтежа на руските амбиции на Балканот.

Формирањето на Светата алијанса како европски фактор на одлучување значело дека дејствување врз основа на верскиот принцип. Во поглед на ситуацијата во Грција која сè повеќе се заканувала да ескалира, Светата алијанса се најде пред противречност, верскиот принцип значело поддршка на разбунтуваните Грци, заложбата за одржување на власта значело поддршка на султанот. Во Грчката војна за независност, влијанието на големите сили зависело од нивните сопствени интереси, за кои нивното совпаѓање најмногу би одело во прилог на Грците.

---

[45] Далибор Јовановски, Балканот од 1826 до 1913 година, 2011, 7.

Во екот на избувнување на Грчкото востание, кон крајот на 1820 година, во европските земји почнале да се подготвуваат доброволци филхелени да заминат од Грција. Најчесто тие биле од Италија, Франција, Велика Британија и биле поттикнувани од апелите на грчките водачи дека „*Грција се оттргнува од синџирите*“. Офицери со повисоки и пониски чинови, лекари, политички дисиденти запловувале на грчките брегови и учествувале во подготовка на грчките војници. Маврокордатос како полиглот преведувал и посредувал меѓу офицерите странци и Грците. Странските доброволци неретко со восхит биле пречекувани од жителите на градовите[46]. Марсеј бил еден од главните центри од каде што заминувале филхелените за Грција[47], во 1822 година француските власти го затвориле пристаништето веројатно поради ставовите на Метерних во врска со конфликтот во Грција или поради филхелените кои се враќале од таму. Нивните информации биле разочарувачки за идните доброволци дека таму ги чека само „неблагодарност и мизерија“. Сепак во почетокот на Грчката револуција, идеализмот бил на високо ниво и поттикнуван од политичари, универзитетски професори и црковни лица со главна порака дека Европа ја должи својата цивилизација на „античките Грци чии потомци се современите Грци“. На повиците за учество во ослободувањето на Грците се пријавувале доброволци од сите страни на Европа[48]. Голем дел од доброволците имале сопствени средства за да допатуваат во Грција, за оние кои немале сопствени средства биле формирани комисии за собирање пари.

Еден англиски патописец во овој период забележал дека патиштата кои воделе кон Марсеј со млади ентузијасти филхелени низ Европа станале препознатливост[49]. Грчките комитети од европските градови поттикнувале интерес

---

[46] Група доброволци запловиле во Патрас, дознаеле дека градот и Пелопонез сѐ уште биле под османлиска контрола. Отпловиле на север кон Мисолонги каде што претставниците на османлиската власт биле затворени. Излегувајќи од малите чамци со кои пловеле низ плитката лагуна до градот ги дочекале извици „Да живее слободата“ од мештаните како први доброволци од странство кои ги виделе.

[47] Единаесет бродови отпловиле од таму помеѓу избувнувањето на револуцијата и крајот на 1822 година, носејќи околу 360 волонтери, најголеми контингенти кои доаѓале од германските држави, Франција и Италија. David Brewer, The Greek War of Independence-The Struggle for Freedom from Ottoman Oppresion, London, 2011, 93.

[48] Пример: Французинот Балест задолжен од Димитриос Ипсилантис да формира редовна грчка војска, полковник Томас Гордон образован и богат Шкот кој напишал многу за грчката војна за независност, капетанот Френк Ебн Хестингес од британската морнарица.

[49] „Сретнував многубројни групи од млади луѓе кои пешачат, со ранци на грбовите на пат кон Марсеј и оттаму да отпловат кон Грција. Овие групи се чини дека се составени од германски регрути и

за помагање на грчката борба, често за спроведување воени обуки за востаниците. Такви комитети биле основани во Англија, Русија, САД, Шпанија кои организирале помош за грчките бегалци и вршеле притисок на владите да дејствуваат дипломатски. Во Англија поддршката кон грчката борба за независност станала тема на внатрешната политика. Првата забележана иницијатива за вмешување во случувањата во Грција е од октомври 1821 година кога авторот на речникот за класични јазици, д-р Лемприер, упатил апел да се собираат средства објавен во весникот *„Courier“,* кој со уредувачката политика бил близок до владата на ториевците. По неколку дена под притисок на владата, весникот прекратил да објавува повици и апели во интерес на Грците. Во периодот кога Каслреј е секретар за надворешни работи, владата била неутрална кон состојбите во Грција, тоа подразбирало да не собираат средства, доброволци или воена опрема. Таквиот став бил контрадикторност во однесувањето на ториевците. Во септември 1822 година кога Канинг го наследил Каслреј го изнел ставот дека приватните донации во помош за грчката страна се дозволуваат во рамки на политиката за неутралност и дека на тој начин Велика Британија ќе го зголеми своето влијание во Грција без притоа да го наруши односот со другите држави. Ова било предуслов во март 1823 година да се формира Грчкиот комитет во Лондон врз кој имале влијание политичките партии. Виговците и радикалите биле доминантни во Грчкиот комитет што укажува на фактот дека опозициски и на еден начин протестно движење против власта.

Пред избувнување на Грчкото востание и во Руската Империја имало огромни симпатии кон Грците, очекувано поради врските на верска основа. Најпознат филхелен од владејачките кругови бил принцот Александар Голитин, кој бил и владин министер кој истакнал дека: „*треба да им се помогне на синовите на таа земја кои поттикнале просветлување на Европа и спрема кои Русија е уште повеќе должна позајмувајќи го од нив просветлувањето во верата...*“[50] Руската политика во овој период дозволува помагање на грчките борци на две основи, како олеснувања за грчките бегалци од конфликтот и откупување востаници кои би биле заробени. Испраќањето воени материјали не било дозволено од руските власти.

---

бегалци и секогаш беа со бурен ентузијазам“ David Brewer, The Greek War of Independence-The Struggle for Freedom from Ottoman Oppresion, London, 2011, 94.

[50] Theophilus C. Prousis, Russian Society and the Greek Revolution, 60.

Голицин ја вклучил и црквата во собирање финансиски средства за Грците при што ги повикал и воените гувернери како и локалните трговци да се вклучат во овие акции. До средината на август 1822 година успеал да собере над 973.000 рубљи од кои 100.000 рубљи донирал царот Александар I, паралелно биле примани грчки бегалци за кои Голицин тврдел дека само во Одеса пристигнале 4.000 бегалци во еден ден [51]. Руските филхелени во летото 1822 година започнале напори за откуп на заробеници откако до нив пристигале вознемирувачки извештаи дека многу жени и деца по настаните во Хиос биле претворани робови. Некои грчки свештеници од Бесарабија тврделе дека тие робови биле принудувани да прејдат во ислам. Преносот на парите и вршењето откуп било проблем за руските филхелени затоа што биле ставани во ризик грчките свештеници во Османлиската Империја преку кои требало да се одвива откупот, парите не можеле да бидат давани ниту на привремените грчки власти затоа што на тој начин Русија би им дале легитимитет. Модел преку кои биле доставувани парите за преземање на заробениците биле „приватни иницијативи“ на богати Грци или добронамерни претставници на странски влади. Половина од вкупно собраните пари од руските филхелени биле донирани на владата на Каподистријас за борба против „гладот и сиромаштијата“.

Сумирано, руската поддршка на грчките востаници се состоела во поддршка од рускиот цар кој подржувал организација која опфаќала аристократи и селани, секако голема улога имала и Руската црква во грчката кауза поради верски причини. Необично е што ниту еден Русин не заминал како доброволец во Грчката војна[52].

---

[51] Бруер смета дека таа бројка е нереална бидејќи во 1821 година вкупниот број на бегалци бил 12.000. Комитетот за помош во Кишинев, исто така, обезбедувал помош за бегалците, и тоа во пари, медицинска нега, засолниште, образование.

[52] Во Римокатоличката црква во Навплион постои споменик на кој се испишани имињата на 274 филхелени од европските земји кои загинале во Грција. Над стотината од нив се од германските земји, над четириесет се од Франција и Италија, десетина од Велика Британија, неколку од Шпанија, Унгарија, Шведска, Данска, еден од Португалија и ниту еден од Русија.




*Римокатоличка црква во градот Навплион, позната како „Франкоклисиа“*

## 2.1. Поглед на британската јавноста и општество кон Грците

Филхеленизмот како идеолошко и интелектуално течение коешто во текот на Грчката војна за независност се засилило и се проширило истовремено било и национална кауза и европска кауза[53]. Историчарката Маргарита Милиори смета дека веќе до 30-тите години на 19 век античка Грција веќе ја има воспоставено својата „уметничка и литературна превласт на Рим во рамките на западноевропските перцепции за класичната антика“. Избувнувањето на Француската револуција и Наполеоновите војни, односно концептот за државно уредување кој произлегол од нив, влијаел да се преиспитува поврзаноста помеѓу европската модерност и класичното минато.

Во Велика Британија, иако фихеленизмот бил многу силен, сепак во реториката против Наполеон бил критикуван неговиот „демократски империјализам“. Од анализата на Маргарита Милиори на литературата од тој период

[53] Margarita Miliori, Europe, the classical polis, and the Greek nation: Philhellenism and Hellenism in nineteenh-century Britain, chapter 5, 5.

се доаѓа до заклучок дека античката грчка демократија била маргинализирана. Во време на војните со Наполеон, Вилијам Митфорд го напишал обемното дело „Историја на Грција“, чие издавање предизвикало полемика во британските филхеленски кругови, кои тврделе дека модерните политички алузии на античката грчки вредности биле погрешни. Пред избувнувањето и за текот на Грчкото востание, британските филхелени правеле споредби на античките градови држави со современиот грчки патриотизам и неговиот локален карактер како незрела грчка политика. Со крајот на Грчката војна за независност филхеленизмот ќе почне да го губи централното значење за британскиот либерализам, сепак во наредните децении британската перцепција за грчкиот национален карактер нема да се менува. Развојот на британскиот филхеленизам и неговото толкување на поврзаноста на античка Грција со „современа Европа“, како и дефинирањето на нацијата како поим се согледуваат од делата на големите грчки интелектуалци, како Коноп Тернвол[54] и Џорџ Гроте, посветени на историјата на Грција.

Гроте е научникот кој во 19 век ги поставил основите на грчката историографија според кој почетна точка е првата Олимпијада одржана во осмиот век пред нашата ера. Двајцата научници во своите дела и теории отфрлале каква било поврзаност на античките македонски кралеви со хеленизмот и хеленската култура при што „Гроте недвосмислено негирал дека Александар некогаш ја хеленизирал Азија“[55]. Филхеленизмот како движење во Велика Британија бил значаен фактор во обезбедување финансии и помош за грчките востаници за време на војната за независност. И оттука се ширел низ цела Европа со тоа што Лондонскиот грчки комитет кој бил основан во 1823 година бил главен центар на европскиот филхеленизам. Со негова помош следната година биле овозможени заеми од 315.000 фунти[56].

---

[54] Тернвол во своето дело ја претставил историјата според циклична шема на национално зреење и тврдел дека сите нации поминале низ серија на аналогни развојни фази. Дал позитивна преоцена, а на „либералната“ Атина од шестиот до четвртиот век пр. н. е., додека Спарта ја сместил во заднина на развојот како претставник на претходната, „замрзната“ фаза на грчкиот национален развој (Thirlwall 1835-44, 1.335-40)

[55] Margarita Miliori, Europe, the classical polis, and the Greek nation: Philhellenism and Hellenism in nineteenh-century Britain, chapter 5, 68.

[56] Dakin, British and American Philhellenes, 77.

Лорд Бајрон[57] и Џон Кам Хобхаус[58] биле предводници на фихелените и нивното дејствување во време на Грчката војна за независност ја претставува првата поголема европска поддршка за Грците. Друг голем филхелен кој бил посветен на грчката кауза е Едвард Блакиер кој во септември 1823 година пратил писмо со поддршка до Маврокордатос во кој изразил восхит од храброста на Грците во војната и надеж за грчката слобода. Блакиер се повикал на „славните татковците на Грците“ (Хелените) и нивните дела.



*„Планините гледаат кон Маратон, а Маратон гледа кон морето, и замислен таму еден час сам јас мечтаев дека Грција може да биде слободна. Стоејќи на гробот на Персијците, јас не можев да се сметам себеси за роб“*

извадок од поемата „Грчките острови“

Џорџ Гордон Бајрон како англиски поет и благородник оставил голема трага во британскиот филхеленизам, како име чија поддршка на Грчката војна за независност била од големо значење во придобивањето на симпатиите на Британците. Бајрон припаѓал на романтизмот во периодот во кој живеел и дејствувал

[57] Џорџ Гордон Бајрон (1788 - 1824), британски поет, влијателен политичар, филхелен учесник во Грчката војна за независност кој денес е сметан за национален херој. Починал во градот Мисолонги од треска на возраст од 36 години.

[58] Џон Кам Хобхаус (1786 - 1869), британски политичар и биограф, кој заедно со неговиот пријател лорд Бајрон остварил големо патување на Исток. Во 1809 година пристигнале во Патрас, при што ги обиколиле Превеза, Никополис, Јанина и Тепелена каде што се сретнале со Али-паша. Патувале низ Акарнаниа, Делфи и Атина. За тој период Хобаус ги обиколил Мегара, Атика и Халкис. Двајцата отпатувале за Смирна и Константинопол од каде што во 1810 година, Бајрон се вратил во Атина, а Хобхаус заминал за Лондон каде што продолжил да се занимава со политика. Тој бил пратеник во Долниот дом, член на Лондонскиот грчки комитет и пријател на Адамантиос Кораис. Хобхаус се смета за еден од најтемелните аналитичари на грчкото општество и голем приврзаник на грчката кауза.

и низ таква призма ги гледал тогашните Грци во историски и културолошки контекст. Од 1809 година, па сè до 1811 година, Бајрон патувал со брод на крстосување по Медитеранот, ова патување го зголемило неговиот интерес за случувањата на Левантот, иако тој од порано читал за земјите во Османлиската и Персиската Империја при што позната е неговата мисла дека „со овие земји и настани поврзани со нив, сите мои вистински поетски чувства завршуваат“. Патувањето го започнал од Португалија преку Гибралтар и оттаму преку Малта во Грција.

Во 1810 година започнува „неговата грчка фаза“ на творештвото кога ја напишал песната „Слугинката од Атина“ (Maid of Athens) посветена на 12-годишната Тереза Макри[59]. Во мај истата година Бајрон отпатувал за Смирна и Цариград, во 1811 година се вратил во Англија. За време на својот престој во Ѓенова во 1823 година тој прифатил да го поддржи грчкото движење за независност, во исто време и познатиот филхелен Едвард Блакиер се обидувал да го ангажира во Грција иако и самиот немал идеја за што[60]. Во јули 1816 година Бајрон ја напуштил Ѓенова и на почетокот на август пристигнал на Јонските Острови во Кефалонија кои во тој период биле под британска управа каде што веднаш му пристапиле претставници на различни фракции во обид да го придобијат. Кон крајот на декември 1823 година Бајрон отпатувал со брод кон Грција по заобиколен пат за да ја избегне османлиската морнарица[61] и на 5 јануари 1824 година пристигнал во Мисолонги.

Веднаш почнал да соработува со Александар Маврокордатос и финансиски да ги помага Сулиотите[62] давајќи им заем од 6.000 фунти. Бајрон бил подготвен да предводи напад на една тврдина окупирана од османлиската војска која била составена од албански гарнизон, една од причините поради кои нападот не успеал

---

[59] Слугинката од Атина! Јас заминувам.
Мисли на мене, мила! Кога си сама.
Иако летам за Истанбул,
Атина ми го држи срцето и душата:
Можам ли да престанам да те сакам? Не!

[60] David Brewer, The Greek War of Independence, London, 2011, 197.

[61] Бајрон издвоил 4.000 фунти сопствени средства за поправки на грчката флота.

[62]Сулиотите биле православна заедница од албанско потекло од областа Суоли, Епир познати по воинственоста и придонес кон грчката кауза за национална држава. Нивни истакнати водачи биле Маркос Ботарис и Кицос Цавелас.

бидејќи Сулиотите го уценувале барајќи големи суми на пари. Во февруари 1824 година, Бајрон ќе ги прекине сите контакти со нив сметајќи ги за превртливи.

Неговата пожртвуваност кон грчката борба се гледа и од фактот дека го продал својот целокупен имот во Англија и сите собрани пари да ги потроши за грчката кауза. Поради тоа често го посетувале претставници на грчки групации кои го убедувале финансиски да им помогне. До крајот на март ја формирал т.н. „Бајронова бригада“ составена од 30 филхелени и околу 200 мажи која целосно ја финансирал сам. Бајрон се обидувал да ги помири ривалите во грчката борба како поранешниот клефт Одисеј Андроутос и трговецот Александрос Маврокордатос за заеднички да учествуваат во поразот на Османлиите. Грчките лидери од Пелопонез, како Петробеј Мавромихалис и Теодорос Колокотронис го повикале да им се придружи во оваа војна и да не се занимава со првенците од Румелија. Растргнат помеѓу водачите на грчките фракции, Бајрон сѐ повеќе се разочарувал од нивната поделеност која дури на почетокот на април довела до битка кога грчкиот капетан Карајаскикис го нападнал Мисолонги. Бајрон и покрај недостиг на воено искуство имал намера да поведе напад на османлиската тврдина Лепанто, која се наоѓала на устието на Коринтскиот Залив. Ангажирал бунтовничка армија како и специјалисти за огнено оружје кои требало да ја подготват артилеријата. Неговите намери да отплови за Лепанто во февруари 1824 не се реализирале поради болест при што починал на 19 февруари во Мисолонги. Толкувањата за неговата улога во Грчката војна за независност се различни, постојат мислења дека доколку Бајрон не починал млад, имало можност да биде крал на Грција. Историчарот Дејвид Бруер[63] е на мислење дека Бајрон не постигнал значаен успех во Грција бидејќи не ги помирил завојуваните фракции и нема воени победи.

Неговата заложба во хуманитарна смисла е нешто што никој не му го оспорува како и помагањето на муслиманите и христијаните. Сепак Бруер е во право

[63] Историчарот Дејвид Бруер во врска со својата книга „Грција, скриени векови турското владеење од падот на Константинопол до грчката независност“ вели дека тежнее да ги промени традиционалните ставови кои Грците ги имаат за Грција под османлиска власт. Според него, изданијата кои се посветени на оваа тема се тесно националистички и Турците се обвинуваат за сѐ. Дејвид Бруер настојува да даде критички пристап и кон настаните кои се случувале и толкувањата на грчките историчари.
(https://eu.greekreporter.com/2010/04/12/%E2%80%9Cgreece-the-hidden-centuries%E2%80%9D-by-david-brewer/)

кога вели дека: „*Бајрон постигна сѐ што можеше да посака. Неговото присуство во Грција, а особено неговата смрт таму, го привлече кон грчката кауза не само вниманието на наклонетите нации туку го зголеми и нивното учество...*“[64]

Перси Буше Шели (1792 - 1822) бил еден од најголемите англиски романтичарски, соработник на лорд Бајрон, поети со радикални политички и социјални ставови [65]. Негови најистакнати дела се: „Востанието на исламот“, „Адонис“, „Прометеј Неврзан“ (препишано дело на античкиот грчки поет Есхилус) и ремек-делото „Елада“ (Hellas). „Елада“ е стиховна драма која Шели ја напишал во 1821 година, објавена во 1822 година од страна на Чарлс и Џејмс Оливер во Лондон. Делото било создадено во Пиза, Италија, со цел да се соберат што повеќе средства за Грчката војна за независност и тоа било последното остварува на Шели во животот. Грчкиот политичар Александрос Маврокордатос се сретнал со Шели за време на неговиот престој во Пиза од 1818 до 1821 година.




*„На Неговата Екселенција принцот Александар Маврокордатос, виш секретар за надворешни работи на Хосподарот на Влашк, драмата Елада е запишана како несовршен знак на восхит, симпатија и пријателство од страна на авторот. Пиза, ноември 1, 1821“*

[64] Се мисли на активно вклучување на европските земји во решавање на грчкото прашање за време на Војната за независност. И денес Бајрон е еден од најпочитуваните странци во Грција на кој му се даваат врвни епитети.

[65] Големината на овој поет се гледа во влијанието на неговото творештво врз теориите на економијата и моралот врз Карл Маркс, Лав Толстој, Мартин Лутер Кинг Јуниор.

Дејството во драмата ги опфаќа османлиските воени напади во Грција и дилемите на султанот Махмуд. Шели преку обработка на чувствата на султанот навестува дека и покрај воените успеси, империјата ќе ја изгуби Грција. Шели ја прикажал мечтата на поробените грчки жени за слобода и ја критикува залудноста на војната од универзално гледиште[66].

## 2.2. Односот на Велика Британија кон грчкото востание 1821-1823

За Британците, Османлиите биле чувар на стратешките точки на нивните интереси предвидени уште во доктрината на министерот за надворешни работи Џорџ Канинг. Од дипломатските извештаи кои ги праќал британскиот конзул во Солун се согледува увереноста и задоволство од справувањето на османлиските власти со побунетите грчки востаници: *„Сега имам да ви соопштам дека на 12 о. м. наутро (ноември 1821) Турците ја заседоа Касандра по слабиот отпор што го дадоа востаниците кои претрпеа големи загуби на истурените позиции што беа освоени за миг... се соопштува дека Сикија и Света Гора се следните по ред во операциите на Абул Лабут, што треба да дојдат, и дека тој тргнал кон првото место, веднаш по падот на Касандра; јас не се сомневам во неговиот полн успех во операциите против овие места, според сите податоци што ги имаме тој пројавил необична вештина и одлучност при нападите на Касандра“.*[67]

Таквиот британски став, го делеле и Австријците поради руската воена надмоќ и во 1821 година двете држави склучиле договор со кој се предвидувало на секаков начин да се спречи војната меѓу Русија и Османлиската Империја. Англоавстриското зближување и единствен став по Источното прашање траело речиси низ целиот 19 век. Александар I не наишол на одобрување за објава на војна од своите сојузници кои се надевале дека востанието на Пелопонез ќе биде задушено и дека потоа ќе ја принуделе Високата порта да воведе реформи.

---

[66] Поетите и писателите дополнително внесувале филхеленски чувства во британската јавност креирајќи идеалистична слика за поробените Грци, нивните дела и денес сведочат за британски филхеленски чувства кои се во основата и политичката стратегија децении нанапред.
[67] Христо Андонов Полјански, Британски документи за историја на македонскиот народ, Том I (1797-1839), Скопје, 1968, 61-62.

Во текот на Грчкото востание, во однос на воените судири на море се покажало дека предноста на Османлиите била мала. Османлиската флота располагала со големи бродови со моќно оружје кои биле ефикасни во отворена битка на море само доколку екипажот имал солидни поморски вештини. Во октомври 1821 година, еден британски филантроп и сопственик на бродови кој престојувал во Патрас, Ричард Грин, забележал дека Османлиите немаат вештини за морепловство[68]. Неповолна околност за османлиската флота било тоа што имало Грци во екипажите на бродовите. „*Бродот пловеше и беше управуван од Европејците додека делот на војување им припаѓа исклучиво на Турците*" запишал Грин. По избувнувањето на револуцијата, речиси сите Грци ја напуштиле османлиската флота која брзо презела мерки за да ангажира морнари[69]. Новите морнари морало да бидат обучени бидејќи според Грин на турските бродови се случувало конфузија од незнаењето на екипажот. Во 1821 година биле преземени три големи поморски експедиции против грчката морнарица. Во август османлиската флота под водство на капетан Кара Али и неговите сојузници од Египет исловиле кон Јонско Море наместо дотогаш кон Егејско Море и на тој начин се заштитувале од напади од островјаните од Хидра, Спецес и Псара. Понатаму, британските власти на Јонските Острови и покрај искажаната неутралност им дозволувале на османлиските бродови да ги користат нивните пристаништа. Османлиските бродови на своето патување до Јонските Острови, се снабдувале со продукти од териториите кои сè уште ги држеле под сопствена контрола, воедно демонстрирале и поддршка на упориштата.

Веќе следната година, британската дипломатија направила целосен пресврт во однос на грчкото прашање. Каслреј решил да ја признае Грција, а неговата идеја ја реализирал Џорџ Канинг, кој повторно бил назначен за министер за надворешни работи. Првата половина од 1822 година е период кога британската политика кон Грчката војна за независност доживува голема промена што ќе кулминира со воената поморска интервенција кај Наварино неколку години подоцна. Една од

---

[68] George Waddington, Visit to Greece 1823 - 1824, The second edition, London, 1825, 105.

[69] Една од методите за пополнување бродски екипаж која османлиите ја пополнувале била британската метода „crimping" кога сопствениците на крајбрежните барови ги опијанувале гостите сè додека не потпишат неотповликлив договор за ангажирање на брод за кој претходно дознавале дека има потреба од морнари.

причините за таквата промена на курсот на британската надворешна политика се настаните на островот Хиос[70] или во историјата познат како „Масакрот на Хиос".

Османлиското присуство на овој остров во споредба со другите делови на империјата било минимално и се состоело од присутен гувернер, кадија (судија) и неколку стотици војници во Џеновската тврдина во Чора, престолнина на островот. Даноците за островјаните биле мали, постоело бесплатно образование дури и болница. Установената идила на Хиос била прекината во мај 1821 година, кога Јакумакис Томбазис, командант на флота од Хидра и Псара пристигнал на источниот брег на островот со цел да ги убеди островјаните да се приклучат на почнатата војна. Претходно, една делегација од повидни жители на Хиос имале средба со Томбазис во Псара при што истакнале дека не сакаат бидат вмешувани во војната.

Командантот на островот започнал директна агитација така што испраќал емисари по селата да агитираат, со пораки дека Пелопонез е веќе ослободен и дека грчката флота наскоро ќе ги затвори Дарданелите. Жителите не ги прифатиле повиците и Томбазис бил принуден да замине. Османлиските власти како одговор на оваа агитација зеле четириесет заложници од повидните жители и ги затвориле во тврдина во Чора како гаранција за мирот[71]. Гувернерот на островот побарал воена помош од Цариград, властите испратиле 1.000 војници кои се истовариле на Хиос и започнале да крстосуваат по селата, да ограбуваат и да палат куќи.

За османлиските власти пристигнала нова провокација, овој пат од Ликоургос Логотетис и Антонис Бурниас, иселеник од Хиос, кои на 22 март 1822 година се истовариле со околу 1.500 војници на брегот на Хиос, близу престолнината во обид да ги вклучат островјаните во востанието. Започнала топовска битка меѓу Османлиите и грчките војници, Грците успеале да го заземат

[70] Хиос е петтиот по големина грчки остров во Егејско Море, на 7 километри од брегот на Анатолија. Во периодот пред грчката револуција, на островот владеела благосостојба, жителите на островот биле водечки трговци и трговски агенти во големите европски градови како Марсеј, Одеса, Москва итн., David Brewer, The Greek War of Independence-The Struggle for Freedom from Ottoman Oppresion, London, 2011, 103.

[71] Во заложниците бил и архиепископот Платон, двајца ѓакони, претставници на видни христијански семејства од православна и католичка вероисповед.

градот Чора и оштетиле две џамии. Логотетис формирал револуционерен комитет[72], територијата на островот си ја поделиле со Бурниас како веќе да е завршена војната.

Султанот веднаш презел мерки за да се справи со новонастанатата ситуација на Хиос така што наредил угледни жители од Хиос да бидат доведени во Цариград како заложници, капетан паша Кара Али добил заповед да префрли 15.000 војска на островот меѓу кои и многу доброволци заинтересирани за богатство[73].

Британскиот амбасадор во Цариград внимателно ги следел одлуките на султанот и изразил загриженост околу испраќањето трупи врз кои не можело да се оствари контрола. *„Ако капетан пашата Кара Али беше задолжен со врховна команда над копнените сили, и тоа дека другите паши требало да му бидат подредени (во што верувам дека може да се случи) средувањето на состојбите на Хиос би биле со ефект со употреба на цивилизиран начин на војување. Ако, сепак, неговата команда биде само поморска, се плашам дека тој нема да биде во можност да го потисне варварскиот дух на одмазда што несомнено ќе го анимира Турската армија...“*[74]

На 11 април 1822 година, флотата на Кара Али стигнала до бреговите на Хиос и во содејство со османлиски гарнизон кој бил сместен во тврдина во престолнината ги потиснале грчките востаници. Логотетис и неговите приврзаници отпловиле со бродови и жителите на Хиос биле оставени на немилост. Странгфорд известувал за злосторствата кои започнале да се случуваат на островот додека, пак, Томас Гордон во своето дело „Историја на Грчката револуција“ ги пренесува ужасните сцени: „*Милост не доаѓаше предвид, победниците касапеа неселективно, сè што им доаѓаше во пресрет. Крици го исполнуваа воздухот, по улиците беа расфрлани тела на мртви стари мажи, жени и деца. Дури и пациентите во болницата, лудница, во институцијата за глуви и неми беа нечовечки заклани*“.

---

[72] Финлај оваа акција ја оценил како непотребна затоа што како што наведува самиот, ниту Логотетис ниту револуционерниот комитет не можеле нешто да направат при што завладеала целосна анархија, George Finlay, History of the greek revolution, volume I, 253.
[73] Британскиот конзул во Смирна во врска со овие доброволци истакнал: „Се ослободивме од сите тукашни хулигани кои заминаа на Хиос за да пљачкосуваат“ Argenti, P., The Massacres of Chios, London, 1932, 10.
[74] Исто, стр.6-7.



*Мајор генерал Томас Гордон (1788 - 1841), британски воен офицер и историчар*

Гордон бил добро информиран за сите настани во Грција, бидејќи таму бил присутен уште од самиот почеток на војната, и тоа најпрво на Пелопонез[75]. Бил очевидец и на масакрот во Триполица и ги споредувал со оној од Хиос. Теророт продолжил со несмален интензитет на островот, бегалците од голораки мажи, жени и деца барале прибежиште во манастирите. Османлиската војска се пробивала и во тешко пристапни терени и вршела масакри со палење на манастирите. Османлиските власти преку Кара Али и странски конзуларни агенти писмено понудиле амнестија до некои села и таа амнестија била поддржана од некои видни заложници. Амнестијата била прифатена, заштитата на селата му била доверена на Елез-ага, кој

[75] Томас Гордон во британската и грчката историја е запаметен по неговиот придонес во Грчката војна за независност во 20-тите и 30-тите години од 19 век како и по неговото дело објавено во 1833 година. Своето образование го здобил на Оксфорд. Од 1808 година до 1810 година тој вршел воена должност кога ја напушта воената служба и започнал со патување низ Грција и Медитеранот, кои траеле до 1812 година. Атина, Константинопол, Солун и делови од Анатолија биле дел од неговите дестинации. Во 1821 година, Гордон доаѓа во Грција и зема учество во востанието. Кога се случува масакрот во Триполица, тој протестира и ја напушта Грција. Привремената грчка влада во Хермион го поканила да се врати во 1822 година, Гордон го одбил ова барање и наредната година се приклучил на Грчкиот комитет во Лондон. Го помагал комитетот со пари и воени материјали, кога Комитетот го поканил да замине за Грција како еден од тројцата комесари задолжени за снабдување и финансирање, Гордон го одбил и овој предлог велејќи дека Грците се „неподготвени да ја прифатат европската дисциплина“. Во почетокот на 1824 година, грчка делегација подигнала заем во Лондон и повторно го поканила да дојде во Грција, таквиот обид дури две години подоцна. Гордон пристигнал во Нафплион во мај 1826 година и ја видел големата поделеност меѓу грчките бунтовници при што успеал да спречи распуштање на воените сили. Како командант на воена експедиција во 1827 година направил обид да ја ослободи Атина која била блокирана од Османлиите. Томас Гордон собирал устен и писмен материјал за историјата на грчката револуција за која напишал книга во 1833 година, A.E Kasdagli, The papers of Thomas Gordon of Cairnes (1788-1841), Northern Scotland, 1994, 109-114.

според Гордон важел за милозлив водач. Многу бегалци нашле прибежиште во странските конзулати, само во француското конзулат имало околу 1.200 бегалци, речиси сите католици биле згрижени во австрискиот конзулат. Францускиот генерален конзул на Хиос, францускиот конзул на Хиос и францускиот амбасадор во Цариград вложувале огромни напори за ослободување заложници од католичка вероисповед. Бегалците го користеле западниот брег на Хиос каде што ги чекале бродови од Псари, Самос, Хидра за да ги пренесат на безбедно. Според Бруер околу брегот пловеле и англиски бродови кои пренесувале грчки бегалци на островот Сирос[76].

Покрај физичкиот терор од страна на османлиските трупи, многу жители на Хиос биле одведени во ропство. Томас Гордон дава податок од 45.000 робови од Хиос, кои биле испратен во Цариград, Египет и Барбари[77]. Во Смирна се развил пазар на робови на кои доаѓале купувачи од сите делови на Мала Азија, Кара Али во еден период се обидел да го запре изнесување на робовите од островот. Странтфорд остро протестирал пред Високата порта во Цариград за претворањето на жителите на Хиос во робови, на неговите протести добил одговор дека *„правењето робови од сопругите и децата на непријателите не само што се дозволени туку биле повикани тоа да го прават од муслиманските закони и вера, дека христијанските држави со векови го толерирале ропството, едноставно за профит и без санкционирање од религијата. Османлиската влада имала право да се однесува како што ѝ е задоволство кон нејзините податоци и на крајот зошто христијанските суверени не се вмешаат за да го спречат рускиот цар да испраќа негови поданици во Сибир? Затоа што тие многу добро знаат каков одговори би добиле“*[78].

Британскиот вицеконзул на Хиос, Гуидичи, учествувал во откуп на заробеници за да не станат робови. Околу стотина луѓе биле спасени на овој начин кој предизвикал огромни трошоци за конзулот.

[76] Сирос е остров на Кикладите, 144 километри јужно од Атина. Островот бил од големо стратешко значење за Британците на патот кон источниот Медитеран. Во време на грчката революција имал неутрален статус и тоа овозможило да се стационираат бегалци од востанатите региони.
[77] Англискиот термин Барбари се однесува на крајбрежните региони на Северна Африка населени со народот Бербети и се користел од 16 до 19 век.
[78] Argenti, P., The Massacres of Chios, London, 1932, 19.

Грчката морнарица започнала да презема акции со цел да ја спречат морнарицата предводена од капетан Кара Али да се соедини со други османлиски бродови и со оние од Египет. Доколку тоа се случело, Грците знаеле дека османлиската флота ќе доминирала на море. На почетокот на мај 1822 година, грчка флота составена од бродови од Хидра, Спецес и Псари се обиделе да ја нападнат османлиската морнарица во каналот помеѓу Хиос и копното. На празникот Рамазан во месец јуни, грчките бродови извршиле успешна акција за потопување на османлиските бродови во едно пристаниште на брегот на Хиос со предизвикување над 2.100 жртви. Овој чин донел до нова одмазда каде што 20.000 османлиски војници ги убиле преостанатите островјани или ги одвеле во ропство. Од околу 110.000 Грци кои живееле на Хиос по масакрите останале околу 20.000[79]. Предупредувањата на британскиот амбасадор во Цариград, Странгфорд, се оствариле, капетан Кара Али не бил во можност да ги контролира воените сили и нивното однесување и затоа се случил тој егзодус на островот. Доколку османлиските власти се пресметале сразмерно со грчките бунтовници на почеток, жителите на Хиос ќе продолжеле да даваат придонес во развојот на османлиската трговија. Покажаниот варваризам го привлекол и меѓународното внимание и ја вложи позицијата на Високата порта бидејќи сомнежите биле дека султанот директно издавал наредби преку неговиот министер Халет-ефенди[80].

Европа била шокирана од масакрите на османлискиот остров Хиос, една од причините на загриженост биле и заемите кои им биле давани на трговци на Хиос од страна на европски компании. Италијанскиот конзул кон крајот на март 1822 година истакнал дека трговијата е погодена и сумите кои им се должат на Европејците веројатно нема да бидат исплатени. Британскиот конзул во Смирна еден ден пред убиството на капетан Кара Али објавил дека трговците на Хиос им должат 195 милиони пијастри на англиски трговци[81].

---

[79] Томас Гордон споменува некоја бројка од 1.800 преживеани жители што веројатно е грешка, најверојатно се работи за 18.000 жители. Бруер смета 45.000 биле однесени во ропство, 25.000 биле убиени, а преостанатите пребегнале во другите делови на Грција.

[80]Странгфорд го опишува како поттикнувач на егзекуциите на Хиос, иако другите министри се спротивставувале: „*варварскиот систем на тероризам кој Халет-ефенди го извршува е во интерес на свртување на јавното внимание од неговите злосторства*“ Argenti, P., The Massacres of Chios, London, 1932, 20.

[81] 1 пијастра е еднаква на 100 фунти

Настаните на Хиос предизвикале голема вознемиреност во политичките кругови во официјален Лондон. Таква реакција се забележува во една депеша која му ја испратил секретарот за надворешни работи на Велика Британија, Каслреј, до британскиот амбасадор во Цариград од 9 јули 1822 година. Секретарот потврдил дека ги примил депешата од британскиот амбасадор *„кои пренесувале болен и одвратен рецитал од крвави сцени изникнати од војната на Хиос*“ и за кои тој рекол дека му биле пренесени на кралот[82]. Егзекуциите на невините заложници од Хиос во Цариград ги загрижувале Каслреј и кралот, иако тие не биле во никаква смисла под заштита на Велика Британија. На амбасадорот Странгфорд му било наложено да пренесе остра порака до османлиските власти: *„Со повторување на такви злосторства, тие не само што ќе ги направат сите мировни планови неприменливи туку ќе ги одвратат сојузничките држави од пријателство. Нема да има друга алтернатива од тоа да не дејствуваат повеќе преку нивните мисии и како што изгледа да се прифаќаат сведоштвата од извештаите во кои за (извршените м.з.) престапи врз луѓето не може да се смисли изговор, уште помалку оправдување. И кои ако се повторат, мора да се изврши притисок на Советот на државата која ги толерира, со прекор кон најкрволочниот варваризам исполнет со омраза“.*[83]



*Ежен Делакроа „Сцени од масакрот на Хиос“*

[82] Крал на Обединетото Кралство на Велика Британија и Ирска и крал на Хановер Џорџ IV (1762 - 1830)
[83] Argenti, P., The Massacres of Chios, London, 1932, 26

Позицијата на Велика Британија била сосема јасна и за нејзината подготвеност да ги поттикне другите европски држави да извршат притисок врз Османлиската Империја, иако прецизно не било наведено каков. Во период од нецела година, Велика Британија почнала да го напушта ставот за Грците како за агресивни бунтовници со признание дека грчката блокада на османлиското крајбрежје била легална. Оваа голема сила ги правела првите чекор за вклучување во Грчката војна за независност што ќе доведе до пресудната битка кај Наварино.

### 2.3. Грчкото востание во дипломатскиот вител на британските и руските интереси во југоисточна Европа

Судирите меѓу грчките востаници и османлиските војски и понатаму ја бранувале меѓународната јавност при што Руската Империја била претпазлива во реакциите кон востанието поради односите со другите големи сили. Бесењето на цариградскиот патријарх во Цариград било чин што Русија не можела да го одмолчи, царот Александар испратил ултиматум до Високата порта повикувајќи се на стекнатото право од договорот во Ќучук Кајнарџа од 1774 година. Преку овој ултиматум, Александар I побарал гаранции за христијаните во Османлиската Империја и повлекување на воените сили од Влашко. Русија барала и обнова на разрушени цркви и сè повеќе го фаворизирала верскиот елемент како пат за вмешување[84]. Во исто време руската дипломатија започнала да го испитува ставот на другите европски држави за можна руско-турска војна со предлози засекогаш да биде уништена Османлиската Империја. Русија го отповикала амбасадорот од Цариград како одговор на заострените руско-турски односи.

Велика Британија и Австрија на руските понуди одговориле така што потсетувале на обврските од Виенскиот конгрес во 1815 година со што Русија останала сама во своите намери. Додека помеѓу големите сили се одвивале контакти во врска со грчкото прашање, грчките востаници ја исфрлиле идејата за независна грчка држава, идеја која порано била прифатлива за Русите. „Филики етерија“ во

[84] William St. Clair, Greece Might Still Be Free, 57.

текот на востанието имала судири со други востанички групи како и банди во 1822 година успеала да се наметне над нив. Припадниците на „етеријата“ во истата година прогласиле независност и донеле либерален устав, акти кои не добиле поддршка од рускиот цар. Конгресот во Верона од октомври 1822 година не донел одлука за интервенирање во Грција или за каква било поддршка на револтот. Грчкото прашање било во спротивност со идеите на Метерних за револуционерните движења во Европа за кое Александар I сметал дека треба да бидат „*задушени, но дека Света војна е друга работа*“[85]. Во ова време грчките барања за државност не оделе во прилог на руските интереси затоа Александар I се насочил кон подобрување на статусот на балканските христијани во целост, грчката независност ја оставил настрана. Со создавање на грчката држава Русија губела инструмент во својата дипломатска тактика, повеќе ѝ одговарало нестабилен регион каде што би можела да поентира со закани и провокации кон Цариград. Додека можноста за самостојна руска интервенција во Грција отпаднала, јавното мислење во западноевропските земји кулминирало со повици за помош на грчките востаници. Растел бројот и на европски државници кои се декларирале како филхелени. Во Велика Британија започнало и собирање финансиски средства за поддршка на бунтовниците, така во 1824 година Лондонскиот грчки комитет издвоил три милиони фунти. Европските филхелени започнале поинтензивно да влијаат на ставот на владите кон Грчката војна.

Официјалната британска политика од моментот на избувнување на Грчкото востание не ја поддржувала грчката страна. Министерот за надворешни работи Каслреј обрнувал големо внимание на случувањата во Грција и на секаков начин се обидувал да го попречи руското мешање[86]. Неговиот наследник Канинг не бил посветен на грчкото прашање како неговиот претходник. Во меѓувреме, османлиската власт сѐ помалку можела да се справи со бунтовниците што во извесна мера овој конфликт ја исцрпувал империјата. Тоа за Лондон значело дека Османлиската Империја не може да контролира стратешки значајна територија што

---

[85] Charles and Barbara Jelavich, The Establishment of the Balkan National States, 1804-1920, Washington, 1970, 47.
[86] Leonard W. Cowie & Robert Wolfson, *Years of Nationalism, European History.1815-1890,* London, 1985, 30-31.

би одело во прилог на руските планови за излез на топлите морињa. Британската дипломатија сè повеќе го изнесувала ставот дека „*ако Грција мора да биде независна, тогаш тоа требало да се постигне под англиска контрола*"[87]. Грчкото востание особено ги погодувало британските трговски интереси на островите, дополнително домашните филхелени вршеле притисок властите да ја променат позицијата кон грчките востаници. Под влијание на сите овие фактори, во март 1823 година англиската политика прави пресврт и ги признава грчките бунтовници како легитимни борци за слобода. На грчките морнари им се признало правото да застануваат и пребаруваат бродови кои пловеле во близина на грчките острови и континенталниот дел. Франција и Русија ги прифатиле овие британски позиции и откако Висока порта изразила протест, амбасадорите на трите големи сили го напуштиле Цариград.

Променетиот став на европските сојузнички кон грчкото движење за независност значело и крај на Метерниховата политика за спротивставување на револуционерни и национални движења на територијата на Европа. Новата политика на големите сили ја поддржувала страната од која можело да се очекува најмногу придобивки во поглед на сопствените интереси.

Од почетокот на 1822 година кога била формирана, грчката влада се соочувала со финансиски проблеми. Скромните финансии со кои располагала ги добивала од грабежи и откуп на богати заробеници, од даноци кои биле воведени и тешко се собирале во време на војна. Грчкото население сметало дека со отргнување од османлиска власт треба да се прекрати на оданочувањето. Грчкиот буџет во овој период се полнел и од странски прилози, кои исто така биле недоволни[88]. Грчката власт се обидувала на овој начин да дојде до финансиски средства од самото нејзино основање, така што назначила агент за оваа потреба. Андреас Луриотис заминал за Португалија и Шпанија по обезбедување заем, каде што добил само комплименти.

[87] Omer Turan, The role of Russia and England in the Rise of Greek Nationalism and in Greek Independence.
[88] Тие прилози од поединци од неколку стотици фунти стерлинзи како и прилозите од странските комитети од неколку илјадници стерлинзи биле премали за грчкиот буџет. На Владата ѝ биле потребни стотици илјади стерлинзи. Националниот буџет за 1823/1824 година покажал дека трошоците ги надминувале приходите еквивалентно на 500.000 фунти. Добивањето на такви средства можело да се оствари единствено преку заеми од странство. David Brewer, The greek war of independence, London, 2011, 165.

Престолнината на Обединетото Кралство, Лондон била следна дестинација на Луриотис во февруари 1823 година каде што Едвард Блакиер го запознал со британски филхелени од Лондонскиот грчки комитет кој првата средба ја имал во таверната „Crown&Anchor“. На состанокот присуствувале видни членови на парламентот како и Џереми Бентам, Томас Гордон, Џон Кам Хобхоус и Џон Бовринг како секретар на комитетот. Комитетот донел заклучок да ги испрати Луриотис и Блакиер во Грција за да известат повратно за состојбите во земјата како и да преговараат со грчката влада да испрати во Лондон официјални агенти кои можат да договорат заем од нејзино име. Со добиените задачи двајцата веднаш отпловиле за Грција и во септември Блекиер се вратил во Лондон носејќи еден апсурден и претенциозен извештај за трговската моќ на Грција[89]. Патот за првиот британски заем веќе бил отворен. Лондон бил единствено место каде што Грците можеле да подигнат колку што им е потребно од причината што Велика Британија предничела во индустриска револуција и така бил создаден поголем капитал отколку што можеле да апсорбираат домашното земјоделство и индустрија. Така вредноста на парите растела во Лондон и било потребно да се бараат нови начини за вложување.
Не било непознато и создавањето лажни претстави за состојбите со кои сакале да се поттикне набавка на материјални добра или да се одржи нивната вредност потоа. Тоа често го правел Блекиер во интерес на Грците и неговите нереални прикази ги дознаваме преку извештаите кои ги испраќал до Лондонскиот грчки комитет од 1824/1825 година. Блекиер известувал дека Грција се преродува споредувајќи ја со целиот јужноамерикански континент наведувајќи листа на производи кои можат да се извезуваат од Грција[90]. Тој уверувал дека Грција како една од земјите или владите кои во последните десет години позајмувале пари од Лондон располагала со најсигурни средства и мноштво на начини да ги врати парите назад[91]. Впечатоците на Филип Гри, кој престојувал на Закинтос, биле сосема поинакви. Тој тврдел дека многу е мала веројатноста да се исплатат заемите. Според тоа, доколку лондонскиот

---

[89] Оттука е изреката на Блекиер дека кога Грците ќе се ослободат ќе станат „една од нациите на Европа кои најмногу сакаат изобилие“, Levandis, J.A., The Greek Foreign Debt and the Great Powers 1821-1898, New York, 1944, 13.
[90] Блекиер наведува дека во местото Вивари, Навплион, се можеби едни од најдобрите пристаништа на континентот, Тесалија ја нарекува најпродуктивен регион во Европа.
[91] Edward Blaquiere, The Greek Revolution its origin and progress, London, 1825, 305.

Грчки комитет и финансиерите кои членувале во него повеќе му верувале на Грин отколку на Блекиер, најверојатно немало да дадат заем.
Андреас Луриотис и Јанис Орландос како овластени лица за спогодување за земање заем кон крајот на јануари 1824 година пристигнале во Лондон. Орландос бил прифатлива личност за финансиерите поради високите функции кои ги извршувал во Грција и поради тоа што бил противник на Теодорос Колокотронис, кој бил под руско влијание. Во чест на грчките пратеници бил приреден свечен банкет на кој присуствувале Канинг, градоначалникот на Лондон и други видни гости од власта. На 19 февруари во согласност со Лондонскиот грчки комитет бил потпишан договор за заем од 800.000 фунти со „Issuing house of Loughman, O’Brien, Ellis&Co.“.

Сè што поседувала грчката влада станало залог на зајмувачите, односно враќањето на заемот било гарантирано со сите ресурси на државата.

Се појавил спор помеѓу двете страни кои го склучиле договорот за заем околу тоа за што да бидат наменети парите. Зајмувачите инсистирале трошењето и намената на парите да биде контролирано од британски повереници кои би биле назначени од лондонскиот Грчки комитет. Бајрон и Стенхоп биле номинирани за повереници, по извесно време грчката страна се пожалила дека на овој начин се нарушува честа на Грција. Луриотис и Орландос го предложиле Лазарос Кондориотис[92] за трет повереник. Британците стравувале доколку се прифати грчкиот предлог дека постои можност непотизам и корупција затоа бил повикан Џереми Бентам[93] да посредува. Од негова страна било предложено сложено решение со кое се предвидувало, покрај Кондориотис да има и дополнителен грчки повереник кој би бил претставник на грчката опозиција за да има баланс. Според предлогот дополнителниот повереник би бил предложен од Луриотис и Орландос на

[92] Лазарос Кондориотис бил брат на претседателот на грчката влада, зет на Орландос и сопственик на голем имот на Хидра.
[93] Џереми Бентам (1748-1832) бил британски филозоф од областа на правото, реформатор чиј принцип бил „законот онаков каков што треба да биде“. Бентам соработувал со грчката привремена влада во периодот од 1823 до 1825 година според објавената кореспонденција во „Делата на Бентам“. Грчките власти изразувале голема почит кон Бентам затоа бил сметан за истакнат законодавец и го помагал образованието на млади Грци. Министерот за правда, Теодор Негрис, во време на подготовка на законите му пишал на Бентам и побарал помош за изготвување граѓански законик. Британскиот филозоф имал контакти и со Александар Маврокордатос кон кого имал нескриени симпатии како кон предодреден лидер на Грците, визијата на Бентам во однос на државното уредување на Грција била извршната власт да биде подредена на законодавната и во тој правец биле неговите совети. (https://ojs.lib.uom.gr/index.php/BalkanStudies) Jeremy Bentham’s constitucional reform proposals to the Greek provisional government, 1823-1825, 2-4.

што британската страна дала забелешка дека „*двајца грчки повереници ќе се здружат во шема на проневери за заеднички бенефит*“[94].

Првиот дел од заемот во вредност од 40.000 фунти пристигнал во април 1823 година на Закинтос и бил депониран кај банкарот на Бајрон, извесен Барф кој не дозволил да се користи сѐ додека не добие дозвола од повереницитe. Во меѓувреме Бајрон починал и требало да се назначи негов наследник. Вториот дел од заемот пристигнал во Навплион во средината на јуни при што достапноста и вложувањето на парите повремено предизвикувале спорови меѓу претставници на грчките власти и британските финансиери. Подигањето на заемот од Велика Британија се случувал во време на затишје пред избувнување на граѓанските судири во Грција.

[94] F.Rosen, Bentham, Byron and Greece, 118.

## ГЛАВА III

# 3. Признавање на грчките востаници како страна во конфликтот 1823-1825

Британската официјална дипломатија во време на Канинг воопшто не ги разгледувала идеолошките или религиозните аспекти на Грчката војна за независност. Фактот дека се случувал конфликт кој претставувал закана за пријателска и стратешки значајната Османлиска Империја бил клучен да се одбиваат грчките апели за помош. Англоруското соперништво и заемната претпазливост околу позицијата на конкурентот во Грчкото востание биле фактори кои влијаеле на остварувањето на независноста. Британскиот амбасадор во Истанбул, сер Странгфорд постојано известувал за „ризикот од војна помеѓу двете империи“[95]. Канинг вложувал максимални напори за да спречи руско-турска војна во тие неколку години при што до 1826 година не била донесена одлука за војна иако Османлиите одбивале компромис за Грција или дунавските кнежевства. На Пелопонез грчките борци етапно биле потиснувани од египетските сили на Ибрахим-паша. Велика Британија немала поддршка од преостанатите европски сојузници во напорите да посредува во затегнатите руско-турски односи. Франција и Прусија сакале да ги зачуваат добрите релации со Русија, Австрија не можела да реагира поради блискоста на Метерних и царот Александар[96].

Во меѓувреме на Пелопонез продолжувале крвави пресметки со сериозни последици. Османлиите и нивните египетски сојузници честопати спроведувале брутални дејства иако ѕверствата врз цивилно население не било непозната тактика и од грчките востаници. Европската јавност била почувствителна на постапките од османлиските трупи, со приклучувањето на Ибрахим-паша биле разрушени голем

[95] Josceline Bagot, George Caninng and Friends, Strangford, letter to Canning Aug 1823, 19.

[96] Канинг имал разбирање за однесувањето на Австрија која не посакувала војна меѓу Османлиската Империја и Русија која би ги загрозила нејзините интереси. Сепак не можела да реагира одлучно затоа што го ризикувала Светиот сојуз во која била заедно со Русија. Во една ситуација Канинг истакнал „...грчкото прашање е полно со опасности и тешкотии дотолку повеќе што целиот товар од делувањето паѓа на нашите рамена“, Josceline Bagot, George Canning and Friends, Canning, letter to Liverpool Oct 1824, 177.

број на грчки утврдувања и го контролирал Пелопонез. И покрај тоа не можел целосно да го задуши востанието и размислувал за промена на стратегијата.

Еден од главните предизвици на британската дипломатија во првите децении на 19 век беше слабеењето на Османлиската Империја и контролата врз нејзината територија како руската експанзија на југ. Грчкото востание ги загрозуваше британските интереси затоа што постоело ризик Русија да го искористи за уште една долга исцрпувачка војна против Османлиската Империја[97]. Османлиската контрола врз теснеците кои го поврзуваат Црното Море и Медитеранот било пречка за руските поморски сили да минуваат во источниот Медитеран кој бил во британска сфера, пред сѐ на економски интереси. Во одредени владејачки кругови во Руската Империја постоеле мислења дека треба да биде освоен Цариград што ги вознемирувало Британците поради нивните трговски врски на исток. Во првите години од Грчката војна за независност, големите сили имале интерес да се реши грчкото прашање така што нема да се наруши рамнотежата на моќта затоа што постоело можност од нова општа војна на континентот.

„*Канинг успеа да ја оттргне Русија од орбитата на Метерник и Австрија и да ја приближи Франција во нивната група. Овие три нации дејствуваа заедно за да ги прекратат османлиските операции во Грција и да се оствари речиси независна грчка држава... политиката на Канинг помогна да се стави крај на краткорочната криза во Грција и повторно да се воспостави Четворната алијанса под британско водство, но не успева да ги реши подлабоките прашања околу Источното прашање*“.[98]

Ослабената Османлиска Империја била принудена да ги повика своите вазални владетели од Египет да помогнат во справувањето со грчките востаници. Синот на Мехмед Али, Ибрахим-паша заминал на Пелопонез со далеку побројна војска од бројот на грчките востаници кои повеќе се потпирале на герилски акции.

Грчката војна за независност влијаела врз јавното мислење во Велика Британија, а со тоа неминовно и на официјалната британска политика. Општеството се мобилизирало за помош на побунетите Грци и во заштита на Јонските Острови како британска територија кои биле територијално блиску до Грција. И покрај тоа

[97] Andrew Montgomery Endorf, *British foreign policy under Canning,* University of Cincinnati, Ohio, 2004, 66.
[98] Исто....67.

секретарот за надворешни работи настојувал колку што е можно да ја задржи политиката на неутралност. Признавањето на Грците како страна во конфликтот од страна на Канинг ќе дојде со намерата пред сѐ да се осигури британското морепловство [99]. И понатаму секретарот за надворешни работи ќе ја држи Велика Британија настрана од воен конфликт затоа што таков чекор немал и согласност од политичките фактори. Поткопувањето на Османлиската Империја во овој период не било британски интерес, неутралноста давала поголем кредибилитет за посредство во воениот конфликт и попречување на руските интервенции.

Другите европски држави граделе став кон Грчкото востание соочувајќи се со низа противречности. Во тој контекст, грчките револуционери војувале против монарх, чиј легитимитет како владетел дотогаш никој не го спорел. Европските монарси ги осудувале таквите револуции уште од време на Француската буржоаска револуција, иако во конкретниот случај Османлиската Империја не беше европска сила, Грците не биле целосно Јакобинци. Верскиот контекст на грчко-османлискиот судир исто така бил чувствително прашање за европските владетели и јавност.[100] Грчката револуција допрела многу аспекти во европската јавност почнувајќи од политички, верски и интелектуален што помогнало да се шират филхеленските друштва. Преку нив биле мобилизирани и поранешни чиновници во британската и француската војска кои обучувале Грци и командувале со грчки одреди. Таквата поддршка била непроценлива за грчките востаници бидејќи им ја одржувала надежта дека ќе добијат помош од големите сили.

Владите на европските држави од геополитички причини повеќе биле загрижени од последиците од грчкиот бунт, во контекст на постоењето на Османлиската Империја и руската доминација. Во таквиот став најмногу предничела Велика Британија, помалку Франција која исто така имала трговски врски низ Левантот.

---

[99] Norman Rich, Great Power Diplomacy 1814-1914, New York: McGraw-Hill, 1992, 52.

[100] Грчките револуционери вешто ја користеле верската тема за да се здобијат со европската наклонетост. Во грчкото национално собрание биле држени говори со повици од Француската револуција поврзани со човековите права и вољата на народот како за справување со варварскиот непријател на Христос што особено анимирале поддршка кај православните Руси, Proclamation by Panoutzos Notaras to Greek National Assembly (trans), in British and Foreign State Papers 1824-1825, 1063.

### 3.1. Текот на грчкото востание и османлиската интервенција

Текот на востанието било неповолно за османлиската страна, справувањето со грчките бунтовници било сѐ потешко. Султанот Махмуд Втори по совет од Метерних се обратил до османлискиот намесник на Египет, Мехмет Али-паша да учествува во задушување на Грчкото востание. Мехмет Али-паша, иако номинално ја признавал власта на султанот, имал голема воена моќ со добро организирана војска, според турскиот историчар Омер Туран египетскиот намесник во овој период бил надмоќен и во однос на централната власт во Цариград. Ибрахим-паша, синот на Мехмед Али-паша во април 1824 година пристигнал на Родос и помогнат од османлиската морнарица започнал воена операција против бунтовниците. Во периодот од февруари 1825 до јуни 1826 година, Ибрахим-паша успеал да ги потисне грчките востаници за што бил награден со титула намесник на Крит од страна на султанот.

Со учеството на Ибрахим-паша во судирите на Пелопонез, османлиските воени сили неколкукратно ги надминале грчките при што се позиционирале на северот од Грција и на југот од Пелопонез. Тие биле стационирани во значајни утврдувања во Грција и се снабдувале со ресурси од флотата која крстосувала по должината на крајбрежјето.

Грчките востаници правеле герила акции, тоа им го овозможувал планинскиот релјеф така што ги контролирале тесните планински премини и ги спречувале османлиските војски да дејствуваат на Пелопонез. Војната дошла во позиција кога ниту една страна немала предност. Грчките револуционерни власти се соочувала со недостиг на финансиски средства поради што ги ограбувале османлиските резерви на ресурси. Во воените одреди владеело недисциплина и непокорување на заповедите нешто што било случај и во османлиските единици каде што имало египетски и ермenski платеници. Процесот на модернизација на војската од страна на султанот бил во тек, Високата порта одлучила да ги распушти јаничарските одреди што довело до внатрешни конфликти и слабеење на османлиските сили. Тоа било уште еден фактор кој довел да се води војна во која и двете страни не остварувале предност.

Иако грчките борци на своја страна ја имаа европската дипломатија, внатрешно биле силно поделени на фракции. Ипсилантис ги предводел бунтовниците кои се залагале за воведување либерален устав додека групите кои ги контролирале оддалечените места на чело со Колокотронис биле нивни противници. Честопати меѓу нив доаѓало и до судири при што Колокотронис бил поразен и затворен.

Во текот на востанието се појавиле три групации меѓу грчките бунтовници со различна надворешнополитичка ориентација[101]. Првата групација била проруска и предводена од Каподистриас, поранешниот руски министер за надворешни работи, кој откако Русија не го поддржала Грчкото востание си дал оставка и заминал во Грција. Кај Каподистриас постоела амбиција да стане и претседател на грчката влада. Втората групација биле приврзаниците на францускиот војвода Луис од Немурс,[102] кои во него гледале иден грчки крал, третата групација биле проанглиска составена од приврзаници на лорд Бајрон. По неговата смрт меѓу нив настанало расцеп кога водството го презел Фредерик Норт на оваа фракција и таа повторно станала силна[103].

Маврокордатос се обидувал да предизвика конфронтација помеѓу Франција и Англија од една страна и Русија и Австрија од друга страна како противнички на грчката независност, иако решението на грчкото прашање го гледал на општоевропско ниво.

[101] Трите сили кои имале интереси во источниот Медитеран по 1830 година оствариле силно влијание во политичкиот живот во Грција преку дејствувањето на партиите: англиска партија раководена од фанариотот Александрос Маврокордатос која се залагала за централизирана монархија, блиски односи со Османлиската Империја, француска партија предводена од Јоанис Колетис со приврзаници во младината и интелигенцијата. Оваа партија се залагала за територијално проширување со водење агресивна политика. Руската партија ја предводел Колокотронис и била најпопуларна меѓу обичното население, првично се залагала за добри односи со Османлиите, во време на влошување на руско-османлиските односи нејзините претставници имале воинствена реторика, Далибор Јовановски, Грчката балканска политика и Македонија (1830 - 1881), Скопје, 2005 16.

[102] Немурс (француски Nemours) е населено место во Северна Франција.

[103] Фредерик Норт, војводата од Гилфорд (1766 - 1827), бил британски политичар и колонијален администратор. Во 1824 година ја основал Јонската академија на островот Крф, која може да се смета за прв универзитет во модерна Грција, Miller, W., The Ottoman Empire and its Succesors:1801-1927, London, 1966, 123.

### 3.2. Официјален Лондон го менува ставот кон востанието во Грција

Со доаѓањето на Канинг како секретар за надворешни работи, доаѓа до засилување на британското влијание во внатрешните грчки работи. Почнувајќи од одлуката да се признаат правата на Грците како страна во конфликтот потоа Канинг ќе го отфрли рускиот предлог за автономија на Грција. Таквиот чекор бил во насока на исполнување на плановите за независност на Грција. Во мандатот на Канинг се спроведувала втора кампања за финансиска помош во корист на Грците, англиската морнарица и вооружените сили сè повеќе ги помагале грчките бунтовници. На приврзаниците на Англија во Грција им одел во прилог фактот дека франкофилите не можеле да овозможат значителна поддршка и така го зголемувале политичкото влијание[104].

Русија го предупредила Канинг дека Ибрахим-паша подготвувал етничко чистење со тоа што грчкото население требало да биде однесено во ропство или протерано, на нивно место да бидат доселени Арапи муслимани. Оваа информација била објавена во јавноста и предизвикала вџасување кај Британците и уште поголема поддршка на Грците. Биле упатувани апели и повици Европа да не стои настрана од можното етничко чистење. Како што наведува историчарот Ендорф, нема сигурни податоци за подготвување на етничко чистење во Грција од страна на Османлиите, особено што таквиот чекор ќе го разбунтува преостанатото христијанско население. Тие шпекулации придонеле Велика Британија и Франција да го прифатат ставот дека е потребна воена интервенција во решавање на грчкото прашање[105].

Руската променлива политика како и очекуваните османлиски злосторства влијаеле на новиот курс на политиката на Канинг кој континуирано се залагал за одржување на Османлиската Империја и спротивставување на рускиот пробив на југ. Сепак силното прогрчко расположение во земјата го принудила секретарот за

[104] Грчките симпатии кон Велика Британија биле особено изразени во 1825 година кога Мехмед Али-паша речиси го задушил грчкото востание, тогаш Грците му се обраќаат на Канинг за помош со покана да биде нивни крал, „Greek lndependence“ İn EncycLopedia Brilauuica.

[105] Многу е веројатно дека шпекулациите за ентичко чистење врз Грците се руски обид да ја зголемат поддршката кај европските партнери за воена интервенција во Грција во што и успеале. Andrev Montgomery Endorf, British Foreign Policy Under Canning, The university of Montana, 2008.

надворешни работи да ја смени политиката на неутралност.

Веќе следната година, британската дипломатија прави целосен пресврт во однос на грчкото прашање. Во преден план за таквата промена на ставот биле земени предвид трговските интереси на Велика Британија кои не можеле да бидат заштитени. Во едно писмо од јануари 1823 година, британскиот конзул во Солун Чарнауд ги известува гувернерот и членовите на Левантската компанија дека трговијата е во голема неволја, преносот на стоки до Пелопонез е загрозен поради грчки блокади на местата каде што треба да се истовара.[106] Затоа Канинг сметал дека „*ние треба да гледаме на Грците или како на пирати или како завојувана страна*". Со таквиот став Британците имале намера да ги прекратат сите руски иницијативи и влијанија во однос на грчкото прашање. За таквата цел биле одобрение два заеми во 1824 и во 1825 година на Грците. Новата британска политика ја вознемирила Русија, која предложила веднаш да се одржи амбасадорска конференција во Петербург и испратиле еден мемоар за смирување на состојбите во Грција до другите големи сили. Со тој мемоар се предвидувало создавање на три автономни кнежевства: Источна Грција (Тесалија, Беотија и Атика), Западна Грција (Венецијански Брег, Епир, Акаранија), јужна Грција (Пелопонез) кон кој би бил присоединет и островот Крит. Островите од Архипелагот требало да добијат локално самоуправување. Подунавските кнежевства биле модел како треба да се уредат предвидените грчки кнежевства и на тоа многу се инсистирало. Високата порта требало да добива годишен данок, без право да именува чиновници. Мемоарот предвидувал цариградскиот патријарх да ги застапува грчките политичко-административни единици пред султанот. Тоа било официјално првиот проект за уредување на грчките земји. Руската дипломатија била многу внимателна во своите предлози да не наликуваат на „Грчкиот проект" на Екатерина Велика кој подразбирал создавање на голема грчка држава под руска заштита.

Мемоарот предизвикал лутина и разочарување и кај Грците и во Цариград. За грчките востанички власти овој проект ја делел грчката земја и се обратиле со молба до Лондон да биде призната независноста на Грција како британски протекторат. Првпат еден балкански народ барал покровителството од Англија, во

[106] Христо Андонов Пољански, Британски документи за историја на македонскиот народ, Том I (1797 - 1839), Скопје, 1968, 70.

овој случај поради изгубена доверба во Русија. Високата порта исто така го отфрлила овој мемоар и решела воено да се пресмета со грчките востаници. Александар I одлучил Русија сама да интервенира и странските амбасадори биле информирани дека ќе се следат само руските интереси и погледи.

Лондонскиот грчки комитет лобирал во интерес на Грците, при што Едвард Блакиер во септември 1823 година доставил апел до парламентот во кој барал Велика Британија воено да интервенира како и писмените молби од грчкото национално собрание. Во апелот се истакнувала важноста на независноста за грчката нација и се повикувало на поддршка на христијанска основа. Блакиер бил приврзаник на грчката кауза и британски агент кој служел во морнарицата во Медитеранот и имал можност одблиску да биде запознаен со случувањата во целиот регион. Лондонскиот грчки комитет му ја доверил задачата да направи посета и на Грција и лично да ги извиди состојбите. По посетата на Грција се вратил во Велика Британија и започнал да се занимава со политика како грчки лобист.

Од 1821 до 1825 година, грчката влада активно побарала помош од Велика Британија. На 21 јули 1823 грчкото национално собрание доставило декларација барајќи британска заштита. Уште на почетокот од избувнувањето на Грчката војна за независност Велика Британија се држела неутрално и имала единствен став со преостанатите европски сили.

**Глава IV**

## 4. Патот кон независноста на Грција 1826-1830

Во 1822 година грчките лидери на востание првпат го поставиле прашањето за независност што во Русија предизвикало преиспитување на ставот кон грчкото прашање. Царот Александар I сакајќи да оствари интерес од состојбите во Грција во 1824 свикал Конгрес во Санкт Петербург и го изнел предлогот до европските сојузници да се формираат три грчки држави. Тоа било тактички чекор со кој Русија требало да биде иницијатор за решавање на грчкото прашање. Канинг од своја страна сакал Велика Британија да има лидерска улога за ова прашање, го одбил рускиот предлог и не заминал на средба во Санкт Петербург. Канинг знаел дека ако го прифати овој предлог, Грците би биле под целосна руска контрола. Предлогот не бил прифатлив и за грчките лидери.

Во 1825 година починал Александар I, кој бил наследен од синот Никола I кој бил поодлучен и подготвен да употреби сила во однос на грчкото прашање. Рускиот цар не се согласувал со присуството на Али-паша во Грција и ја согледал слабоста на Османлиите во Грција во справувањето со востанието. Во февруари 1826 година, Никола I испратил ултиматум до Цариград со забелешки за спроведувањето на Букурешкиот договор од 1812 година. Османлиите не биле подготвени да се спротивстават и прифатиле да преговараат при што во октомври 1826 година била склучена Акерманската конвенција. Со оваа конвенција Русите добиле поголеми права во Подунавјето и во Србија како и поволности за нивните трговски бродови, Грција воопшто не била спомената.

По склучувањето на Акерманската конвенција, Русија ја повикала Англија на преговори во однос на Али-паша кој претставувал закана за Грците и кон кого Англичаните немале симпатии. Повикот бил прифатен и преговорите започнале во Санкт Петербург при што најпрво биле разгледувани репресиите од Ибрахим-паша во задушување на револтот во Мореа. Во април 1827 година, двете сили се согласиле дека Грција треба да биде автономна држава која ќе плаќа данок на султанот притоа

турски жители ќе треба да ја напуштат Грција[107]. Претставници на Англија, Русија, Франција се состанале во јули истата година со цел да го подготват Лондонскиот договор според кој доколку Цариград ги прифател заклучоците од Санкт Петербург требало да биде склучен договор помеѓу грчките револуционери и Османлиите за создавање независна грчка држава. Во спротивно, трите земји отворено ќе ја поддржале грчката страна во конфликтот. Османлиската страна ги отфрлила овие барања укажувајќи дека се работи за мешање во внатрешните работи, дотолку што веќе успешно се справувале со бунтот во Грција. Како одговор на одбивањето Англија, Русија и Франција ги соединиле воените флоти и се упатиле кон полуостровот Мореа за да ги блокираат османлиските воени сили и да ја натераат Високата порта да ги прифати нивните ултиматуми. Ибрахим-паша одбил да ја напушти Мореа без согласност од султанот, иако воената флота на трите земји се приближувала до заливот во Наварино. Воените бродови не истакнувале воено знаме сакајќи да остават впечаток дека доаѓаат да преговараат.[108]

По битката кај Наварино, Русите имале интерес од нова војна со Османлиската Империја. Во тие намери немале поддршка од сојузниците затоа што еден таков чекор само ќе довел до доминантна руска позиција во Грција. Наместо тоа Англичаните го организирале повлекувањето на трупите на Ибрахим-паша со бродови во Египет. Рускиот цар Николај I се обидел да ги придобие симпатиите на грчките бунтовници со изразување намера за војна со Османлиите и тоа го оправдувал така што војната би значела спроведување на одредбите од Лондонскиот договор. Откако рускиот цар увидел дека Англија и Франција изразиле неутралност, во април 1828 година објавил војна на Османлиската Империја.

На воен план Османлиите биле премногу слаби бидејќи нивната морнарица речиси не постоела, реорганизацијата на копнените сили била скоро завршена. Иако

---

[107] Австрија и Прусија го отфрлиле англорускиот договор, потпирајќи се сè уште на одредбите од Виенскиот конгрес и поради тоа што сметале дека Русија ќе има голема предност во Грција. Францускиот крал Чарлс X бил Филхелен и го поддржал договорот затоа што бил во спротивност со Виенскиот договор, кој ја ограничувал моќта на Франција која сега добива можност да оствари влијание во грчкото прашање.

[108] Високата порта побарала обесштетување за потопените бродови во заливот кај Наварино, од сојузниците добиле само извинување и нивните амбасадори го напуштиле Цариград со што дипломатските врски биле прекинати, види S.M. Woodhouse, The 'Untoward Event: The Battle of Navarino 20 october 1927 „İn Balkan Society in the Age of Greek Independence“Richard Clogg (ed.), 10-11.

во тој момент Османлиите немале сојузник од големите сили влегле во војна со Русија за да го задржат престижот. По претрпениот пораз во Источна Анадолија и на Балканот, Високата порта побарала мир и во 1829 година бил склучен Договор во Едирне со кој била обврзана да исплати воени репарации и да го прифати Протоколот од Санкт Петербург[109].

Заклучоците од Лондонскиот протокол му биле пренесени на грчкиот лидер Каподистријас во 1828 година од страна на големите сили кои го предложиле Леополд од династијата Сакс-Кобург за крал на Грција. Понудата ја одбил самиот Леополд бидејќи имал отпор кон Каподистријас поради близината со руските двор.[110] Франција побарала да бидат заштитени сите католички мисионери во Грција додека, пак, Каподистријас за возврат побарал острови во владеење, тоа барање ќе биде прифатено од француска страна.

Создавањето грчка држава во 1830 година не значело и престанување на внатрешните борби помеѓу фракциите кои биле приврзаници на некоја од европските држави. Наредната година Каподистријас бил убиен од опозициски приврзаници при што државата се нашла во постојани борби помеѓу руската, француската и англиската партија. Трите сојузнички со заедничка согласност во мај 1832 година го поставиле малолетниот баварскиот принц Ото за грчки крал под регентство со очекување дека ќе се стави крај на внатрешните борби.

### 4.1. Британско-руски договор од 1826 г.

Кон крајот на 1825 година починал рускиот цар Александар I. Негов наследник бил амбициозниот Николај I, кој по дипломатски пат успеал да постигне извесно приближување со Велика Британија. Во поглед на балансирање на интересите, Русија и Велика Британија постигнале согласност во начинот на справување со Грчкото востание откако починал рускиот цар Александар I.

[109] Со овој мировен договор се потврдиле целите на грчката револуција започната во 1821 година, која беше речиси поразена во 1826 година. Османлиите по 1829 биле во таква позиција што морале да ја признаат грчката независност со помош на големите сили од Европа.
[110] Англискиот крал Џорџ IV бил во роднински врски со Леополд и не сакал друг член од семејството да биде крал.

Наследникот Николај I водел поинтензивна надворешна политика во која Грција била опфатена. Токму неговото крунисување било искористено од Британците за дипломатска акција и за таа цел бил испратен Велингтон да изнајде начин да се спогоди со Русите.[111] Како резултат на овие напори во април 1826 година меѓу двете страни бил потпишан Руско-англискиот протокол за грчките прашања, потпишан во Санкт Петербург[112]. Во член 1 од протоколот, според замислата на потписничките најдобро се гледа како би биле уредени односите помеѓу „Турците и Грците“:

*„Грците ќе бидат зависни од оваа империја и ќе ѝ плаќаат годишен данок, чија големина ќе биде определена еднаш засекогаш со општа согласност. Тие ќе бидат управувани од власти, избрани и назначени од нив самите, но во нивното назначување Портата ќе има одредено учество“.*

*„При ваквата состојба Грците ќе уживаат целосна слобода на совеста и надворешните врски и исклучително сами ќе се грижат за нивното внатрешно управување. Со цел да се направи целосно разделување помеѓу индивидуите од двата народи и да се спречат судири кои може да бидат последица од долготрајниот судир, Грците ќе ги купат имотите на Турците, било тие да се на копното или на островите“.*

Самиот член укажува во кој правец биле руско-англиските преговори во оваа фаза на решавање на грчкото прашања. А, тоа е извесен степен на внатрешно самоуправување и избор на локални власти со потврда од Портата.

Поинтересен е делот кој се однесува на тоа дека Грците имаат право на „надворешни врски“ што е карактеристично за суверени држави. Тоа, веројатно, се должи на развиената грчка емиграција во Европа, но и на филхенското движење кои во овој период биле посилни од официјалната османлиска дипломатија. Во член 1 од протоколот е предвидено и отстранување на турското население по мирен пат од територијата која била зафатена со востанието. Тоа би можело да укажува дека и потписниците на протоколот знаеле дека потпишаните услови не може долго да траат како такви, туку дека целокупната грчка борба ќе води кон независност.

Во преостанатите членови од руско-англискиот протокол е предвидено

[111] Тој остварил средба уште на 2 март со Николај I и во текот на разговорите рускиот император покажувал рамнодушност кон грчкото прашање. Откако го решил прашањето за дунавските кнежевства во руски интерес и со закана за војна започнал сериозни преговори со Велика Британија
[112] Далибор Јовановски, Балканот од 1826 до 1913 година, 2011, 49.

прифаќањето на ова посредништво од страна на Портата да биде излобирано од англискиот амбасадор во Цариград. Но, дека и начинот на дополнителните преговори кои би следувале, односно преземањето нови дипломатски акции ќе биде договаран исклучиво помеѓу двете влади. Се оставало простор и во случај посредништвото да не биде прифатено, Русија и Англија да користат „поволни можности за вршење влијание“ врз двете страни за нивно помирување.

Во член 4 пак се наѕира, според замислата на двете влади, и договарање која територија во иднина ќе се подразбира како „Грција“. Односно поставување контури на некакви идни граници кои би го опфаќале континенталниот дел и островите на кои за почеток би бил применет овој протокол. Бидејќи појдовна точка на склучување на протоколот беше балансирање на интересите, односно ниту една голема сила да нема изразено влијание во овој дел од Балканот, двете страни потписнички предвиделе да немаат зголемување на нивни владеења. Односно да нема посебни трговски погодности за своите поданици од оние кои вообичаено следувале. Овие одредби било планирано да се претставаат и на „Виенската, Париската и Берлинската куќа“ за да бидат гаранти на спогодбата за помирување помеѓу Османлиите и Грците. На тој начин се постигнувало општо европско единство во поглед на решавање на конфликтот во Грција. На 24 јуни 1827 година, во Лондон бил потпишан Договор кој давал сила на Петербуршкиот протокол.

### 4.2. Битката кај Наварино

Одлуката на британскиот премиер Канинг во 1823 година за признавање на грчките востаници за страна во конфликтот и давањето на заем придонело во грчката војна за независност да се вмеша Русија, која 1824 година излегла со предлог за создавање три автономни кнежевства во Грција. Портата сè уште во ова време се обидувала преку воени дејства да се справи со Грците, а ништо не преземала дипломатски и покрај новите ставови на големите сили. Принудени од воената немоќ Османлиите побарале интервенција од османлискиот вазал на Египет, кедифот Мухамед Али. Неговата интервенција придружена со жестоки одмазди на Пелопонез нанела голем пораз на грчките востаници со реална опасност да биде

задушено востанието. Овие состојби биле причина за вмешување на Англија и Франција во конфликтот, дополнително што филхеленското движење вршело притисок на владите на европските држави да интервенираат. Сепак клучен фактор за интересот и вклучувањето на големите сили во грчкото прашање е геостратешката положба на грчките земји, борејќи се секоја од нив за влијание на овие простори. За да се принуди султанот на согласност на одредбите од постигнатиот Лондонски договор, Англија, Русија и Франција воведе морска блокада на Грција.

На 7 септември 1827 година турско-египетската флота се закотвила во заливот. Адмиралот на британската флота, Кодрингтон, ја примил оваа вест додека престојувал во Навплион и исловил веднаш кон Наварино каде што им се придружила француската флота командувана од заповедникот Де Рини, а на пат била и руската морнарица[113]. Кодрингтон го следел движењето на османлиските бродови околу Навплион додека Де Рини иницирал заедничка средба со Ибрахим паша на 25 септември. На средбата адмиралот Кондрингтон му укажал на Ибрахим дека во согласност со Лондонскиот договор, британските адмирали мора да ги пресретнуваат сите контингенти од луѓе и пратки со оружје по море кои се наменети за покорување на Грците на што Ибрахим-паша возвратил дека неговите наредби биле да ја освои Хидра и дека тој мора да го изврши тоа.[114] Кодрингтон недвосмислено му се заканил дека доколку не престане со акциите по море, флотата на трите земји сојузнички ќе биде принудена целосна да ја уништи неговата флота. Во тој момент Ибрахим прифатил да запре со сите копнени и морски операции сè додека не добие нови насоки од Цариград.[115]

По постигнатиот договор, Кодрингтон и Де Рини исловиле во патрола на преостанатиот дел на крајбрежјето, а во заливот останале само два сојузнички брода. Во меѓувреме Ибрахим-паша одлучил да го снабди со продукти османлискиот гарнизон во Патрас без да побара согласност од сојузничката флота. Истовремено

---

[113] Наварино е италијанско име за градот Пилос, кој се наоѓа во јужниот дел на Пелопонез во областа Месенија.
[114] Ибрахим-паша ги исмевал Грците велејќи дека никогаш ништо не било грчко по што бил прекорен од британскиот адмирал да се воздржи од потценување на луѓе за кои му е потребно толку многу време да ги покори, Henry John Codrington, The letters, private and professional of sir Henry Codrington admiral od the fleet, 1880, 22.
[115] Christopher Montaque Woodhouse, Navarino, 1965, 79.

тврдел дека во овој период додека чека инструкции од Високата порта требало двете завојувани страни да бидат во примирје. Грчките борци продолжиле со војувањето под изговор дека спротивната страна не ги прифатила одредбите од Лондонскиот договор. Во последните денови од септември, грчките сили уништиле седум османлиски бродови кај Итеа во Коринтскиот Залив. Ибрахим-паша издал наредба четириесет и осум бродови од Наварино да се упатат кон Патрас како реакција на грчкиот напад. Малобројната сојузничка флота во заливот Наварино успеала да ги одврати од испловување османлиските бродови.

Ибраим-паша не се откажал од намерата за одмазда и започнал копнена офанзива на Пелопонез. Капетанот Хамилтон од британскиот брод Камбријан на 15 октомври забележал густ чад од правец на пристаништето во Каламата. Во меѓувреме адмиралот на руската флота, Хајден, пристигнал и се придружил на британско-француската флота при што тројцата адмирали испратиле предупредувачко писмо до Ибрахим да се повлече. Издаденото предупредување не било прифатено од потчинетите на Ибрахим со изговор дека никој не знае каде се наоѓа тој. Високата порта испратила известување во кое се вели дека се одбива посредувањето на адмиралите, додека Мехмед Али-паша од Александрија испратил помиројубиви инструкции до Ибрахим-паша бидејќи бил загрижен за опстанокот на флотата. Здружените османлиско-египетски сили продолжиле со палењето на дрвата и овошките кои им служеле за прехрана на грчкото население на Пелопонез, кое и понатаму давало отпор.

Адмиралите на сојузничката флота соочени со прекршувањата на договорот постигнат од 25 септември одлучувале како да се справат со неговата тактика за дејствување по копно. Блокадата на пристаништето Наварино речиси била невозможна во време на зимските бури, копнените операции на Османлиите продолжувале независно од тоа. На 14 октомври 1827 година, Кодрингтон го известил британскиот амбасадор во Цариград дека заедно со Де Рини и Хајден ќе преземат мерки да го вратат Ибрахим-паша во Египет. И францускиот адмирал се обратил до владата во Париз со предлог, сојузничката флота да влезе во заливот на

Наварино и да ја протера османлиско-египетската флота кон Константинопол и Александрија. Доколку не постапат, да се дозволи нејзино потопување.[116]

Француските офицери кои служеле на египетските бродови биле повлечени од адмиралот Де Рини. На 20 октомври сојузничката флота составена од единаесет британски бродови, седум француски и осум руски бродови започнала да се укотвува во заливот. Француските бродови биле поставени спроти османлиските на западната страна од заливот.

Ноќта спрема 21 октомври, мал брод од египетската флота пристапил до сојузничката флота со писмо од Мохарем-бег до Кодрингтон во кое имало барање да му се дозволи да се укотви. Кодрингтон веднаш го одбил ова барање со изговор дека „*тој дошол да дава наредби а не да ги прима*“. Екипажот на малиот египетски брод заминал на брегот, кренал црвено знаме и испукал истрели во знак на неуспешен обид на помирување. Движењето на непријателски брод предизвикало тревога на најблискиот британски брод Дартмут, чиј капетан побарал египетскиот брод да се оддалечи при што настанало престрелка во која загинале британски офицери. Од истрелите настрадал и бродот на францускиот адмирал Де Рини. Со сигурност овој конфликт не бил планиран од османлиските команданти бидејќи знаеле дека сојузничката флота е супериорна. Престрелката помеѓу сојузничката и османлиско-египетската флота започнала со сета жестина во која бродот на предводникот на османлиската флота, Тахир-паша, бил потопен. Во меѓусебната битка османлиско-египетската флота била целосно уништена, а видливоста од заливот била намалена од густ чад. Борбите траеле до шест часот наутро, ниту еден сојузнички брод не бил потопен при што биле загинати 174 и ранети 475 офицери. Османлиската флота изгубила шеесет од вкупно осумдесет и девет бродови и според процените на Кодрингтон имало 6.000 загинати и 4.000 повредени.

Уште веднаш било јасно дека со битката кај Наварино била остварена независноста на Грција, цел за која до скоро се мислело дека не може да се реализира во време кога Атина била предадена на османлиските сили.[117] Адмиралот

---

[116] Тројцата адмирали се потпишале на т.н. Протокол од 18 ноември каде што биле наведени сите прекршувања на Ибрахим-паша. Блокадата на заливот била исклучена, но изразиле подготвеност за нови преговори со Ибрахим-паша со избегнување крв и насилства.

[117] Американскиот филхелен и следбеник на лорд Бајрон истакнал: „Овој ден ми беше еден од најсреќните во моето постоење, како и за цела Грција една радост и возбуда. Причина за тоа е веста за

Кодрингтон во Велика Британија бил одликуван од Вишиот адмирал, војводата од Кларенс. По еден месец од битката кај Наварино, секретарот за надворешни работи Дадли испратил список со прашања до адмиралот преку кои тенденциозно се упатувало обвинување дека Кодрингтон ги надминал своите овластувања.

Во јануари 1828 година на власт во Велика Британија дошле радикални ториевци на чело со војводата од Велингтон, кои изразиле став дека *„погрешно било да се уништи флота на земја со која Англија не била во војна за каузата на грчката независност за која тие имаа малку симпатии“*.[118] Дури и кралот во своето обраќање пред парламентот изразил жалење за случувањето на оваа битка, која била потполно неочекувана за него. Противниците на Кодрингтон во парламентот го обвинувале дека не направил доволно за да го заштити грчкото население така што египетски бродови заминувале со жени и деца кои биле продавани како робови во Александрија. Во јуни 1828 година, адмиралот бил отповикан од својата должност со заповед да се врати во Лондон.



*Битката кај Наварино, 20 октомври 1827 г.*

уништувањето на турската флота кај Наварино и сега засекогаш останува настрана прашањето за присвојување на Грција од Турција“ Samuel Gridley Howe, An historical sketch of the Greek revolution, 34.

[118] David Brewer, The Greek war of Independence, London, 2011, 230.

За овој дипломатски воен пораз на Османлиската Империја, кој ќе доведе до создавање на новата грчка држава, придонеле и политиката на султанот Махмуд II. Империјата зазела тврд став во надворешната политика која се засновала на неколку принципи, и тоа: изолационизам, преиспитување на дотогаш склучените договори и категорично одбивање на мешање во внатрешните работи од страна на други држави. Наполно било исклучено какво било европско посредување или некакво разбирање со Русија. Реформи во војската не биле спроведени, сите тие предуслови придонеле за ослабување на империјата.

На 11 февруари 1828 година се одржала седница на парламентот на Обединетото Кралство на која се дискутирало за односите помеѓу Велика Британија и Османлиската Империја.[119] Меѓу другото, министрите од владата давале објаснувања за битката кај Наварино. Од говорите на благородникот Хенри Џон Џорџ Херберт (3 rd Earl of Carnarvon) од редот на ториевците се воочува дека парламентот го разгледувал однесување на офицерите дел од флотата која учествувала во битката на Наварино. Дел од дискусиите биле посветени и за тоа колку било оправдано мешањето во внатрешната политика на другите држави, иако ториевците тоа го правдале со „страдање на човештвото кое им дало право на големите сили да се вмешаат“[120]. Предмет на критиката била политиката на Светата алијанса, која според Џорџ Херберт си дозволувала да интервенира во други земји за да се потиснат слободите на народите додека Велика Британија интервенира против угнетувачите.

Дел од ториевците потенцирале дека нивната влада преку заедничката интервенција во Наварино, успеале да победат три големи европски држави кои порано и немале многу добри односи помеѓу себе. Велика Британија не смеела да ја пропушти поканата од Русија за заедничко дејствување во однос на грчкото прашање, затоа што во таков случај тој дел од Европа доброволно би го препуштила на руска доминација.

[119] Во 1828 година, ториевците имале мнозинство во британскиот парламент (House of commons). Нивната влада на чело со војводата од Велингтон водела завојувачка и империјалистичка надворешна политика.
[120] hansard.parliament.uk/Lords/1828-02-11/debates.

Државниот секретар за војни и колонии, лорд Годерич, пред пратеници ја оправдувал владината политика кон грчкото прашање, од склучувањето на Протоколот од Санкт Петербург како чекор кој требало да ја запре грозната војна во Грција, која можела да ги загрози интересите на сите европски земји. Државниот секретар потсетил какви сè загуби претрпеле британските интереси, масакри на екипажите на нивните бродови, како и уништување на трговските испораки. Во расправата помеѓу ториевците и виговците се дискутирало и за сомнежите околу потребата за битка од толку големи размери при што пратениците барале увид во писмената комуникација помеѓу британскиот амбасадор во Цариград, секретарот за надворешни работи и амбасадорите на другите земји.

### 4.3. Европа и новиот сосед на Османлиите

Грчката војна за независност и создавање држава неминовно отвориле неколку прашања кои се однесувале на нејзиното уредување, меѓународен статус и за границите. Ставот на рускиот царски двор кој бил подржан од Англија и Франција бил дека е потребно силна монархистичка власт и отфрлање на револуционерни теории. Трите држави се согласиле Грција да добие автономен статус под сизеренство на султанот. Во однос на ова прашање Австрија имала поинаков поглед, различен од дотогашната политика која ја водела кон Цариград. До крајот на 1827 година, Метерних се залагал за воена интервенција врз побунетите Грци од страна на Османлиите со преземање реформи откако ќе биде задушено востанието.

Не многу поразличен однос кон состојбите во Грција имала и Англија, кој може да се потврди од кажувањата на Чарлс Стратфорд Канинг, назначен амбасадор во Цариград. Тој во 1825 година, се сретнал со Јоанис Каподистриас во Женева, кој бил поранешен руски службеник и иден грчки државник, и на средбата Стратфорд Канинг истакнал дека: „Грција уште не е дорасната за да постои како слободна и независна држава, и дека само со добро однесување може да стигне до посакуваниот статус“. Според Стратфорд Канинг добриот однос можел да се постигне по примерот на Јонските Острови, Грците да се ставаат исклучиво под протекторат на

Велика Британија. Каподистриас не се сложил со предложеното и посочил дека Грција ќе чека други времиња на подобри околности отколку да биде нечија колонија како што биле Јонските Острови. Времето и идните случувања поврзани со создавањето и постоењето на грчката држава го потврдиле видување на Стратфорд Канинг.

Сосем неочекувано пред самото избувнување на руско-турската војна од 1828 - 1829 година, австрискиот канцелар Метерних предложил независност на Пелопонез и Кикладските Острови и тоа е првпат во историјата на дипломатијата да се спомене грчка независност. Метерних како познат реакционер и туркофил својот предлог се обидел да го објасни на Високата порта така што тврдел дека останувањето на Грција под сизеренство на султанот ќе носи само потреси за него. Русија постојано би имала повод да се меша во внатрешните работи во односите помеѓу Цариград и Грците. Мудриот и искусен Метерних таквиот изненадувачки предлог не го дал затоа што очекувал дека ќе биде прифатен или затоа што сметал дека Грците ја заслужуваат независноста. Неговата цел била да ја истакне улогата на Хабсбуршката империја во меѓународните односи, посебно откако Русија, Велика Британија и Франција го потпишале Лондонскиот договор што довело до нивно зближување. Метерник на тој начин ја прекорил Велика Британија дека го ослабела сојузништвото со Австрија во интерес на односите со Русија.

Метерних во прво време не ја разбрал политиката на Канинг, кој воочил дека Александар I и Николај I биле решени самостојно да дејствуваат во однос на грчкото прашање. Покрај постојното антируско расположение во Велика Британија, преку склучувањето на Лондонскиот договор се контролирала и следела руската политика во Источното Средоземје. Метерних со дадениот предлог за давање независност на Грција сакал да предизвика руско противење и на тој начин да ги искомпромитира пред Грците. Во намерата не успеал бидејќи рускиот цар се согласил на тоа решение под услов „парискиот и англискиот кабинет да дадат согласност“. За Петербург било најважно да го задржи влијанието во Грција, прашањето за автономија или независност било само форма.

Определувањето на границите на грчката држава, според Метерних, било можност да ги конфронтира Русија и Велика Британија. Тоа комплицирано прашање со одредбите од Лондонскиот договор требало да се разгледува подоцна.

Австрискиот политичар предложил грчката држава да ги опфаќа само Пелопонес и Кикладските Острови и очекувал дека Лондон ќе го прифати предлогот затоа што британската политика во тој период се залагала Османлиската Империја да мине со најмалку загуби. Британската дипломатија во 1826 година веќе разгледувала идеи за територии кои би ги опфаќала грчката држава.[121] Руската дипломатија исто така го разгледувала прашањето за границите и го поврзувала со иднината на самата Османлиска Империја. Во царскиот двор на императорот Николај I, се дискутирало каков став да се заземе по овој предлог на Метерних, во неа учествувал и Јоанис Кападостриас, поранешниот министер за надворешни работи. Тој во 1827 година станал претседател на Грција и од него се очекувало да го засилува руското влијание во Грција.

Рускиот министер за надворешни работи Неселрод кон крајот на 1827 година му пратил писмо на Каподистриас во кое му ги открил руските погледи за иднината на Грција и руско-турската војна која ќе започне. Интересно, Николај I и Неселрод стравувале дека Османлиската Империја по оваа војна ќе се распадне и дека тоа не е цел на војната. *„Завојувањата кои ние би ги направиле, можат во реалност само да ја прошират нашата територија, без да ни ја зголемат силата, во тоа време кога Велика Британија одлучно би ги присоединила во владеење Мореја и дел од островите на Архипелагот, т.е. области, независноста, трговијата и просперитетот на коишто единствено може да ни дадат некаква компензација за жртвите, кои ќе ги донесе војната. Под оваа претпоставка, кое императорот нема желба да ја реализира, тој би ја промовирал неопходноста да се создаде во Грција и на островите во Архипелагот силна и моќна држава, а Константинопол да стане слободен град. Други договори, кои ќе ги наложат, би се основале на принципот: никакви завојувања, никакви бенефиции. Ние остануваме верни на стремежот, државите кои ќе ја наследат Османлиската Империја, да бидат управувани од кнезови, избрани од владејачките династии од втор ранг.“*

Во писмото се наведува дека руската дипломатија ќе се залага северната граница на Грција да минува по линијата Волос - Арта. Неселрод побарал од Каподистријас да се изјасни за сите видувања, индиректно напоменувајќи му дека

---

[121] Виноградов, В. Великабритания и Балканы от виенского конгреса до крымской войни, Москва, 1985, 76.

идната грчката држава ќе биде територијално мала, „силна со трговски и морски средства“. Рускиот министер за надворешни работи ги посочил и конкретно руските интереси кои требало да се остварат, Константинопол да стане слободен град, право на минување низ Босфорот и пловење по Црното Море како и формирање на држави на балканските народи со монархистичко уредување. Преостанатите европски држави не се сложиле со овие предлози и тие останале нереализирани.

Каподистријас во почетокот на 1828 година одговорил на писмото на Неселрод и начелно ги прифаќал понудените предлози. Околу формирањето и уредувањето на идните држави на балканските народи предлагал да се формираат 5 кралства, и тоа: Кралство Србија (Србија, Бугарија, Босна), Елинско кралство (континентална Грција, Пелопонез, островите на Архипелагот, Јонските Острови), Кралство Македонија (Македонија, Тракија, островите Имброс, Самос, Тасос), Кралство Епир (Епир, Горна и Долна Албанија), Кралство Дакија (Молдавија и Влахија). Сосем е веројатно според Каподистријас овие кралства да бидат управувани од Грци, освен српското[122].

Тој гледал да ги задоволи големите сили така што како компензација за приклучување на Јонските Острови кон грчката држава, Русија би го добила островот Родос, Франција да го стави под сопствен протекторат Кипар, Крит да биде под англиски протекторат.

Во 1828 година, започнала руско-турската војна во која Османлиите давале силен отпор. Руските дипломати во текот на воената кампања воделе дискусија и постојани преписки за темите кои претходно беа дел од кореспонденцијата помеѓу Неселрод и Каподистријас.

Постоењето на слаба Османлиска Империја било врвен интерес на руската дипломатија. Руската војска во 1829 година стигнала до градот Одрин при што Високата порта била принудена на преговори.

На 14 септември, Русија и Османлиската Империја склучиле мировен договор составен од 16 точки, од кои 10. точка се однесувала на Грција: „*Високата порта изјавува дека во целост ги прифаќа одредбите на договорот склучен во Лондон на 16 јули 1827 година помеѓу Русија, Велика Британија и Франција, како и*

[122] На тој начин Балканскиот Полуостров и преостанатите христијански народи би биле под грчка хегемонија.

*актот од 10/22 март 1929 година, склучен помеѓу истите држави, врз база на споменатиот одговор и содржејќи ги подробните наредби за негова конечна примена. Веднаш по размената на ратификациите на сегашниот мировен договор, Високата порта ќе назначи полномошници кои треба да ги договорат, со императорскиот руски двор и со кралските куќи на Англија и Франција, начините на кои ќе бидат спроведени и применети споменатите одредби и наредби“.*[123]

Со Одринскиот мировен договор, формирањето на грчката држава веќе било извесно. Додека траела дипломатската комуникација и војната, Грците веќе преземале државотворни чекори. Во 1827 година било свикано Третото национално собрание во Трезен на кое се разгледувал новиот Устав, кој ја разграничувал власта на извршна (претседател) и законодавна (собрание). Уставот ги гарантирал и правата на граѓаните како право на вероисповед, еднаквост пред законите, укинувања на благороднички титули, слобода на сопственост и други одредби. Собранието го поканило Каподистриас да стане претседател на грчката држава, а Ричард Черч и Александар Кокран како истакнати филхелени биле избрани за началници на воено-морските сили.

И претходно и во време на одржување на Трезенското национално собрание имало различни мислења за државното уредување на грчката држава, поаѓајќи од низа специфичности како историските традиции, географската положба. Некои грчки интелектуалци се консултирале и со американски дејци и со Џереми Бентам за организирање на државноста во грчки услови. Одредени грчки политичари, пак, сметале дека Грција треба да има федерално уредување со единствено државно управување.

Предложениот устав на Трезенското национално собрание се потпирал на демократските и либерални принципи засновани од Француската револуција кои биле од порано неприфатливи за големите сили. Нагласената улога на парламентот и поделбата на власта предвидени во уставот се засновале од менталитетот на самите Грци. Републиканското уредување пред големите сили се оправдувало како реакција на дотогашното „турското ропство“. Маврокордатос како еден од творците на уставот се обратил до Канинг и му посочил дека: *...формата на управување,*

[123] Далибор Јовановски, Балканот од 1826 до 1913 година, 2011, 60.

*прифатена од востаничка Грција, не е поттикната од карбонарски идеи, туку настанала од фактот дека условите на еднаквост во кои Грците се најдоа по прогонувањето на нивните турски господари, сами по себе си предизвикаа републикански институции* ...Маврокордатос бил подготвен и за други алтернативи на уредување како монархија со монарх од Англија или републиканско уредување, со една унитарна држава Грција со Устав. Настаните кои подоцна ќе следуваат ќе покажат дека грчките очекувања ќе останат изневерени.

Јоанис Каподистријас ја прифатил поканата да биде грчки претседател и во јануари 1828 година пристигнал во Навплион. Под силно влијае на либералните идеи и просветителство, Каподистријас бил противник на застарени државни поредоци, но и противник на револуционерните методи. На Грчкото востание гледал како на последица од османлиското владеење и во негова полза дејствувал така што се советувал со руските власти и користејќи ги сопствените врски во европските престолнини за обезбедување финансиска помош и поголема територија за идната грчка држава.

Каподостријас не го одобрувал грчкиот Устав и на 30 јануари го свикал собранието и објавил воведување на претседателски режим. Собранието било распуштено и воведен совет Панхеленион, кој требало да има улога на влада. Каподистријас превел чекори за да воведе поредок и организирање на државата со создавање редовна армија, банка и буџет. Во текот на владеењето на Каподистријас дошле до израз несогласувањата со Панхелиниумот околу уредувањето и проширувањето на изборното право. На четвртото Национално собрание во јули 1829, Каподистријас добил нов мандат и ополномоштеност да го реши меѓународниот статут на Грција.

Филхеленството и геополитичкиот интерес биле фактори кои ги поттикнувале државните раководства на Русија, Велика Британија и Франција да имаат пресудна улога во создавањето на грчката држава. Секоја од нив настојувала да има влијание и во политичкиот живот на Грците и на таа основа во Грција се појавиле и првите форми на политички партии или политички струи. Нивното присуство веќе постоело така што претставници на големите сили ја организирале администрацијата во Грција, и ги воделе морската флота и администрација. Тоа присуство придонело во организирање на политичките партии во контакти со грчки

интелектуалци, црковни и воени лица како предводници. Иако и случувањата пред револуцијата во грчките земји предизвикувале симпатии кај грчките првенци кон една или друга држава.

Александар Маврокордатос бил предводник на т.н. Англиска партија, која имала најмалку приврзаници затоа што голема сила се залагала за територијална целовитост на Османлиската Империја што не одело во прилог на грчките аспирации. Сè уште се паметело и британското воено присуство на Јонските Острови кое наложило недемократски режим. Од друга страна, Велика Британија имала големо политичко и воено влијание преку присуството на нејзината флота во грчките земји и во преговорите за идниот статус на грчката држава. Маврокордатос ги привлекол грчките интелектуалци кон својата партија.

Руското влијание најмногу се чувствувало во црквата, помеѓу монасите и тоа е разбирливо ако се знае дека на Русија се гледало како на ослободителка на православните народи на Балканот. И самата православна религија имала големо значење во грчкото општество и во создавање на државноста. Руското управување на Јонските Острови, како и британското, оставиле трага во паметењето на Грците, со тоа што беа организирани во република со устав. Таквото уредување било блиско до менталитетот на островјаните Грци. Предводници на т.н. руска партија беа Каподистријас и Колокотронис.

Француската партија била предводена од Јоанис Колетис и имала најголем број приврзаници, иако Франција била најмалку засегната од решавањето на грчко-османлискиот спор. Руско-британското ривалство за француската партија било опасно за грчките интереси, особено постоел страв од можноста Британците да добијат грчки територии под свое влијание. Оваа партија го почитувала францускиот модел на нација.

Во политичкиот живот, Грците се воделе според клиентелистичките односи и ги поддржувале водачите на партиите и националните лидери сè додека ги поддржувал непосредниот „патрон“. Масовноста и моќта на партиите зависела во колкава мера стои зад нив некоја од европските сили.

Грчките политичари воопшто не биле вклучени во определување на статусот на Грција и нејзините граници. Трите големи сили, Русија, Велика Британија и Франција целосно ја презеле улогата на решавачки фактор, грчките

водачи можеле само да лобираат. Каподистријас како грчки претседател се обидувал грчките национални интереси да ги поистовети со целите на руската дипломатија во дадениот период. Имал недоверба кон Австрија и Англија поради нивната туркофилска политика, Франција ја сметал за помалку заинтересирана и одлучувачка страна. Во тој поглед биле спротивставени со Александар Маврокордатос. Пресудно за меѓународниот фактор претставен од Русија, Велика Британија и Франција решава за грчкото прашање, било одбивањето на рускиот предлог за создавање повеќе автономни грчки држави што подразбирало поголема територија за Грците. Како и повикот од 1825 година, со кој Грција требало да стане британски протекторат со далеку помала територија од онаа што ја нуделе Русите.

Крајот на руско-турската војна и потпишувањето на Одринскиот мир внело немир во Лондон каде што сметале дека рускиот цар по свое видување ќе го решава статусот на Грција.

Руската дипломатија немала таква намера затоа што знаеле дека таквиот чекор ќе ја донесе Русија до изолација или до војна од поголеми размери со другите европски држави.

Русите изразиле намера дека се подготвени заеднички да одлучуваат за статусот со Грција, дури и да го променат својот почетен став грчката граница да минува по линија Арта - Волос. Овие ставови му биле соопштени и на Каподистријас и бил известен Русија не може да ризикува војна и дека во односите со другите држави мора да се држи до некои принципи.

*„Навистина, ние произволно ѝ наложуваме услови на Грција, но ние ја спасуваме од слепата и непријателска омраза на англиската власт и го утврдуваме мирот во Европа.“*[124]

Независноста на Грција веќе била сосем известна како и монархистичкото уредување за кое биле согласни големите сили. И помеѓу Грците не постоело дилема дека монарх треба да застане на чело на државата, за кого посакувале да е од позната европска династија за да може да се избори за отстапки во поглед на границите и надворешните заеми. Привржаниците на одделените европски држави во Грција почнале со лобирање за избор на монарх, така Александар Маврокордатос ги

[124] Цитат, руски амбасадор во Лондон, Ливен.

убедувал властите во Лондон да предложат свој кандидат за монарх или барем да поддржат републиканско уредување за да се попречи руското влијание. Каподистриас изразил подготвеност да прифати странец да ја управува Грција и за тоа решение да се има согласност од Грците. Русија не предложила свој кандидат, оставила Англија и Франција да предлагаат и да спорат околу изборот. На крајот Русија го прифатила британскиот предлог за грчки монарх, Леополд Сакскобурготски кој бил во сродство со британската кралска куќа, додека пак Франција се противела на овој предлог. За Николај I било значајно што кандидатот не бил католик, туку протестант кој би можел да премине во православно христијанство во брак со некоја руска кнегиња.

На 3 февруари 1830 година, Англија, Франција и Русија го потпишале Лондонскиот протокол за создавање независна Грција, во кој било предвидено:

*Член 1: Грција ќе биде независна и ќе ги користи сите политички, административни и трговски права кои придружуваат една целосна независност.*

*Член 2: Кога се имаат предвид тие предности, кои се дадени на новата држава и за да се одговори на желбата искажана од Портата да се скратат границите определени од протоколот од 22 март, демаркациската линија на Грција да започне од устието на реката Аспропотамос, да оди по течението на реката до езерото Ангелокастро и пресекувајќи го споменатото езеро, како и езерата Врахори и Саровица, да тргне по планината Артотина, од каде што оди по гребенот на планината Оксас, долината на Калури и гребенот на планината Ета до заливот Зејтун при устието на Сперхиос.*

*Целата територија и месностите, кои се наоѓаат јужно од оваа линија, а кои конференцијата ги означи на приложената карта, ќе ѝ припаднат на Грција, а сите месности и територии северно од истата линија, ќе останат дел од Османлиската Империја.*

*Исто така, на Грција ќе ѝ припаднат целиот остров Негропонт, заедно со Ѓаволските Острови и островот Скирос, како и островите познати под името Кикладски, заедно со островот Аморгос, расположен на 38’ и 39’ северна ширина и 26 источна должина.*

Учеството на трите европски земји потписнички во спроведување на протоколот и негово гарантирање било прецизирано во последните четири точки од

договорот:

*Член 8: Секоја од трите кралски куќи ќе го сочува правото што го обезбедува член 4 од договорот од 6 јули 1827г. да ја гарантира целината на одредбите и клаузулите кои претходно се склучени. Актите за гаранции, ако ги има, ќе бидат одвоено обележани. Влијанието и ефектот на овие разни акти ќе бидат, консеквентни на тука наведениот член, предмет на дополнителни преговори на големите сили.*

*Член 9: Со цел да се спречат судирите коишто би можеле да се појават, во актуелните состојби, при спротивставување меѓу османлиските комесари за демаркација и грчките комесари за демаркација, кога ќе се дојде до застој во одредувањето на трасата на границата на Грција, ќе биде соодветно работата да се довери на британски, француски и руски комесар и секој од трите кралски куќи ќе именува по еден. Овие комесари, снабдени со инструкции, коишто тука се наоѓаат приклучени под буквата Г, ќе ја прецизираат трасата на наведената граница следејќи ја со сета можна точност линијата одредена во член 2, маркирајќи ја оваа линија со колци и исцртувајќи две карти, потпишани од нив, од кои едната ќе се предаде на османлиската, а другата на грчката влада.*

*Член 10: Одредбите од овој протокол ќе ѝ бидат веднаш ставени на знаење на османлиската влада, преку полномошниците на трите кралски куќи, кои за ова ќе бидат снабдени со заеднички инструкции, кои тука се дадени под буквата Х. Претставниците на трите кралски куќи во Грција ќе примат, исто така, за истиот предмет, инструкции кои се тука приклучени под буква И.*

*Член 11: Трите кралски куќи ќе настојуваат овие одредби да бидат сметани како формален разговор, кој ќе биде потпишан во Лондон, сметајќи ги како извршни на оној од 6 јули 1827, а ќе ги соопштат на другите кралски куќи во Европа, со покана да се приклучат кон него ако го сметаат за соодветно.*

Каподистријас гледал со симпатии на изборот на Леополд Сакскобурготски како кандидат за грчки монарх кој испратил и финансиска помош за новата балканска држава. Грчкиот претседател и меѓународниот фактор имале различни позиции околу ограничувањето на власта на монархот. Каподистријас сметал дека Грција треба да биде конституциона монархија, со задржување на суверените права на народот. Тој го советувал Леополд да соработува со претставниците на народот и

заеднички да изработат устав врз основа на ставовите кои претходно биле донесени на националните собранија во време на револуцијата. Големите сили, поаѓајќи од внатрешните состојби во Грција се залагале „суверенитетот на нацијата да се апсорбира и концентрира во личноста на монархот“, односно власта на монархот да биде минимално ограничена. Со право, историчарот Џон Петропулос[125] констатирал дека под грчка независност, големите сили разбирале независност од Османлиската Империја и дека ниту една од нив нема да има целосно влијание во Грција. Трите држави Русија, Франција и Велика Британија „заедно ќе се грижат за грчката нација“ како што било посочено во Лондонскиот протокол. Кандидатот за грчки монарх Леополд Сакскобурготски одбил да стапи на грчкиот престол откако големите сили не ги прифатиле неговите услови за поширoки граници на Грција.

Во меѓувреме, во државата се случувале политички борби меѓу трите партии и судир помеѓу претседателот Каподистријас и локалните големци кој бил поттикнат од сè поголемата централизација на власта. Конференцијата во Лондон продолжила со работа и го предложила Фридрих Нидерландски за грчки монарх кој пак се откажал во корист на својот син, Баварецот Ото. Сојузниците го прифатиле овој предлог бидејќи баварското кралство имало незначително моќ и влијание во однос на нив.

[125] Џон Петропулос, американски историчар од грчко потекло. Предавал историја на Балканот и Медитеранот на колеџот Амхерст во Масачусетс.

# ЗАКЛУЧОК

*„There never was such a humbug as the Greek affairs all together“*
*The Duke of Wellington English Prime Minister*

Оваа магистерска теза се концентрира на надворешното влијание врз грчкиот национализам, особено британското влијание. Идеите за ослободување на Грците и другото немуслиманско население во Османлиската Држава може да се сретнат уште од 15 век, па дури и во време на Крстоносните војни. Кон крајот на 18 и почетокот на 19 век, идејата за ослободување на Грците или создавање на грчка држава воопшто не било едноставно прашање за големите сили. Руската Империја уште од почетокот на 18 век имала аспирации за придобивање на балканските народи и затоа го користела верскиот момент. Грчките земји се наоѓале во нејзините планови за прекројување на границите на османлиските владеења на Балканот. До 1820 - 1822 година руската контрола на Балканот се стремела за едно генерално востание во корист на Русија. Бунтот на Мореа од 1770 година, целите на сојузот на „Филики етерија“, револуциите на дунавските кнежевства од 1821 година се само некои од добро познатите руски активности. Руските императори не се залагале за грчка држава, туку за една постојана тензија преку која би остварувале влијание во тој дел од Медитеранот. Откако Османлиската Империја во неколку војни била поразувана од Русија, Велика Британија поактивно се вмешала стравувајќи дека Русите ќе станат премногу моќни во регионот. На тој начин замислената општо балканска војна се пренасочила кон борба за независна Грција.

Грчкиот национализам кој има голема важност во создавање на современата грчка држава како и меѓународните интереси во тоа време, бил поттикнат од повеќе фактори како филехеленизмот, просветителството, Француската револуција итн. Сите фактори заедно го обликувале текот на грчката борба и нејзината успешност.

Иако постоела силна поддршка во британската јавност кон грчките напори за независност, треба да се нагласи дека сите британски историчари не ги

оправдувале грчките постапки. Така угледниот историчар Волтер Алисон Филипс[126] во своето капитално дело „Грчката војна за независност 1821-1833“ дава интересни ставови за Грците и нивните постапки во судирите за време на војната, кои се нашле под остра критика на Џејмс Ирвинг Манат[127]. Од освртот на Манат кон делото на Филипс се увидува една осуда кон грчкото учество во војната со Османлиите. Манат вели дека грчката борба никогаш не може да се разбере без живописен поглед на 400-годишната турска доминација зад неа и дека Филипс е пристрасен така што испуштил да спомене за круната на муслиманското владеење - крвниот дар. Манат критикува дека Гркот е прикажан како крволочен, чии ексцеси детално се прикажани, османлиските злосторства се речиси занемарени како тие на островот Хиос. Филипс позитивно ја оценил и улогата на британската власт, дипломатија и воените лица во Грчката војна за независност, иако пројавил критичен тон кон Битката кај Наварино нарекувајќи го „непристоен настан“. Од пишувањата на Манат се дознава дека весникот „The Times“ настанот кај Наварино го нарекол навредување на „пријателска сила, полошо од криминал, грешка“.

Делото на Филипс и критичкиот осврт на Манат покажуваат дека и кон крајот на 19 век имало различни мислења за стратегијата на Велика Британија во решавањето на грчкото прашање, кое според нив донело трајни последици за политиката на империјата на Балканот. Според зборовите на Манат, британскиот историчар се согласува со една констатација на Филипс дека Грците биле способни да направат големи жртви заради национален идеал.

Во секој случај грчката борба во 20-тите години на 19 век не би успеала доколку не постоело лобирањето од британските филхелени организирани во Лондонскиот комитет, кој вршел силен притисок врз британските власти да се вклучат во решавањето на грчкото прашање. За тоа придонело и стравот од руска доминација во востанатата Грција и загрозување на трговските интереси во Медитеранот и морските патишта кон Индија.

---

[126] Валтер Алисон Филипс (1864 - 1950) се образовал на Merchant Taylors School, потоа на Merton college Oxford и St.John college.

[127] Џејмс Ирвинг Манат (1845 - 1915) бил филхелен, американски научник и дипломат и патописец од 19 век. Во периодот кога ја пишува критиката на делото на Филипс, тој работел како професор по грчка историја на Универзитетот во Браун.

Ставот за целовитост на Османлиската Империја постепено се напуштал, тоа било став на владејачките ториевци во Лондон. Клучниот британски придонес во создавање на современата грчка држава е потпишувањето на Протоколот на Санкт Петербург од 1826 година, Лондонската конвенција од 1827 година, учество на британската флота во битката кај Наварино и Лондонскиот протокол од февруари од 1830 година.

За разлика од други балкански народи и нивниот пат на ослободување и државно конституирање, Грците имале неколку предности, како географската местоположба, интегрирањето во структурите на османлиската власт, иселенички заедници во европските центри каде што носеле политички одлучи кои ја засегале Европа. Како такви биле интересни за Велика Британија, која и во наредниот период ќе биде влијателна во Грција, во поглед на градење на државноста и интегрирање во Европа. Британската поддршка во создавање на грчката држава може да се разгледува на две нивоа преку учество на дипломатијата и военото присуство и преку лоби-групите од британски интелектуалци и поддржувачи кои од различни аспекти ја помагале Грчката војна за независност.

# Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ-АРХИВСКИ ДОКУМЕНТИ:

- Андонов-Полјански Христо, Британски документи за историјата на македонскиот народ, том I (1797-1839), Скопје, 1968.
- British and Foreign State Papers 1824-1825, compiled by the librarian and keeper of the papers, foreign office, London, 1846.
- Foresti lord Nelson, 3 october 1799. Foreign Office 348/2.

## ЛИТЕРАТУРА:

- Bagot Josceline, George Caninng and Friends, Strangford, letter to Canning Aug 1823.
- Baggally J.W, Ali Pasha and Great Britain, V. Hamilton to lord Hoksbery, 6 may 1803, London, 1936.
- Beaton Roderick and Ricks David, The Making of Modern Greece Nationalism, Romanticism, and the Uses of the Past (1797-1896), article by Suzanne Marchand „What the Greek model can, and cannot, do for the modern state: German perspective„ 2008.
- Bewer David, „The Greek War of Independence„, London: Overlook Duckworth, 2011
- Bitis Alexander, Russia and the Eastern Question- Army, Government, and Society 1815-1833, Oxford University Press, 2006.
- Blaquiere Edward , The Greek Revolution its origin and progress, London, 1825.
- Виноградов, В. Великабритания и Балканы от виенского конгреса до крымской войни, Москва, 1985.
- Clair St. William, Greece Might Still Be Free: The Phihellenes in the War of Independence, 2008.
- Codrington John Henry, The letters private and professional of sir Henry Codrington admiral od the fleet, 1880.
- Cowie W. Leonard & Robert Wolfson, Years of Nationalism, European History.1815-1890, London, 1985.
- Crawley C.W, „Anglo-Russian Relations 1815-1840„ Cambridge Historical Journal 3, 1929.

- Crawley C.W, The Question of Greek Independence A study of British Policy in the Near East, 1821- 1833. (Cambridge: University Press), 1930.
- Dakin Douglas, British and American Philhellenes in Greece During the War of Independence, 1821-1833, Thessaloniki, 1955.
- Droz Jasques, Europe Between Revolutions 1815-1848, 1977.
- Endorf Montgomery Andrew, British foreign policy under Canning, University of Cincinnati, Ohio, 2004.
- Fisher Alan W., The Russian Annexation of the Crimea 1772-1783, Cambridge, 1970.
- Gridley Howe Samuel, An historical sketch of the Greek revolution.
- Finlay George, History of the greek revolution, volume I, 1861.
- Гаврилов Борислав, Война и мир, Кризи, конлфликти и дипломация в Европа (1559-1918), Университетско издателство Св.Климент Охридски, София, 2016.
- Грънчаров Стойчо , Балканският свят, Идеи за държаввност, национализми и развития от началото на XIX век до края на Првата световна война, София, 2001.
- J.A. Levandis, The Greek Foreign Debt and the Great Powers 1821-1898, New York, 1944.
- Jelavich Charles, Jelavich Barbara, Esseys on the development of Balkan life and politics since the eighteenth century: Leften Stavrijanos, The influence of the West on the Balkans, 1963.
- Jelavich Charles and Barbara, The Establishment of the Balkan National States, 1804-1920, Washington, 1977.
- Јовановски Далибор, Балканот од 1826 до 1913 година, 2011.
- Јовановски Далибор, Грчката балканска политика и Македонија (1830-1881), Скопје, 2005.
- Kasdagli A.E., The papers of Thomas Gordon of Cairnes (1788-1841), Northern Scotland, 1994.
- Kissinger Henry, A World Restored: Metternih, Castlereagh and Problems of Peace 1812-1882.
- Miliori Margarita, Europe, the classical polis, and the Greek nation: Philhellenism and Hellenism in nineteenh-century Britain, 2016.
- Nikolaos Moshonas, The Jonian islands in period 1797-1821.
- P. Argenti, The Massacres of Chios, London, 1932.

- Petropoulos Jonathan, The renegeration of Hellas: Influences on the Greek war of Independence, Claremont Colleges, 2011.
- Prousis C. Theophilus, Russian Society and the Greek Revolution, Northern Illionis, University Prees, 1994.
- Rich Norman, Great Power Diplomacy 1814-1914, (New York: McGraw-Hill), 1992.
- Schroeder W.Paul, The Transformation of European Politics 1763-1848, 1994.
- Rich Norman, Great Power Diplomacy 1814-1914, New York: McGraw-Hill, 1992. Miller, W., The Ottoman Empire and its Succesors:1801-1927, London, 1966.
- Roessel David, In Byron's Shadow: Modern Greece in the English and American Imagination, 2001.
- Thirlwall Connop, History of Greece 1835-44, 1847.
- Виноградов, В.Н., Великобритания и Балканы от Виенского конгреса до Крымской войны, Москва, 1985.
- Waddington George, Visit to Greece 1823-1824, The second edition, London, 1825.
- Woodhouse Montaque Christopher, „The Untoward Event„: The Battle of Navarino 20 october 1827 in Balkan Society in the age ot' Greek Independence.
- Woodhouse Montaque Christopher, Navarino, 1965.

**ИНТЕРНЕТ-АРХИВИ:**

- eu.greekreporter.com
- hansard.parliament.uk
- Historyofengland.net
- ojs.lib.uom.gr/index.php/BalkanStudies